**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1180**

**Скопје, 15 ноември 2018 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**

**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________

_5.8. 2013_

Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѐ**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: bilten na UKIM@ukim.edu.mk.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1180 од 15 ноември 2018 година**


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација со наслов **Промени на планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последици врз системот на урбанистичкото планирање на просторот,** изработена од **м-р Жаклина Ангеловска,** пријавена на Архитектонскиот факултет во Скопје......8-14

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник од областа на математиката и информатиката на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Силвана Петрушева)**........................................15-32
2. Преглед на прифатени теми за изработтка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Дејан Нешковиќ, Илија Марков, Фросина Пановска, Биљана Стојановиќ, Никола Узунов, Евгенија Стојкоска, Зорка Кофилоска, Кристина Хаџиевска, Златко Соколовски)**....................................................................................33-34

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Марија Велковска, Беким Незири, Даниела Којчиноска, Татјана Калајџиева, Ангела Блажеска)**...................................................................................35-36
2. Преглед на промена на ментор на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Ратка Тодоровска Стоилковска, Весна Радески)**...............................................................................................................................37

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Системи за мониторинг во животната средина** од авторите **Дарко Бабунски** и **Зоран Марков,** пријавен на Машинскиот факултет во Скопје..........................................................................................................................38-48
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Радмила Колева, Јордан Јорданоски, Александра Шарановиќ, Дамир Лика, Маја Василевска)**...........................................................................................49

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на 1 лице во сите научни звања по предметите од научните области: анестезиологија, анестезиологија со реанимација и здравствена нега на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Биљана Ширгоска)**.......................................................................50-74
2. Реценнзија за оцена на докторската дисертација **Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија** од **д-р Илија Милев,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................................................................75-86

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијание на правната аргументација врз квалитетот на кривичните пресуди во Република Македонија** од **м-р Анета Арнаудовска,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.............87-91

## СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на научен работник во сите научни звања од научната област орална патологија и пародонтологија на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(н. сор. д-р Соња Миндова)**........................................................................................................92-104
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура** од **м-р Весна Јанкуловска,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје..............................105-113
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје **(д-р Маријана Мирческа)**..................................................................114


## ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ***


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Ѓурѓица Пешева, Зоран Стоилов)**.........................................................................................................................115


## ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фармакогенетски и фармакоекономски аспекти на современа терапија на карцином на дојка кај пациенти од Косово** од **м-р Селвете Шулета,** пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје........................................................................................................................116-126
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Аријета Шабани, Наташа Јовановска, Марија Станинова Стојовска)**..........................................................................................................................127
3. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Елена Бошковска, Адријана Ташевска, Биљана Маркоска, Лирим Мустафа, Елена Тодоровска Ковачевска)**..............................................................128-130
4. Преглед на прифатени теми за изработка на специјалистички труд на Фармацевтскиот факултет во Скопје **(Агон Хоти, Билјана Стефановска, Маја Гичева, Фросина Стоилковска, Кристина Костовска, Лидија Цифорова)**....................................131-133


## ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области: Средновековна историја, Национална историја на средниот век, Византологија и Архивистика и документација на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Тони Филипоски)**........................................................................................................................134-146
2. **Приговор** на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за следниве наставно-научни области: образование, дефектологија (семејство и инвалидноста, специјална едукација и семејства, семејство и пречки во развојот), на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1178 од 15.10.2018 година, поднесен од **д-р Весна Костиќ-Ивановиќ**...................................................................................................................147
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за следниве наставно-научни области: образование, дефектологија (семејство и инвалидноста, специјална едукација и семејства, семејство и пречки во развојот), на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1178 од 15.10.2018 година..........................................................................................................148-149
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Улогата и придонесот на цивилните способности на Европската Унија во остварувањето на европската безбедносна**

**стратегија,** поднесена од **м-р Тони Ѓуроски,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.......................................................................................................................150-154
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Методит на сликарството, нивниот развој и културното наследство на Косово,** од **м-р Влора Косуми,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје...........................................................................155-161
6. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(м-р Елизабета Куновска)**.........................................................................................162
7. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Сашо Марковски, Гордана Николовска, Розита Закева, Сања Богданоска, Игорче Дунимаглоски, Даниела Тасевска, Филип Јуртоски, Димитар Богески, Славица Марковска, Зана Хоџа, Јасмина Паметковска, Марија Наумова, Ивица Пејковски, Ана Гешовска, Андријана Томовска, Роберт Атанасовски, Оливера Димовска, Никола Ѓошев, Бојана Коџасинска)**........163-165

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) туркологија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Осман Емин)**............................................................................................................166-175
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) историја на книжевноста на германските народи на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(д-р Маријана Ѓорѓиева)**...............................................176-190

**ШУМАРСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Шумарскиот факултет во Скопје **(Благој Николов)**.......................................................................................................191

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во научното подрачје општествени науки, научното поле економски науки, наставно-научната област економски развој, на Економскиот институт во Скопје **(д-р Елизабета Џамбаска)**............................................................................192-215
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Тиана Филипоска, Љубиша Ангеловски, Мила Поповска, Горан Хиохи, Александра Стевковска)**........................................................................................216-217

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Теодора Јакимовска, Ридван Бислими, Катина Георгиева, Валентина Ивановска, Љубица Томиќ)**...................................218

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ПРОМЕНИ НА ПЛАНЕРСКАТА РЕГУЛАТИВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПО НЕЈЗИНОТО ОСАМОСТОЈУВАЊЕ И ПОСЛЕДИЦИ ВРЗ СИСТЕМОТ НА УРБАНИСТИЧКОТО ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЖАКЛИНА АНГЕЛОВСКА, ДИПЛ. ИНЖ. АРХ., ПРИЈАВЕНА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избрани сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Промени на планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последици врз системот на урбанистичкото планирање на просторот“ од кандидатката м-р Жаклина Ангеловска, дипл. инж. арх.

Докторската дисертација е одобрена за изработка врз основа на Извештајот од Комисијата за утврдување подобност на темата и кандидатот за научна работа, со Одлука на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје бр.08-6/25 од 28.3. 2012 година.

Согласно со Одлуката на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје бр.08-6/73 од 29.3.2018 година, Комисијата ја прегледа доставената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот е презентиран на вкупно 253 страници, од кои интегралниот текст на тезата опфаќа 239 страници, а библиографските единици, кои содржат 85 печатени единици, опфаќаат 5 страници. Дисертацијата е содржински структурирана во шест целини, и тоа: вовед, четири глави во кои е презентирана тезата и заклучок. Во првата глава со наслов „Историски преглед на системот на урбанистичкото законодавството и праксата пред 1991 година кај нас и во поширокиот регион“ се содржи историскиот преглед на системот на легислатива и планирање на просторот во периодот пред осамостојувањето на Република Македонија. Втората глава со наслов „Промени на урбанистичкото законодавството по 1991 година во независна Македонија“ ги обработува просторното и урбанистичкото планирање и законската регулатива во Република Македонија по стекнувањето на нејзината независност со детектирање и анализа на релевантните податоци за промените на Законот за просторно и урбанистичко планирање во овој период. Во третата глава со наслов „Анализа на системот на урбанистичкото законодавството и праксата во три референтни европски земји: Финска, Шведска и Естонија“се анализираат системите на просторно и урбанистичко планирање и контрола на просторниот развој во овие земји. Во четвртата глава со наслов „Анализа на темпото и природата на промените во законодавството “се презентираат резултатите од компаративната,

квантитативната и квалитативната анализа на овие аспекти и последици на менувањето на законодавството во земјава, а на крајот, во заклучокот, се сумираат резултатите на истражувањето и се споредуваат со целите и очекуваните резултати што беа поставени пред истражувањето.

Во воведот се врши идентификација на проблемот кој го истражува докторската дисертација произлезен од менувањето на легислативата во сферата на планирањето на просторот како последица на суштествените општествени промени и обидот за нејзино приспособување што резултира во неможност за остварување на основните уставни цели на системот на планирање на просторот изразени преку хуманизацијата и уредувањето на просторот и неговиот развој. Истражувањето цели да ги анализира промените во легислативата кои произведуваат контроверзни последици во системот на планирање, процесот на изработка и донесување на плановите и нивното спроведување. Основната теза на трудот е дека пречестото и неконзистентно менување на планерската легислатива доведува до парадоксални состојби на системот на планирање на просторот за кој е карактеристична пререгулација на законските акти и дерегулација во нивното спроведување, што како последица го има нерамномерниот просторен развој, ерозијата на стандардите за уредување и градење, корупцијата и други негативни тенденции.

Во првата глава, на 14 страници, даден е кус историски преглед на урбанистичкото законодавство во Југославија пред и по Втората светска војна како контекст во кој се случувале промените во просторот во Македонија, но и во републичкото законодавство во Македонија, како дел од поранешната федерација. Просторното и урбанистичкото планирање, како дел од самоуправното општествено планирање, според наводите во тезата, се темелеле на основните елементи на општествениот систем: општествена сопственост, самоуправување и здружување на работа и средства. Просторните, урбанистичките и деталните планови се остварувале по пат на општествен и самоуправен договор. Општиот интерес бил почетна основа за измена на постојните и воспоставување на нови односи во однос на просторот и земјиштето. Законодавството во областа на просторното и урбанистичко планирање во периодот по Втората светска војна до осамостојувањето на Република Македонија се дели на четири периоди кои кореспондираат со уставните промени во тој период. Урбанистичкото законодавство во СФРЈ се фокусирало на три основни законски теми: Закон за урбанистичко планирање, Закон за градежно земјиште и Закон за изградба на објекти, со тенденција да се создаде една законодавна целина. За време на југословенскиот период, немало еден државен-сојузен закон за регулирање на урбанистичкото планирање, туку постоеле поединечни закони во секоја република.

Планирањето било децентрализирано, републичките институции биле овластени за вршење на дејноста и сите планови биле произведени во урбанистички заводи формирани во секоја република. Овој систем на децентрализација бил на повисоко ниво во тоа време од поголемиот број развиени земји, но неговата примена делумно е ефектуирана. Законодавецот формирал огромен законски инструмент со парцијални закони и не ја послушал струката да донесе еден закон за урбанизам, во кој оваа материја би била опфатена во целост. Поради тоа, регулативната функција на урбанизмот која се остварува со закони и планови била редуцирана и

биле донесени само 1/3 од планираните потребни урбанистички планови за градови на територијата на Република Македонија.

Во втората глава, која опфаќа 135 страници, и го претставува главниот корпус на истражувањето, воспоставени се основните елементи на разгледување на законодавството во областа на урбанистичкото планирање во Македонија, нејзината просторна и административна организација која има влијание врз аспектите на планирање и уредување на просторот, како и поделбата на надлежностите помеѓу централната и локалната власт и регионалната поделба како аспект на планирањето на просторот. Најголемиот дел од оваа глава е посветен на прегледот и анализата на промените на законодавството во планирањето и урбанизмот во самостојна Македонија, следејќи ги клучните карактеристики и последици од легислативните промени во законите од 1991, 1996 и 2005 година и особено честите измени на овие закони кои беа една од основните карактеристики на легислативната рамка во која се оствaруваше процесот на планирање и уредување на просторот и причина за неговата постепена ерозија. Заради олеснето следење на промените, во текстот се поместени табеларни прикази на анализираните промени кои обезбедуваат јасен увид во карактерот на измените. Посебно внимание е посветено на Законот за просторно и урбанистичко планирање од 2015 година според кој и денес се реализира планирањето и уредувањето на просторот во државата, при што детално се разгледуваат аспектите на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови и последиците од честите и суштински измени кои се рефлектираат негативно врз процесот на планирање и врз состојбите во просторот. Посебен акцент во истражувањето е посветен на прашањата поврзани со поделбата на надлежностите преку кои се детектирани критичните точки во постојната легислатива и нејзиното спроведување.

Третата глава, која опфаќа 22 страници, ги опфаќа приказите на основните карактеристики и специфичностите во системите на планирање и уредување на просторот на три европски земји, Финска, Шведска и Естонија, како примери кои ќе послужат во подоцнежните фази на истражувањето како компаративна алатка при разгледување на системот на планирање и уредување на просторот во Македонија и реперкусиите од неговите промени. Анализата на системските решенија на урбанистичко планирање во трите европски земји служат за утврдување на ориентациски референтен систем втемелен од примери на држави од Европската Унија, од кои две процесот на планирање го практикуваат со законска регулатива во најдолг период во однос на останатите држави, и тоа на највисоко ниво на квалитет, што е евидентно и во начинот на организацијата и заштитата на просторот, а третата е избрана заради просторната големина која е споредлива со Македонија, како земја која е членка на Унијата од понов датум. Оваа компаративна анализа, односно референтните вредности што произлегуваат како резултат - како за фреквенцијата, така и за квалитативните својства – ќе послужат во завршната аналитичка глава во која се дадени табеларни и други дијаграмски прикази на процесите на аномизација на македонското планерско законодавство со контроверзниот процес на префреквентна пререгулација.

Во четвртата глава, која опфаќа 39 страници, е сконцентрирана анализата на темпото и природата на измените и дополнувањата на Законот за просторно и урбанистичко планирање, во која се поместени и сите резултантни прикази на

обемот, фреквенцијата, природата и целите на изменувањата и во која се изложени и јасните елементи на детериотизацијата на системот на планирање на просторот и контрола на неговиот развој. За таа цел, во доменот на квантитативната анализа, е анализирана фреквентноста на промените на законите и нивните измени и дополни, бројот на промени на членови во законите, споредба на бројот на зборови во Законот и вкупниот број на зборови на измени во Законот во периодот до донесување на новиот закон, како и анализа на промените по глави во законите со посебен фокус на планирање на просторот, спроведување на планови и казнените одредби. Согласно со високата динамика на промената на Законот која се одразува преку обемот и структурата, во квалитативната анализа преку хронолошка подреденост на законските измени, трудот се фокусира на партикуларните промени и нивните ефекти во однос на динамиката на донесување на планови, внесување нова структура на плански документи и формирање на паралелен систем со анализа на степенот на нарушување на супсидијарноста во планирањето и уредувањето на просторот од аспект на неговата надлежност, како и од аспект на енормното зголемување на казнените мерки како механизам за послушност, а не професионалност.

Квантитативната анализа во оваа глава дава јасна слика на енормната фреквентност на промените во Законот за просторно и урбанистичко планирање во анализираниот периодот помеѓу 1990 до 2016 година. Востановената практика во планирањето на просторот кажува дека за формирање на стабилен систем во планирањето едно законско решение би требало, според референтните компарации направени со европските земји, да покрие период од 20 години, додека нашата практика со 29 измени на три новодонесени закони во период од 26 години, укажува на комплетна целна дестабилизација и деградација на системот на урбанистичко планирање. Во овие измени се пропишани нови членови и направени се измени во дури 434 члена во периодот од 1990 до 2016 година, што како еквивалент на број на членови од Законот од 2005 година претставува обем од пет цели нови закони.

Завршната анализа покажува фрапантни податоци за последиците во системот на просторното и урбанистичкото планирање што произлегуваат од честото и партикуларистичко менување на Законот, со оглед на тоа што во периодот од 2005 до 2014 година се направени три промени на основниот закон, а законовдавецот изготвил три пречистени текста на Законот. Како непосредна последица од овие промени произлегла законската обврска, општинските власти да донесат нови генерални и детални урбанистички планови кои би биле усогласени со законските промени. Во дадениот период се донесени вкупно 1117 планови, од кои 40 се генерални урбанистички планови, а 1077 се детални урбанистички планови и урбанистички планови за воннаселено место, за целата територија на државата. Пропишаната законска обврска е за делови од градските населби да има детални урбанистички планови кои се донесуваат на секои 5 години, а секоја градска општина и градот Скопје да имаат донесено генерален урбанистички план кој се донесува на секои 10 години, односно тоа се временските рамки на валидност на тие документи со кои се пропишува начинот на изградба и развој на подрачјето.

Доколку на ова се додаде потребата од измена и дополнување на плановите само во однос на трите пречистени текста во анализираниот период 2006-2015, тогаш вкупниот број на потребни нови планови што би требало да бидат донесени би бил 5592, од што произлегува дека постојните донесени во однос на потребниот број нови донесени планови е само 20 %. Заклучок на тезата е дека ваквите чести и обемни промени на законите го дестабилизираат системот на планирање и просторниот развој, зашто тие креираат хаотичност во следењето и имплементацијата на плановите, како и општа дерегулација на развојот на просторот.

Во заклучокот на трудот, презентиран на 5 страници, направен е сумарен преглед на прикажаните истражувања во претходните глави на трудот, особено од аспект токму на крајните последици што промените ги предизвикаа во системот на планирањето, во процесот на изработка и донесување на плановите и нивното спроведување во просторот. Оваа недоволно обработена материја во нашата земја во докторската теза е детално документирана и систематизирана, од аспект на структурата и природата на промените. Особено е потенцирана целта на трудот и аспектите на нејзиното успешно остварување во воспоставувањето на научен и рационален увид кој ќе овозможи референтна основа врз којашто може да се проценува за тоа која фреквенција на менување на просторно-планерската регулатива може да се смета за плаузибилна, односно која стратегија и природа на промените генерира употребливо и посакувано законодавство.

Во трудот се заклучува дека во системот на планирање, новонастанатите општествени промени во Република Македонија во периодот по осамостојувањето доведоа до пречести промени во квантитативна смисла, а преобемни, неконзистентни, партикуларни и дури криминални промени, според нивниот квалитет.

Овие промени наместо да ја подобрат состојбата во планирањето и развојот на просторот, негативно влијаел на воспоставената практика во урбанистичкото планирање. Оваа негативна појава на аномија и демонтирање на системот на просторното и урбанистичкото планирање особено е нагласена во последните 12 години, во кои се случија дури 20 промени на Законот, со што темпото, обемот и природата на промените излегуваат од сите рамки и е неможно да се воспостави корелација со ниту еден референтен систем на планирање. Несоодветното темпо, природата и структурата на промените во регулативата најмногу влијаел на квалитетот, процесот на изработка, донесување и спроведување на урбанистичките планови, а со тоа и на остварувањето на основните уставни цели на системот, планирање на просторот - уредувањето и хуманизацијата на просторот и неговиот развој. Согласно со високата динамика на промената на Законот која се одразува преку обемот и структурата, се врши влијание врз видот и темпото на изработка на планската документација со вметнување на нови плански документации со кои се модифицираат надлежностите во урбанизмот од државната власт врз локалната самоуправа, со зголемување на број на согласности и мислења од државни

институции, како и ригорозно зголемување на казнените мерки како контролен и застрашувачки систем за спроведување на законодавната политика.

Овие резултати од докторската теза се од голема важност за урбанистичката дисциплина, зашто анализата на промените во урбанистичката регулатива во РМ по осамостојувањето, што е изведена во трудот, практично ги утврдува критичните точки на расчекор помеѓу уставно утврдената поделба на надлежности во областа на планирањето и уредувањето на просторот помеѓу централната и локалната власт, кои овозможија создавање на неуставен упад на централната власт во прашањата од областа на урбаното планирање, што се уставна надлежност на локалната самоуправа. Во истражувањето се утврдени и причините за дерогацијата на супсидијарноста во децентрализацијата на урбанизмот и просторното планирање, како нарушување на уставната поделба на надлежностите на власта, што ги врши централната власт преку интервенциите во законската регулатива. Овие аспекти на промените во планерското законодавство се највредниот придонес на докторската теза на кандидатката м-р Жаклина Ангеловска.

## ЗАКЛУЧОК

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Промени на планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последици врз системот на урбанистичкото планирање на просторот“ од кандидатката м-р Жаклина Ангеловска, дипл. инж. арх., е на становиште дека предадената докторска дисертација недвосмислено укажува на квалитетите и знаењата на кандидатката во обработката и анализата на предметната материја од областа на планирањето и уредувањето на просторот, и дека дисертацијата претставува научно - истражувачки труд со вреден научен придонес во урбанистичката научна дисциплина, особено во нејзиниот послабо истражуван, но исклучително важен нормативен дел.

Согласно со оваа позитивна оценка на докторскиот труд, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација со наслов „Промени на планерската регулатива во Република Македонија по нејзиното осамостојување и последици врз системот на урбанистичкото планирање на просторот“ од кандидатката м-р Жаклина Ангеловска, дипл. инж. арх., му предлага на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет, согласно со Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии објавен во Универзитетски гласник бр 7/2001, да го прифати извештајот за успешно изработената докторската дисертација и да определи датум за нејзината јавна одбрана.

**Комисија**

Проф. д-р Влатко П. Коробар, претседател с.р

Проф. д-р Владимир Арсовски, член с.р.

Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член с.р

Проф. д-р Страхиња Трпевски, член с.р

Проф. д-р Мирослав Грчев, ментор/ член с.р

*Р Е Ф Е Р А Т*

*ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА МАТЕМАТИКАТА И ИНФОРМАТИКАТА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

***Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 468. седница одржана на 27.IX 2018 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на математиката и информатиката, а врз основа на конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Лајме“ на 18. IX 2018 година.***

***По извршениот преглед на приложената документација, констатирано е дека на конкурсот се пријави д-р Силвана Петрушева, досегашен вонреден професор на Катедрата за математика и информатика на Градежниот факултет при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Врз основа на приложената документација и личното познавање на кандидатката, го поднесуваме следниов***

*ИЗВЕШТАЈ*

1. *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

***Кандидатката Силвана Петрушева е родена на 16.1.1961 година во Кавадарци. Основно и средно образование има завршено во Штип со одличен успех. Во основно и средно училиште има учествувано на општински и републички натпревари по астономија (основно) и физика (средно) и има добиено републички награди од овие области. Во средно училиште има учествувано на неколку летни школи по физика во Охрид.***

***Во 1979 година е запишана на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, на насоката математика-информатика, а дипломската работа од областа на компјутерската графика е одбранета 1985 година, со што се стекнува со звањето дипломиран математичар-информатичар. Просечната оценка на студиите е 8,7.***

***Од 1.9.1984 до 31.8.1986 година работела како професор по математика и информатика во училиштето за средно образование, гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип.***

***На Градежниот факултет при УКИМ во Скопје е вработена на 1.9.1986 год. како помлад асистент за предметите: Математика, Математика 1 и Математика 2.***

***Неколку години има учествувано во Комисијата за спроведување на натпревари по математика за основните и средните училишта.***

*Во 1986 година се запишала на постдипломските студии на Математичкиот факултет при Универзитетот во Белград, на насоката информатика, од областа вештачка интелигенција, а во 1994 година ги завршила студиите со просечна оценка 9,2 со одбрана на магистерскиот труд* Сегментација со помош на региони и развој на софтвер за издвојување облици од сложена сцена *(на српски), и се стекнала со звањето магистер по математички науки. Во трудот е изработен софтвер за препознавање на печатни букви и читање на ракописно напишани зборови.*

*Во 1995 е избрана, а 1998 и 2001 е реизбрана за асистент по предметите Математика, Математика 1 и Математика 2 на Градежниот факултет при УКИМ.*

*Темата од областа вештачка интелигенција –* Невродинамичко програмирање и последично водени ситеми, *за изработка на докторска дисертација, е пријавена на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје во 2001 година. Со одбраната на дисертацијата во 2008 година, се стекнала со звањето доктор по информатички науки.*

*Во дисертацијата се извршени истражувања на постојни алгоритми и предложени се нови алгоритми за решавање на проблемот на најкраток пат во околина со* $n$ *состојби од кои некои се непожелни и треба да се избегнат. Проблемот е решен со агентна архитектура - координатна адаптивна мрежа (Neural Network Crossbar Adaptive Array – NN CAA), која имплементира емоционално учење. Брзината на конвергенцијата на истражените алгоритми е докажана со теореми за комплексност на алгоритми.*

*Рефератот за избор за доцент е објавен во Билтенот број 963 од 30 април 2009 година, а изборот за доцент во мај 2009 година.*

*Во март 2014 година, кандидатката е избрана за вонреден професор, а рефератот за избор е објавен во Билтен број 1071 од 17 февруари 2014 година.*

*Од 2009 до 2015 година е раководител на Катедрата за математика на Градежниот факултет.*

*Научната работа од изборот за вонреден професор до сега е насочена кон примената на методите на вештачката интелигенција, поточно мекото пресметување (soft computing) (невронските мрежи и потпорните векторски машини), во градежништвото.*

*Во Анексот 2 приложен кон овој реферат е прикажано бодирањето на соодветните активности од наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност од изборот за вонреден професор до сега, а подолу овие активности се подетално опишани.*

***Средната оценка од анкетните листови за одржување на наставата од изборот за вонреден професор до сега е 9,1.***

2. *НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ*

***Од изборот во звањето вонреден професор до сега, кандидатката на првиот циклус студии има одржувано настава по следниве задолжителни предмети на Градежниот факултет: Математика 1 (4+4), Математика (4+4), Математика 2 (3+3) и еден семестар Математика 2 (4+4) и изборни: Веројатност и статистика (1+1), и Математика 3(2+2), а на Природно-математичкиот факултет го држи задолжителниот предмет Компјутерска графика.***

***На вториот циклус студии на Градежниот факултет од изборот во звањето вонреден професор до сега ги има одржувано предавањата и вежбите по предметите: Одбрани поглавја по математика (4+4) и Математика 2 (3+3).***

***На третиот циклус студии во 2017 година е ментор по предметот Одбрани поглавја од математика (2+2).***

***За потребите на наставата по предметот Математика 1 и Математика на Градежниот факултет во 2016 година е издаден учебникот*** **Математика, дел 1 (детерминанти, вектори, аналитичка геометрија во простор и матрици)** ***од авторите: Силвана Петрушева, Ѓорѓи Маркоски и Даниел Велинов, кој е позитивно рецензиран од тројцата рецензенти. Овој учебник е издаден во печатена верзија.***

***Како продолжение на првиот учебник, во 2018 година е подготвен учебникот*** **Математика, дел 2 (множества, низи, функции, диференцијално и интегрално сметање)** ***од авторите: Даниел Велинов, Ѓорѓи Маркоски и Силвана Петрушева, кој е позитивно рецензиран од тројцата рецензенти и на Наставно-научниот совет е донесена одлука за негово издавање во електронска верзија на сајтот на УКИМ.***

***Во 2015 година била член на комисиите за преглед и одбрана на следниве магистерски трудови:***

1. **Интелигентно подобрување на на енергетската ефикасност на објектите,** ***од кандидатката Елена Ефтоска.***
2. **Унапредување на оперативните правила со прочистителна станица врз основа на работното искуство во експлоатација,** ***од кандидатот Габриела Ивановска.***

***Во 2015 година била член на рецензентските комисии за преглед на двата ракописа од авторот, колегата доц. д-р Зоран Мисајлески:***

1. ***Решени задачи по векторска и линеарна алгебра***
2. ***Решени задачи по диференцијално и интегрално сметање (на функции со една променлива).***

*Во Анексот 2 приложен кон овој Реферат е даден прегледот на соодветните бодови за наставно-научната дејност.*

3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

*Научноистражувачката дејност од изборот за вонреден професор до сега е фокусирана на примената на методите на мекото пресметување ( soft computing) - невронските мрежи и потпорните векторски машини во градежништвото.*

*Следува краток преглед на објавените трудови во списанија и во зборници од меѓународни конференции:*

*1.Aleksandar Petrovski, Silvana Petruseva, Zileska Pancovska Valentina: "Multiple Linear Regression model for predicting bidding price ", TTEM Journal (Technics, Technilogies Education Menagement ) Vol 19, No. 3, pp. 386-393, 2015.*

*Во овој труд е презентирана примената на моделот на повеќекратната линеарна регресија за предвидување на цена на тендер. Моделот може да послужи за одлучување за цената на тендерот за време на интензивниот процес на тендерирање.*

*2.S. Petrusheva, Phill Sherrod, Valentina Zileska and Aleksandar Petrovski:" Predicting Bidding Price in Construction using Support Vector Machine ", Tem Journal (Thomson Reuters) , Vol.5, No.2, 2016.*

*Овој труд, во кој е презентиран модел за предвидување на цена на тендери користејќи го моделот на потпорната векторска машина, е во коавторство со авторот на софтверот DTREG кој го користиме за прогнозно моделирање, Фил Шерод од САД, кој даде многу корисни забелешки и предлози за трудот. Средната апсолутна грешка на предвидувањто на моделот е само 2,5 %.*

*3.Valentina Zileska, Silvana Petruseva, Aleksandar Petrovski: "Predicting Sustainability assessment at early facilities design phase", Facilities (Thomson Reuters, Scopus IF:0.421), (UK) Vol 35 , No 5/6, 2017, pp. 335-355.*

*Овој труд презентира модел за предвидување на одржливоста на проектот за градба, користејќи 27 фактори кои влијат на одржливоста. Користена е генералната регресиона невронска мрежа со која е добиен модел за предвидување со грешка од 2,58 %. Користен е софтверот DTREG, кој го дава и редоследот на највлијателните фактори кои придонесуваа за одржливоста.*

*4. Valentina Žileska Pančovska, Silvana Petruševa, Biljana Blaževska Stoilkovska: Facilities documentation assessment by construction site managers, Proceedings of CIRRE-1st Conference of Interdisciplinary Research on Real Estate, 15-16 sep. Ljubljana, Slovenia, 2016, pp. 158-166.*

***Овој труд е селектиран во избраните трудови од конференцијата и е издаден во Монографија за интердисциплинарни истражувања за недвижности од Институтот за недвижности од Љубљана (од 37 до 45 стр.).***

***Во овој труд е презентиран модел за предвидување на проценката за комплетноста и точноста на документацијата за проектот за градба од страна на учесниците во проектот, кои ги имаа идентификувано најважните фактори за документацијата во проектите за градба. Користена е општата регресиона невронска мрежа за изградба на моделот за предвидување.***

***5.Silvana Petruseva, Diana Car Pusic,Valentina Zileska Pancovska: Model for Predicting Construction Time by Using General Regression Neural Network, People Buildings and Environment, International Scientific Conference (PBE 2016), 29th September – 1st October 2016, Luhačovice, Czech Republic, Book of Abstracts, pp.31, Version with full text papers ISSN: 1805-6784.***

***Во овој труд е предложен модел за предвидување на времето на градба со помош на генералната регресиона невронска мрежа, користејќи податоци за 70 објекти. Точноста на предвидувањето со овој модел е околу 98 %.***

***6. Zujo, V., Zileska Pancovska, V., Pertuseva, S., Petrovski, A.: Construction Managers' Perception for Sustainable Construction Contributing Factors: Analysis using Support Vector Machine, Tem Journal (Web of Science), Vol 6, No. 2, 2017.***

***Во овој труд се презентирани два модела за предвидување на факторите за одржливоста на проектите за градба и проценка на познавањето на факторите кои влијаат за одржливоста на проектите за градба од страна на проектантите. Едниот модел е изграден врз база на податоците собрани од анкети спроведени во Македонија, а другиот модел ги користи податоците од анкетите спроведени во Босна и Херцеговина. Моделот ја користи потпорната векторска машина за предвидување од софтверот DTREG.***

***7. Silvana Petruseva, Valentina Zileska-Pancovska, Vahida Žujo, Aida Brkan-Vejzović: Construction costs forecasting: comparison of the accuracy of linear regression and support vector machine models, Techical Gazette (Web of science, IF=0,686), Vol 24, No.5, 2017 , ISSN 1330-3651 , online: ISSN 1848-6339).***

***Во овој труд се споредени два модела за предвидување на цената на градба, изградени со помош на линеарната регресија и потпорната векторска машина и резултатите се споредени. Средната апсолутна грешка на моделот со линеарна регерсија е 4,79 % а на моделот со потпорната векторска машина е 0,3 %.***

***8. Valentina Zileska-Pancovka, Silvana Petruseva: Estimation of facilities construction cost using radial basis function neural network, Proceedings of CIRRE-2nd Conference of Interdisciplinary Research on Real Estate, 21-22 sep., 2017, Cartagena, Spain, pp.88-98.***

***Во овој труд е предложен хибриден модел за предвидување на цената на градба на објекти, користејќи комбинација од два модела: прецесно-***

*базираниот модел на Бромилов и податочно базираниот модел кој ја користи невронската мрежа базирана на радијални функции. Добиен е модел со средна апсолутна грешка на предвидувањето од 0,639 %.*

*9. Петровски Александар, Валентина Жилеска-Панчовска, Силвана Петрушева: Одржлив проектен менаџмент - влијателни фактори за одржлив проектен менаџмент кај идејни проекти за станбени згради, Пресинг – списание на Комората на овластени архитекти и инженери на Р. Македонија, Год VIII, бр.38, 2, 2018, стр. 30-35, ISSN-1857-7 44X.*

*Во овој труд се презентирани основните фази, активности и методи за оценката на одржливоста на процесот со управување со идејни проекти за станбени згради. Посочени се основните методи за проценка и презентиран е модел за проценка со помош на невронска мрежа (општата регресиона невронска мрежа), со помош на која се издвоени најглавните 6 фактори кои влијаат на проценката за одржливоста на проектот.*

*10. Valentina Zileska, Silvana Petruseva, Todorka Samardzioska: Buildings' energy onsumption forecasting – a model based on genereal regression neural network, CIRRE 2018 Conference in Groningen – Netherlands sept 20-21, (прифатен за објавување во Зборникот трудови).*

*Во овој труд е предложен модел за предвидување на потрошувачката на енергија кај објектите, користејќи ја генералната регресиона невронска мрежа, користејќи податоци за 55 објекти изградени во Македонија. Добиен е модел со апсолутна грешка на предвидувањето од 3,12 %. Ваков модел е корисна алатка за учесниците во проектот и е поддршка во процесот на дизајнирање на објектот.*

*11. S. Petrusheva, D. Car-Pusis, V. Zileska-Pancovska: Support Vector Machine based hybrid model for prediction of road structures construction costs, PBE 2018 Conference (sept 2018, Brno, Czech Republic)(прифатен за објавување во Зборникот трудови).*

*Овој труд презентира хибриден модел за предвидување на цена на изградба на патишта, кој имплементира процесно базиран модел и податочно базиран модел (невронска мрежа). Моделот користи 49 податоци од изградени патишта во Хрватска од 1995 до 2002 година. Добиениот хибриден модел е со средна апсолутна процентуална грешка од 1,01 %.*

*На 12 септ. 2018 година, до Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје е поднесен предлог-проект со наслов* **Примена на методите на мекото пресметување за предвидување на потрошувачката на енергијата кај градбите,** *во траење од две години. Предлог-проектот е прифатен на седницата на Натставно-научниот совет одржан на 15 септември 2018. Подносители – истражувачи на проектот се: вонр. проф. д-р Силвана Петрушева – главен истражувач, проф. д-р Тодорка Самарџиоска (редовен професор на Градежниот факултет) и проф. д-р Валентина Жилеска-Панчовска (редовен професор на Градежниот*

***факултет). Вклучени се двајца студенти на втор циклус чија магистерска тема е од оваа област на истражување.***

***Во проектот ќе бидат развиени неколку модели за предвидување на потрошувачката на енергија кај градбите со примена на методите на мекото пресметување, главно невронските мрежи и потпорните векторски машини. Ќе се направи обид и за развивање на хибридни модели кои комбинираат процесно и податочно базирани модели.***

***Во Анексот 2 приложен кон овој Реферат е даден прегледот на соодветните бодови за научноистражувачката дејност.***

4. *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ*

***Во периодот од изборот во звањето вонреден професор до сега кандидатката има рецензирано 2 труда на барање од уредниците на две списанија. Тоа се трудовите:***

1. ***"Drawbead design using an improved equivalent drawbead model and PSO-BP neural network" (2014)***

***на барање од уредникот на списанието Journal of Intelligent Manufacturing – Springer (JIMS)***

2. ***"A hybrid method for improved stability prediction in construction projects: a case study of stope hangingwall stability" (2018)***

***на барање од уредникот на списанието Applied Soft Computing.***

***Исто така, кандидатката била член на Комисијата за реакредитација на студиската програма за трет циклус (за подготовка на елаборатот за студиската програма за трет циклус).***

*ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС*

***Кандидатката е раководител на Катедрата за математика од изборот за вонреден професор до сега ( ½ мандат), а раководител на оддел 1/6 мандат. Исто така, во овој период била и член на Комисијата за прослава на 65 - годишнината на Градежниот факултет (за изработка на монографија).***

***Член на комисија за избор во звања била во 2014 година за избор во звањето доцент на колегата д-р Зоран Мисајлески, а истата година и за избор во звањето доцент на колегата д-р Даниел Велинов.***

***На 12 септември е изготвен и пријавен до ННС на Градежниот факултет предлог-проект со наслов „Примена на методите на мекото***

***пресметување за предвидување на потрошувачката на енергијата кај градбите", кој е прифатен од ННС, на 15 септ 2018.***

***Во Анексот 2 приложен кон овој Реферат е даден прегледот на соодветните бодови за стручно-апликативната дејност.***

*ЗАКЛУЧОК*

***Врз основа на претходно изнесените активности за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, може да се заклучи дека д-р Силвана Петрушева, вонреден професор на Градежниот факултет во Скопје, е афирмиран наставно-образовен и научно-стручен работник за областа за која конкурира.***

***Од изборот за вонреден професор до денес, д-р Силвана Петрушева активно учествува во реализацијата на наставата од прв, втор и трет циклус студии како на Градежниот факултет, така и на прв циклус на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, притоа воспоставувајќи со студентите близок и професионален однос - подготвувајќи им материјали - учебници во дигитална и печатена форма, како и одржување на консултации за полесно совладување на содржините. Покрај тоа, во изминатиот период кандидатката објавила научни трудови во странски списанија, и учествувала на меѓународни конференции од областа.***

***Врз основа на севкупниот ангажман кој ги задоволува критериумите дадени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, и од личното познавање на кандидатката, Комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, кандидатката д-р Силвана Петрушева да биде избрана во звањето редовен професор од областа математика и информатика.***

*Рецензентска комисија*

***1. Д-р Стево Божиновски, редовен професор, с.р.***

***Државен универзитет на Јужна Каролина, САД***

***2.Д-р Слободанка Георгиевска, редовен професор во пензија, с.р.***

***Градежен факултет, Скопје, Република Македонија***

***3.Д-р Велентина Жилеска-Панчовска, редовен професор, с.р.***

***Градежен факултет, Скопје, Република Македонија***

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Силвана Ванчо Петрушева**
______________________________________________

(име, татково име и презиме)

**Институција: Градежен факултет - Скопје**
______________________________________________

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: математика, информатика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста :** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **летен семестар**<br>**учебна 2013/2014** | |
| | (I циклус) (предавања) | |
| 1 | Математика 2 (4+4) (летен) | **2,4**<br>15*4*0,04=2,4 |
| 2 | консултации (2014-летен) | **0,306**<br>153*0,002=0,306 |
| | **учебна 2014/2015** | |
| | (I циклус ) | |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Математика 1 (4+4) (зимски)<br>2 групи | **4,8**<br>(2*4*15*0,04=4,8) |
| 4 | Математика 3 (2+2) (зимски) | **1,2**<br>2*15*0,04=1,2 |
| 5 | Веројатност и статистика (1+1) | **1,05**<br>(15*0,04+15*0,03=1,05) |
| 6 | Математика 2 (3+3) (летен) | **1,8**<br>(3*15*0,04=1,8) |
| 7 | Компјутерска графика (2+2) | **1,2**<br>(2*15*0,04=1,2) |
| | (II циклус ) (предавања и вежби) | |
| 8 | Математика 2 (3+3) | **3,6**<br>(3*15*0,05+3*15*0,03=3,6) |
| 9 | консултации (2014 - зимски) | **0,568**<br>(252+6+1+23+2)*0,002=0,568 |
| 10 | консултации (2015 - летен) | **0,118**<br>59*0,002=0,118 |
| | **учебна 2015/2016** | |
| | (I циклус ) | |
| 11 | Математика 1(4+4) 1 група (зимски) | **2,4**<br>(4*15*0,04=2,4) |
| 12 | Математика 3 (2+2) (зимски) | **1,2**<br>(2*15*0,04=1,2) |
| 13 | Компјутерска графика (2+2) (зимски) | **1,2**<br>(2*15*0,04=1,2) |
| 14 | Математика 2 (3+3) (летен ) | **1,8**<br>15*3*0,04=1,8 |
| 15 | консултации (2015 - зимски) | **0,308**<br>(149+1+4)*0,002=0,308 |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | консултации (2016 - летен) | **0,104**<br>52*0,002=0,104 |
| | **учебна 2016/2017** | |
| | (I циклус ) | |
| 17 | Математика 1(4+4) 1 група (зимски) | **2,4**<br>4*15*0,04=2,4 |
| 18 | Компјутерска графика (2+2) (зимски) | **1,2**<br>15*2*0,04=1,2 |
| 19 | Веројатност и статистика (1+1) (зимски)<br>(предавања и вежби) | **1,05**<br>15*0,04+15*0,03=1,05 |
| | | |
| | (II циклус ) | |
| 20 | Математика 2 (3+3) (зимски)<br>(предавања и вежби) | **3,6**<br>15*3*0.05+15*3*0,03=2,25+1,35=3,6 |
| 21 | консултации (2016 - зимски) | **0,254**<br>(90+1+7+29)*0,002=0,254 |
| | | |
| | III циклус (предавања и вежби) | |
| 22 | Одбрани поглавја од математика (2+2) за трет циклус | **2,7**<br>30*0,06+30*0,03=1,8+0,9=2,7 |
| | **учебна 2017/18** | |
| | (I циклус ) | |
| 23 | Математика (4+4) 2 групи (зимски) | **4,8**<br>(15*4*0,04*2=4,8) |
| 24 | Компјутерска графика (2+2) (зимски) | **1,2**<br>(15*2*0,04=1,2) |
| | (II циклус ) (предавања и вежби) | |
| 25 | Одбрани поглавја од математика (4+4) (зимски) | **4,8** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4*15*0,05+4*15*0,03=3+1,8=4,8 |
| | | |
| 26 | консултации (2017 - зимски) | **0,43**<br>(159+2+53)*0,002=0,43 |
| | **подготовка на нови предмети** | |
| 27 | одбрани поглавја од математика (за докторски студии) (предавања и вежби) | **1,5**<br>1+0,5=1,5 |
| | **рецензии, член на комисии за магистерски** | |
| 28 | Рецензија на универзитетски учебник: автор - Зоран Мисајлески: Решени задачи по векторска и линеарна алгебра, 2015 | **1** |
| 29 | Рецензија на универзитетски учебник: автор – Зоран Мисајлески: Решени задачи по диференцијално и интегрално сметање (на функции од една променлива), 2015. | **1** |
| 30 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа:<br>*Интелигентно подобрување на енергетската ефикасност на објектите*, од кандидатката Елена Ефтоска, 2015 | **0,3** |
| 31 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа:<br>*Унапредување на оперативните правила со прочистителна станица врз основа на работното искуство во експлоатација,* од кандидатката Габриела Ивановска, 2015 | **0,3** |
| 32 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (во печатена верзија): Силвана Петрушева, Ѓорѓи Маркоски, Даниел Велинов: Математика, дел 1 (детерминанти, | **6** |

| | | |
|---|---|---|
| | вектори, аналитичка геометрија во простор, матрици), Универзи-тет „Св. Кирил и Методиј“, Градежен факултет- Скопје, 2016<br><br>(за предметите Математика 1 и Математика на Градежен факул-тет) | |
| 33 | Позитивно рецензиран универзи-тетски учебник: Ѓорѓи Маркоски, Даниел Велинов, Силвана Петру-шева: Математика, дел 2 (множес-тва, низи, функции, диференци-јално и интегрално сметање), Универзитет „Св. Кирил и Мето-диј“, Градежен факултет - Скопје, 2018<br><br>(за предметите Математика 1 и Математика на Градежен факул-тет) | **6** |
| | **Вкупно** | **62,588** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Aleksandar Petrovski, Silvana Petruseva, Zileska Pancovska Valentina: “Multiple Linear Regression model for predicting bidding price “, TTEM Journal (Technics, Technilogies Education Menagement ) *Vol 19, No. 3, pp. 386-393, 2015* | **4,8**<br><br>6*80/100=4,8 |
| 2 | S. Petrusheva, Phill Sherrod, Valentina Zileska and Aleksandar Petrovski:“ Predicting Bidding Price in Construction using Support Vector Machine “, Tem Journal (Thomson Reuters) , Vol.5, No.2, 2016 | **3,6**<br><br>(6*60/100)=3.6 |
| 3 | Valentina Zileska, Silvana Petruseva, Aleksandar Petrovski: "Predicting | **5,202** |

| | | |
|---|---|---|
| | Sustainability assessment at early facilities design phase", Facilities (Thomson Reuters, Scopus IF:0.503), (UK) Vol 35 , No 5/6, 2017, pp. 335-355 | (6+0.503)(80/100)=5.202 |
| 4 | ***Valentina Žileska Pančovska, Silvana Petruševa, Biljana Blaževska Stoilkovska: Facilities documentation assessment by construction site managers, Proceedings of CIRRE-1st Conference of Interdisciplinary Research on Real Estate, 15-16 sep. Ljubljana, Slovenia, 2016, pp. 158-166***<br><br>***Исто така е објавен во монографијата на избрани трудови од конференцијата.*** | **4,8**<br><br>6*80/100=4,8<br><br>(дел од монографија објавен во странство) |
| 5 | Silvana Petruseva, Diana Car Pusic,Valentina Zileska Pancovska: Model for Predicting Construction Time by Using General Regression Neural Network, People Buildings and Environment, International Scientific Conference (PBE 2016), 29th September – 1st October 2016, Luhačovice, Czech Republic, Book of Abstracts, pp.31, Version with full text papers ISSN: 1805-6784 | **2,4**<br><br>3*80/100=2,4 |
| 6 | Zujo, V., Zileska Pancovska, V., Pertuseva, S., Petrovski, A.: Construction Managers' Perception for Sustainable Construction Contributing Factors: Analysis using Support Vector Machine, Tem Journal (Web of Science), Vol 6, No. 2, 2017 | **3,6**<br><br>6*60/100=3,6 |
| 7 | Silvana Petruseva, Valentina Zileska-Pancovska, Vahida Žujo, Aida Brkan-Vejzović: Construction costs forecasting: comparison of the accuracy of linear regression and support vector machine models, Techical Gazette (Web of science , IF=0,686), Vol 24, No.5, 2017 , ISSN 1330-3651 , online: ISSN 1848-6339) | **4,012**<br><br>(6+0,686)60/100=4.012 |
| 8 | Valentina Zileska-Pancovka , Silvana Petruseva: Estimation of facilities construction cost using radial basis function neural network, Proceedings | **2,7** |

| | | |
|---|---|---|
| | of CIRRE-2nd Conference of Interdisciplinary Research on Real Estate, 21-22 sep., 2017, Cartagena, Spain, pp.88-98 | 3*90/100 |
| 9 | Петровски Александар, Валентина Жилеска-Панчовска, Силвана Петрушева: Одржлив проектен менаџмент - влијателни фактори за одржлив проектен менаџмент кај идејни проекти за станбени згради, Пресинг – списание на Комората на овластени архитекти и инженери на Р Македонија, Год. VIII, бр.38, 2, 2018, стр. 30-35, ISSN-1857-7 44X | **1,6**<br><br>2*80/100=1,6 |
| 10 | Valentina Zileska, Silvana Petruseva, Todorka Samardzioska: Buildings' energy onsumption forecasting – a model based on genereal regression neural network, CIRRE 2018 Conference in Groningen – Netherlands sept 20-21 (прифатен за објавување во Зборникот трудови) | **2,4**<br><br>3*80/100=2,4 |
| 11 | S. Petrusheva, D. Car-Pusic, V. Zileska-Pancovska: Support Vector Machine based hybrid model for prediction of road structures construction costs, PBE 2018 Conference , (sept 2018 , Brno, Czech Republic)(прифатен за објавување во Зборникот трудови) | **2,4**<br><br>3*80/100=2,4 |
| 12 | Раководител на национален научен проект | **6** |
| | **Вкупно** | **43,514** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Рецензија на труд: “Drawbead design using an improved equivalent drawbead model and PSO-BP neural network”*(2014)*<br><br>на барање од уредникот на списанието Journal of Intelligent Manufacturing –Springer (JIMS) | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Рецензија на труд: “A hybrid method for improved stability prediction in construction projects: a case study of stope hangingwall stability” (2018)<br><br>на барање од уредникот на списанието Applied Soft Computing | **1** |
| 3 | Комисија за подготовка на елаборат за реакредитација на студиска програма за трет циклус ( подготовка на елаборат за студиска програма за докторски студии) | **1** |
| | **Вкупно:** | **3** |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 4 | Раководител на Катедра ( 1/2 мандат) | **1.5**<br>(3*0.5=1.5) |
| 5 | Раководител на оддел ( 1/6 мандат) | **0.5**<br>(3/6=0.5) |
| 6 | Член на Комисија за прослава на 65 год. Градежен факултет (монографија) | **0,5** |
| 7 | Член на Комисија за избор во звање (2014) (доц. д-р Даниел Велинов) | **0,2** |
| 8 | Член на Комисија за избор во звање (2014) (доц. д-р Зоран Мисајлески) | **0,2** |
| 9 | Изготвување и пријавување научен национален проект (носител) | **1** |
| | | |
| | **Вкупно:** | 3,9 |
| | **Вкупно стручно-апликативна дејност** | **6,9** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **62,588** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **43,514** |

| | |
|---|---|
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **6,9** |
| **Вкупно** | **113,002** |

***Рецензентска комисија***

1.Д-р Стево Божиновски, редовен професор, с.р.

Државен Универзитет на Јужна Каролина, САД

2.Д-р Слободанка Георгиевска, редовен професор во пензија, с.р.

Градежен факултет, Скопје, Република Македонија

3.Д-р Велентина Жилеска-Панчовска, редовен професор, с.р.

Градежен факултет, Скопје, Република Македонија

# ПРЕГЛЕД -469 31-10-2018
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | **Дејан Нешковиќ, дипл.град. инж.** | **“Анализа на пожарен ризик и пожарна безбедност на депонии“** | **"Fire risk analysis and fire safety at landfills"** | **проф. д-р Мери Цветковска** | 02-2/87-211 од 31-10-2018 |
| 2 | **Илија Марков, дипл.град. инж.инд** | **“Анализа на пожарен ризик и пожарна безбедност на патни тунели“** | **"Fire risk analysis and fire safety of road tunnels"** | **проф. д-р Мери Цветковска** | 02-2/87-212 од 31-10-2018 |
| 3 | **Фросина Пановска, дипл.град. инж.** | **“Симулационен модел за анализа на повеќе акумулационен хидроенергетски систем“,** | **"Simulation model for analysis of multi-reservoir hydro power system",** | **Доц д-р Стевчо Митовски** | 02-2/87-213 од 31-10-2018 |
| 4 | **Биљана Стојановиќ, дипл.град. инж.** | **“Индикатори за енергетски перформанси“,** | **"Energy Performance Indicators",** | **проф. д-р Тодорка Самарџиоска** | 02-2/87-214 од 31-10-2018 |
| 5 | **Никола Узунов, дипл.град. инж.** | **“Врска помеѓу бетони со различни карактеристики“** | **"Bonding between concretes with different characteristics"** | **проф. д-р Горан Марковски** | 02-2/87-215 од 31-10-2018 |
| 6 | **Евгенија Стојкоска, дипл.град.** | **“Однесување на армиранобетонски елементи во тек на време изложени на** | **"Long term behavior of reinforced concrete elements** | **В.проф. д-р Тони Аранѓеловски** | 02-2/87-216 од 31-10-2018 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **инж.** | **различен интензитет на постојан товар“,** | **subjected to different intensity of sustained load",** | | |
| 7 | **Зорка Кофилоска, дипл.геод. инж.** | **“Вредноста на недвижностите како основа за процесот на екпропријација“** | **"The value of real estate as a basis for the process of expropriation"** | **проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев** | 02-2/87-217 од 31-10-2018 |
| 8 | **Кристина Хаџиевска, дипл.град. инж.** | **“Сулфатна отпорност на цемент со летачка пепел“** | **"Sulfate resistance of cement with fly ash"** | **В.проф. д-р Тони Аранѓеловски** | 02-2/87-218 од 31-10-2018 |
| 9 | **Златко Соколовски , дипл.геот. инж.** | **“Анализа на техничко решение за колов темел на вијадукт со интеракција почва–кол–надколова плоча“** | **"Analysis of technical solution pf pile raft foundation for viaduct with soil-pile-pile interaction"** | **В.проф. д-р Јосиф Јосифовски** | 02-2/87-219 од 31-10-2018 |

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Марија Велковска** | **„Управување со кредитниот ризик во постојаното конкурентно опкружување во македонскиот банкарски сектор“** | **“Credit risk management in the current competitive condition in the Macedonian banking industry”** | доц. д-р Кирил Јовановски | 02-1971/13 од 26.10.2018 година |
| 2. | **Беким Незири** | **„Анализа на факторите на одржливост на пензиските системи во современи услови со посебен осврт на влијанието на демографските промени врз пензискиот систем во Република Македонија“** | **“Analysis of the sustainability factors of the pension systems in contemporary conditions with particular reference on to impact of the demographic changes on the pension system in the Republic of Macedonia”** | проф. д-р Пеце Недановски | 02-1971/15 од 26.10.2018 година |
| 3. | **Даниела Којчиноска** | **„Развивање на ефективен систем за менаџирање на промените со употреба на TPC моделот на промени (ТПК – технички, политичи и културолошки), со нагласок на негова примена во локалната само-управа“** | **“Developing an effective system for change management by applying the TPC Model of changes, with emphasis on its implementation in local self-government”** | проф.д-р Леонид Наков | 02-1971/11 од 26.10.2018 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | **Татјана Калајџиева** | **„Промени во организацијата на банкарскиот сектор како резултат на технолошкиот развој со осврт на стратегијата за развој на мрежата на филијали“** | **“Changes in the organization of the banking sector resulting from the technological development with review on the strategy for development the branch network”** | проф.д-р Љубомир Дракулевски | 02-1971/12 од 26.10.2018 година |
| 5. | **Ангела Блажеска** | **„Анализа и апликација на концептот на Марковиот ланец во предвидување на промените на пазарот на автомобилско осигурување во Република Македонија“** | **“Analysis and application of the Markov chains concept for forecasting changes in the automobile insurance market in Republic of Macedonia”** | доц.д-р Игор Ивановски | 02-1971/14 од 26.10.2018 година |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНА НА МЕНТОР**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На одлука на ННС/НС за промена на ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Ратка Тодоровска Стоилковска** | **„Електронска трговија во секторот на МСП во Република Македонија-состојби и перспективи“** | **„E-commerce in the sector of small and medium scale enterprises in Republic of Macedonia – present situation and perspectives of e-commerce“** | **Доц.д-р Александра Јанеска Илиев** | 02-1971/10 од 26.10.2018 година |
| 2. | **Весна Радески** | **„Менаџерските способности на жените претприемачи и нивното влијание врз успехот на малите претпријатија“** | **„Managerial skills of women entrepreneurs and their impact upon small business enterprises' success'** | **Проф.д-р Леонид Наков** | 02-1971/9 од 26.10.2018 година |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СИСТЕМИ ЗА МОНИТОРИНГ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА“ ОД АВТОРИТЕ

## ДАРКО БАБУНСКИ И ЗОРАН МАРКОВ

**Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, број 02-1775/2 од 27.9.2018 година, за рецензенти на учебникот „Системи за мониторинг во животна средина“, од авторите: д-р Дарко Бабунски, вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Зоран Марков, професор на Машинскиот факултет во Скопје, наменет за студентите на Машинскиот факултет во Скопје, за предметот Мониторинг на квалитет на вода, избрани се: д-р Александар Ношпал, професор на Машинскиот факултет во Скопје (во пензија), д-р Атанаско Тунески, професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Валентино Стојковски, професор на Машинскиот факултет во Скопје.**

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | СИСТЕМИ ЗА МОНИТОРИНГ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА |
| **Назив на предметната програма:** | МОНИТОРИНГ НА КВАЛИТЕТ НА ВОДА |
| **Назив на студиската програма:** | АУС, ЕЕ |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 2+2, 5 КРЕДИТИ |
| Предметот МОНИТОРИНГ НА КВАЛИТЕТ НА ВОДА на Машинскиот факултет во Скопје е изборен предмет за насоката АУС (VIII семестар) и изборен за насоката ЕЕ (VI семестар). | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |

| | |
|---|---|
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 158 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и проред 1. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 85 слики и 12 табели. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

1. Проф. д-р Александар Ношпал с.р.

2. Проф. д-р Атанаско Тунески с.р.

3. Проф. д-р Валентино Стојковски с.р.

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР НОШПАЛ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Системи за мониторинг во животна средина“ претставува дело во кое е даден редоследен приказ за постапката и процесите на мониторинг на животната средина со нагласка на површинските води, односно дава опис на соодветните параметри кои се од суштинска важност за квалитетот на површинските води. Теоретските содржини во учебникот се проследени со голем број слики, табели и формули и се базираат на примената на важечките стандарди и регулативи во врска со оваа проблематика, како и кус приказ на националната и ЕУ-легислатива.<br>Целата материја ги покрива предавањата по предметот Мониторинг на квалитет на вода.<br><br>Во првата глава се претставени општите карактеристики и начини на избор на променливи и системи за мониторинг на водите.<br><br>Во втората глава се дадени начините на управување со различните типови на податоци кои се прибираат при мониторинг, како и контрола на квалитетот на податоците.<br><br>Во третата глава е објаснет процесот за избор на променливи и граничните вредности при мониторинг на води.<br>Во четвртата глава е дадена националната и ЕУ-легислатива, каде што се прикажани стандардите кои треба површинските води да ги задоволуваат.<br>Во петтата глава е презентиран процесот на земање примероци од животната средина, предности и недостатоци во однос на мерење на лице место.<br><br>Во шестата глава се опишани физичките параметри кои треба да се опфатат при мониторинг на водите.<br>Во седмата глава се опишани хемиските параметри кои треба да се опфатат при мониторинг на водите.<br>Во осмата глава се опфатени спектрометриските методи за мерење на физичко-хемиско-биолошките параметри на површинските води кои се најсовремени и најнови техники за |

| | |
|---|---|
| | мониторинг на води и нивните предности и недостатоци во однос на претходно презентираните методи. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот во целост одговара со програмата која се предава по предметот Мониторинг на квалитет на вода и ги покрива сите предвидени поглавја. Концептот на креирање на учебникот соодветствува со методологијата на едукација на студентите.<br><br>Во едукативна смисла, учебникот е приспособен за самостојно совладување на материјата, за што придонесуваат и големиот број слики, табели и објаснувања.<br>Ракописот се оценува како целосно прикладен за стекнување на основните знаења во оваа проблематика и дава основа на понатамошен развој и обука. |
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 158 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и проред 1. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 85 слики и 12 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Мониторинг на квалитет на вода, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Александар Ношпал с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АТАНАСКО ТУНЕСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | **1.) Вовед**<br>Во овој дел, авторите, по многу детална анализа на многубројни научни трудови од областа мониторинг на водите, укажуваат на изворите на загадување на водите, физичко-хемиските и биолошките карактеристики на водите, посебно од аспект на загадувањето на животната средина во која водите имаат многу важна улога. Се дефинираат нивоата на набљудување и процесите на самолечење на животната средина, како и важноста на мониторингот при донесување на законската регулатива за заштита на водите, како еден од најбитните природни ресурси за човекот.<br><br>**2) Управување со податоци и контрола на квалитет**<br>Во ова поглавје на книгата, прикажани се начините на управување со различните типови на податоци кои се прибираат при мониторинг, како и контрола на квалитетот на податоците. Бидејќи при мониторинг се прибираат физичко-хемиските и биолошките параметри на површинските води, се опишуваат методите на прибирање, стандардизација на податоците со цел да се изведе објективна анализа на сите променливи. Контролата на квалитет е битна заради сигурност дека резултатите кои сме ги прибрале ја имаат претходно дефинираната точност.<br><br>**3) Мониторинг на површинските води**<br>Авторите во ова поглавје, детално ги прикажуваат природните состојби на водата, параметрите кои треба да се земат предвид според различни стандарди. Направен е пресек на различните стандарди и дефинирани се препораки за критериуми кои се репрезентативни за квалитетот на површинските води кои се користат за различни примени.<br><br>**4) Национална и ЕУ-легислатива**<br>Ова поглавје има големо практично значење бидејќи на читателот на оваа книга му се овозможува на едно место да се запознае со позначајните национални и ЕУ-закони и |

| | |
|---|---|
| | директиви кои го обработуваат проблемот на квалитетот на површинските води, кои можат да се користат за различни примени.<br><br>**5) Земање примероци од водната средина**<br>Авторите сериозно му пристапуваат на проблемот на земање на примероци за анализа од животната средина, влијанието на времето кое поминува од земањето на примерокот до анализата, како и воведување на нови методи за мерење на параметрите на лице место. Извршена е анализа на предности и недостатоци на двете методи и даден е заклучок од аспект на системите за мониторинг.<br><br>**6) Мониторинг на физичките параметри на водата**<br>Во ова поглавје, авторите ги опишуваат основните физички параметри кои мораат да бидат опфатени со модерните системи за мониторинг. За секој физички параметар предложени се најмалку две различни методи за негово мерење преку користење на соодветни равенки, слики, шеми и цртежи, анализирани се предностите и недостатоците, точноста на мерењето и дадени се препораки за методи кои би се користеле во системите за мониторинг.<br><br>**7) Мониторинг на хемиските параметри на водата**<br>Во ова поглавје, авторите ги опишуваат основните хемиски параметри кои минимално мораат да бидат опфатени со модерните системи за мониторинг. За секој хемиски параметар предложени се најмалку две различни методи за негово мерење, кои се различни од стандардните лабораториски методд, преку користење на соодветни равенки, слики, шеми и цртежи, анализирани се предностите и недостатоците, точноста на мерењето и дадени се препораки за методи кои би се користеле во системите за мониторинг.<br><br>**8) Спектрометриски метод на анализа**<br>Авторите на книгата посветуваат значајно внимание на модерните методи за интегриран мониторинг на физичко-хемиско-биолошките |

| | |
|---|---|
| | параметри преку користење на спектрометриските методи на анализа на водата. Авторите препорачуваат користење на UV-Vis спектрофотометри кои ја анализираат светлосната апсорпција и во видливото и во UV-подрачјето на светлосниот спектар, со цел да се идентификуваат што е можно повеќе физичко-хемиско-биолошки параметри. Авторите заклучуваат дека спектрометриските методи, иако се многу ефикасни, и овозможуваат добивање на резултати многу брзо, сепак не можат да се користат без контрола од стандардните лабораториски методи.<br>**9) Литература**<br>Поглавјето е поделено на референци кои се користени во овој труд (7 референци). |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Книгата првенствено е наменета за читатели од академската средина, потоа за компаниите кои се занимаваат со системи за мониторинг во животна средина, посебно на делот мониторинг на квалитет на површински води и оператори на пречистителните станици, но таа ќе биде и неизоставна литература за стручњаците и истражувачите од другите научни области кои за своите научни и апликативни истражувања имаат потреба од ваков вид на податоци како што се: индустријата, општините, земјоделството, шумарството, биологијата, хемијата, заштитата на животната средина, градежништвото, машинството, здравството, геотехниката и архитектурата. Понатаму, таа во практика ќе им послужи и на стручњаците кои се занимаваат со заштитата на животната средина, а ќе биде многу важен фактор при донесувањето на законските прописи за заштитата на водите, односно животната средина. |

| | |
|---|---|
| **Категоризација:** | Учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 158 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и прород 1. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 85 слики и 12 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Мониторинг на квалитет на вода, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Рецензент

**Проф. д-р Атанаско Тунески с.р.**

## II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ВАЛЕНТИНО СТОЈКОВСКИ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот „Системи за мониторинг во животна средина“ е сеопфатен прирачник кој систематски ја обработува постапката на мониторинг на површинските води, односно дава опис на параметрите кои се од суштинска важност за квалитетот на површинските води, за кои е многу важно да се воспостават системи за непрекинат мониторинг со цел во секој момент да се добие слика за квалитетот на површинските води со кои располагаме, и со помош на воспоставените аларми, да се реагира навремено, со цел неприкосновено да се минимизира негативното влијание на загадувањето на животната средина врз здравјето на човекот.<br>Теоретските содржини во учебникот се проследени со голем број слики, табели и формули и се базираат на примената на важечките стандарди и регулативи во врска со оваа проблематика. Ракописот ги покрива предавањата по предметот Мониторинг на квалитет на вода.<br><br>Во првата глава е претставена потребата за воспоставување на системи за непрекинат мониторинг на животната средина, опфаќајќи ги сите расположливи аспекти, како што се зачувувањето на животната средина, со цел подобрување на условите за опстојување и развој на живиот свет.<br><br>Во втората глава се дадени методите за управување со огромната количина на различните типови на податоци кои се прибираат при мониторинг, како и дефинирање на показатели кои ќе се користат за контрола на квалитетот на податоците и навремена идентификација на грешки при мерење.<br><br>Во третата глава се дефинираат параметрите според стандардите кои мора да бидат опфатени при мониторинг на површински води, како и нивните гранични вредности при мониторинг.<br>Во четвртата глава е дадена националната и ЕУ-легислатива, и нивото на усогласеност на националната легислатива со ЕУ-легислативата, |

| | |
|---|---|
| | при што се дадени препораки во делот каде што нивото на усогласување е пониско, посебно од аспект на стандардите кои површинските води треба да ги задоволуваат.<br>Во петтата глава се анализирани методите на земање на примероци од површинските води, како и аспектите на приспособеност на тие методи со модерните системи за непрекинат мониторинг.<br><br>Во шестата глава се дефинираат неопходните физички параметри кои мора да се опфатат при мониторинг на водите.<br>Во седмата глава се дефинираат нестандардните методи за мерење на хемиските параметри кои мораат да се опфатат при мониторинг на водите.<br>Во осмата глава се опфатени спектрометриските методи за мерење на физичко-хемиско-биолошките параметри на површинските води кои се најсовремени и најнови техники за мониторинг на води и нивните предности и недостатоци во однос на претходно презентираните методи.<br>Во литературата се опфатени 7 референтни трудови кои се користени при оформувањето на ракописот. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Целосна |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот ги исполнува сите аспекти, научни, едукативни и јазични за да може да се користи како учебник и бидејќи во целост одговара со програмата која се предава по предметот Мониторинг на квалитет на вода, се препорачува да се користи како основен учебник по предметот. Освен по предметот Мониторинг на квалитет на вода, ракописот може да се користи како дополнителна литература за уште неколку предмети кои ја опфаќаат областа мерење и мониторинг во животната средина, како на прв циклус, така и на втор и трет циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје. Учебникот е напишан така да соодветствува со методологијата |

| | |
|---|---|
| | на едукација на студентите, и дава основа на понатамошен развој и обука.<br>Во едукативна смисла, учебникот е приспособен за самостојно совладување на материјата, за што придонесуваат и големиот број слики, табели и објаснувања.<br>Ракописот првенствено е наменет за читатели од академската средина, но и за професионалци од областа на системи за мониторинг во животна средина. Во практика, ракописот може да им помогне на стручњаците кои се занимаваат со заштитата на животната средина. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 158 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и проред 1. Текстот е поделен во 9 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 85 слики и 12 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Мониторинг на квалитет на вода, примарно наменет за студентите на Машинскиот факултет.

Рецензент

**Проф. д-р Валентино Стојковски с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје

на седницата одржана на 25.10.2018 година

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Радмила Колева | Моделирање и управување на динамички систем при услови на појава на stick-slip ефект | Modeling and control of dynamic system in case of stick-slip effect | Вон. проф. д-р Дарко Бабунски | 02-2011/2<br>25.10.2018 год. |
| 2. | Јордан Јорданоски | Методологија за обезбедување на квалитет при проектирање, градба и експлоатација на магистрални гасоводи | Methodology for securing quality during design, construction and exploitation of main gas pipelines | Проф. д-р Марков Зоран | 02-2012/2<br>25.10.2018 год. |
| 3. | Александра Шарановиќ | Примена на модуларниот пристап заради обезбедување интерактивност во процесот на дизајнирање производи | Application of modular approach for obtaining interaction in the process of product design | Проф. д-р Софија Сидоренко | 02-2047/2<br>25.10.2018 год. |
| 4. | Дамир Лика | Употреба на природниот гас во концентрирани урбани средини со примена на виртуелен гасовод и влијание на аерозагадувањето | Utilization of natural gas in concentrated urban areas using virtual gas pipeline and its impact on air-pollution | Вон. проф. д-р Даме Димитровски | 02-2074/2<br>25.10.2018 год. |
| 5. | Маја Василевска | Намалување на потрошувачката на енергија и емисиите на стакленички гасови од комплексни системи преку искористување на отпадната енергија | Reduction of fuel consumption and GHG emissions in complex energy systems by utilizing waste energy | Вон. проф. д-р Даме Димитровски | 02-2073/3<br>25.10.2018 год. |

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА 1 ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА, АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА СО РЕАНИМАЦИЈА И ЗДРАВСТВЕНА НЕГА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 110 и 173 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82-2018), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на XIII седница одржана на 02.10.2018 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на 1 лице во сите научни звања по предметите од научните области: анестезиологија, анестезиологија со реанимација и здравствена нега по објавен конкурс на 17.09.2018 година во дневните весници„Вечер” и„Коха”. На распишаниот конкурс се пријави 1 кандидат, в.н. сор. д-р Билјана Ширгоска.

Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева, проф. д-р Трајанка Трајковска и проф. д-р Зорка Николова-Тодорова, откако го прегледа доставениот материјал од кандидатката, има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**В.н. сор. д-р Билјана Ширгоска**

***1. Биографски податоци***

Кандидатката в. н. сор. д-р Билјана Ширгоска е родена на 21.05.1963 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Орце Николов” во 1982 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1988 година. Дипломирала на 17.12.1988 година, со просечен успех 8,88. Специјализацијата по анестезиологија со интензивно лекување успешно ја завршила во 1996 година. Во моментот е раководител на Одделот за анестезиологија и реанимација на универзитетската клиника за уво, нос и грло во Скопје. Во текот на својот работен стаж воведува современи методи и техники во анестезиолошкиот пристап како: хипотензивна анестезиолошка техника кај пациенти во општа анестезија, фибероптичка визуелизација на горниот дишен пат, видеоларингоскопија и техники на комбинирање на средствата за дишен пат во доменот на третман на тежок дишен пат. Активно се служи со англискиот јазик.

***2. Наставно-научна дејност***

На 7.11.2013 година е избрана во звањето виш научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје во областа анестезиологија со реанимација. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр.1047 од 2013 година. Кандидатката д-р Билјана Ширгоска изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма по општа медицина, медицински сестри и техничари и радиолошки технолози, како и на специјализантите по анестезиологија со реанимација, специјализантите по ургентна медицина и специјализантите по семејна медицина. Вклучена е во

наставата од втор и трет циклус студии со свои изборни предмети. Била ментор на 15 дипломски и на 20 специјалистички трудови и учествувала како член во Комисија за оцена/или одбрана на 4 дипломски, 20 специјалистички, 1 магистерски труд и на 2 докторски дисертации.

### *3. Научноистражувачка активност*

Во учебната 1989/90 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 1990 година, со просечен успех 9,5. На 27.12.1999 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Компаративна анализа на ефектот на натриум-нитропрусид и нитроглицерин врз времето на крвавење". Докторска дисертација пријавила на Катедрата за анестезиологија со реанимација во 2001 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата „Влијание на некои анестетици и NO донори преку системот на азотен моноксид кај пациенти во општа анестезија" ја одбранила на 27.12.2005 година. Кандидатката, в.н. сор. д-р Билјана Ширгоска има објавено вкупно 133 научни трудови од областа анестезиологија со реанимација, од кои 2 научни труда во научни списанија со импакт-фактор, 25 труда во меѓународни научни списанија, 43 труда во меѓународни научни публикации и 63 труда во зборници од научни собири. Во изборниот период, д-р Билјана Ширгоска учествувала во изготвување и пријавување на 1 научен, 1 стручно-апликативен проект на МОН и 1 развоен проект на Македонската академија на науките и уметностите. Била ментор на 2 докторски труда. Автор е на 4 рецензирани учебници: "Хипотензивна анестезија", "Дишен пат: анестезиолошки аспекти", "Средства за третман на дишен пат" и учебникот "Педијатриска анестезиологија" (во печат). Автор е на прирачниците: "Третман на дишен пат" и "Сигурност при третман на дишниот пат". Коавтор е на рецензиран учебник "Анестезиологија со реанимација", првпат издаден во 2006, а реиздаден во 2013 година, како и на учебникот: "Основни принципи на ендоскопска хирургија на параназалните синуси".

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор.

### **4. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

В. н. сор. д-р Билјана Ширгоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Катедрата за анестезиологија и реанимација при Медицинскиот факултет во Скопје и на Универзитетската клиника за уво, нос и грло, Скопје. Стручно усовршување во странство остварила со студиски престои во Љубљана (Р Словенија), Хераклион (Грција) и Загреб (Хрватска). Активно учествувала како предавач и со стручни активности во континуираната постдипломска настава на специјалисти и специјализанти во склоп на постдипломскиот курс по анестезија (ЦЕЕА) под покровителство на Европското здружение на анестезиолози (ЕСА). Учесник е на многу конгреси, работилници и семинари како предавач и учесник како во земјата, така и во странство. Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Лекарската комора на Македонија (Комисија за стручен испит на доктори по општа медицина и Комисија за стручен надзор), Медицинскиот симулациски центар (стручна комисија за набавка на опрема) и комисии и работни групи на Универзитетската клиника за уво, нос и грло.

Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор.

### **5. Оценка од самоевалуација**

В.н. сор. д-р Билјана Ширгоска во периодот 2013-2018, според евалуацијата, одржувала вежби по предметите: Анестезиологија со реанимација (за општа медицина), Здравствена нега (медицински сестри/техничари), Ургентна медицина со анестезија и реанимација (медицински сестри/техничари) и Прва медицинска помош и добила позитивна оценка.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 692/1997, 776/2001, 811/2002, 958/2009, 1047/2013, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, со сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Билјана Степан Ширгоска**
Институција: **Катедра за анестезиологија со реанимација – Медицински факултет, УКИМ Скопје**
Научна област**: анестезиологија со реанимација**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одржување настава од прв циклус студии<br>А) Општа медицина:<br>- анестезиологија со реанимација<br>- клиничка пракса<br>В) Медицински сестри и техничари<br>- здравствена нега<br>- семинари<br>- ургентна медицина со реанимација<br>-пракса<br><br>Г) Радиолошки технолози<br>- ургентна медицина со реанимација<br>- пракса | 22<br>625<br><br>85<br>45<br><br>20<br>10<br><br>18<br>12<br><br>Вкупно<br>837 | 0.04<br>0.04<br><br>0.04<br>0.04<br><br>0.04<br>0.04<br><br>0.04<br>0.04<br><br><br>0.04 | Вкупно<br>**33.48** |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус студии<br>А. Специјализанти- предавања | 10 | 0.05 | 0.5 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Б. Семејна медицина - предавања | 8<br>Вкупно<br>18 | 0.05<br><br>0.05 | 0.4<br>Вкупно<br>**0.9** |
| 3. | - Настава во Медицински симулациски центар<br>- и работилници | 24 | 1 | **24** |
| 4. | а) Одржување на вежби<br>Анестезија со реанимација<br>б) Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса специјализација/турнус-анестезија во ОРЛ хирургија (2013-2018), 65 специјализанти/20 раб дена во тек на 4 нед/0.03<br>в) Едукација на стажанти - студенти по медицина во XII семестар 5 дена по 8 ч/20 недели (2013-2017)<br>г) Едукација на доктори - специјализанти по семејна медицина (12 специјализанти) во траење од една недела (практична настава) (2013-2018 г) . | 150<br>65 x 20<br>800<br>12 x 5 дена x 6 ч | 0.03<br>0.03<br>0.03<br>0.03 | **4.5**<br>**39**<br>**24**<br>**10.8** |
| 5. | Консултации со студенти | 80 | 0.02 | **1.6** |
| 6. | Ментор на дипломска работа | 15 | 0.2 | **3.0** |
| 7. | Член на комисија за оцена и одбрана на докторска дисертација | 2 | 0.5 | **1.0** |
| 8. | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура | 1 | 0.3 | **0.3** |
| 9. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 4 | 0.1 | **0.4** |
| 10. | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистички испит | 20 | 0.2 | **4** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | Превод на дел од учебник “Clinical Anesthesiology” (Edward Morgan at all) | 1 | 1 | **1** |
| 12. | Рецензент на прирачник: Неврологија, локо регионална анестезија и терапија на болка (ISBN 978-608-65364-4-2) | 1 | 1 | **1** |
| 13. | Рецензент на прирачник “Интензивна и ургентна медицина, крв и трансфузија на крв” (ISBN 978-608-65364-2-8) | 1 | 1 | **1** |
| 14. | Уредник на зборник на трудови, 5 Конгрес на македонските анестезиолози 2014, (ISBN 978-608-4596-63-9) и суплемент – втор дел,<br><br>2014 (ISBN 978-608-4596-66-0) | 2 | 2 | **4** |
| 15. | Раководител на работилница за дишен пат, ARUD 2015, Skopje | 1 | 1.5 | **1.5** |
| 16. | Учесник на работилници:<br><br>- ESA Masterclass in Scientific writing, 18-20 November 2014, Brussels<br><br>- Fiberoptic intubation, Cadaver workshop EAMS, 2018, Ankara<br><br>- Videolaryngoscopy, 3rd Croatian Congress of airway management with international participation, 2018, Zagreb | 1<br><br>1 | 1<br><br>1 | **1**<br><br>**1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Работилници на Македонското здружение на медицински уредници, МАНУ, 13.10.2016 | 1<br><br>2 | 1<br><br>1 | **1**<br><br>**2** |
| | **Вкупно** | | | **160.48** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторски дисертации:<br>- Компарација на аддуктор канал блок, феморален нервен блок и системска постоперативна аналгезија кај пациенти со лигаментопластика на колено (Лилјана Малиновска – Николовска)<br>- Влијанието на умерената хипотензија врз мозочната оксигенација кај пациенти во општа анестезија при риносептопластики (Силвана Кралева) | 1<br><br>1 | 3<br><br>3 | **3**<br><br>**3** |
| 2. | Учесник (истражувач) во научни/образовни национални проекти:<br>1.Molecular basis of vasodilatation during neuroleptanaesthesia (the level of constitutive NO synthetase and cGmp)<br>Tempus individual mobility grant; img 01-fyr 0005.<br>**2.** Влијание на анестетиците за општа анестезија врз базалниот тонус на | 1 | 5 | **5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | периферната ендотелна васкуларна мазномускулна клетка. Медицински факултет, Министерство за образование и наука на Р Македонија. Главен истражувач: Билјана Ширгоска.<br><br>3.Скрининг на слух кај новородени, Клиника за оториноларингологија, Медицински факултет, Скопје. | 1<br><br>1 | 6<br><br>3 | **6**<br><br>**3** |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно стручно/ научно списание со меѓународен уредувачки одбор:<br><br>1.Shirgoska B. Netkovski J. Conscious sedation for audiometry in pediatric patients. Journal of Pharmaceutical and Biomedical Analysis V(1):283-294, 2015 ISSN: 2231-2560<br><br>Impact Factor 2.831<br><br>2. Safe oxygen risk categorization saves difficult airway patients lives. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski.Trends in anesthesia & Critical care, October 2017 Volume 16, Page 23. DOI: http://dx.doi.org/10.1016/j.tacc.2017.10.033 Impact factor 0.28<br><br>3. Malinovska-Nikolovska L, Shirgoska B, Shosholceva M. Guidelines and recommendations of<br><br>cardiovascular therapy for patients who<br><br>Undergo non cardiac surgery. MJA, Clinical practice guidelines 2017 ISSN 2545-4366 \| UDC: 615.22:616-089.163 | 1<br><br>1 | 5.4 +2.8<br><br>5.4+0.28 | **8.2**<br><br>**5.68** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. Comparative analysis of the effect of metoprolol and remifentanyl on mean arterial pressure in general anesthesia. Silvana Kraleva, Biljana Shirgoska. Physioacta, Vol 11 No 3, 2017, 121-129.<br>5. Endotracheal intubation in morbid obese patients with obstructive sleep apnea. Shirgoska B., Netkovski J. Macedonian Journal of Anesthesia. Number 1. April, 2017, 39-44.<br>6. Failed airway in upper airway trauma patients. Shirgoska B., Netkovski J.Kikerkov I. Acta Med Croatica, 72 (2018) (Suppl.1) 25-29. | 80%<br>90%<br>90%<br>80% | 4 x 0.8<br>6 x 0.9<br>4 x 0.9<br>6 x 0.8 | **3.2**<br>**5.4**<br>**3.6**<br>**4.8** |
| 4. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени in extenso во | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество: | | | |
| | 1. Perioperative complications-how to treat? Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. Eight Annual Spring Scientific Symposium in Anesthesiology and Intensive care. Proceeding, April 21-23, 2017, Nis, Serbia. ISBN 978 -86-6233-149-6, 93-97. | 90% | 1.8 | **1.8** |
| | 2. Strategies for managing oxygenation at obese patients: airway management. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. 4th Balkan States Anesthesia Days. Book of proceeding and abstracts, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, May 17-20, 2017. ISBN 978-9958-31-302-8, 47-48. | | | |
| | 3. Management of the upper airway injures in polytraumatised patients. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. Seventh Annual Spring Scientific Symposium in Anesthesiology and Intensive care. Proceeding, April 17-19.2015, Nis, Serbia. ISBN 978 -86-6233-069-7, 121-127. | 90% | 1.8 | **1.8** |
| | 4. Мултимодална аналгезија. Билјана Ширгоска. Постдипломска едукација по анестезија и Реанимација, Европска фондација за едукација по анестезиологија, Неврологија, локорегионална анестезија и терапија на болка. 4-6 Ноември 2016, Дојран, Р.Македонија. ISBN 978-608-65364-4-2. 122-126. | 90% | 1.8 | **1.8** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 100% | 2 | **2** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени in extenso во зборник на трудови од научен/стручен собир: | | | |
| | 1. Perioperative complications-how to treat? Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. Eight Annual Spring Scientific Symposium in Anesthesiology and Intensive care. Proceeding, April 21-23, 2017, Nis, Serbia. ISBN 978 -86-6233-149-6, 93-97. | 90% | 1.8 | **1.8** |
| | 2. Strategies for managing oxygenation at obese patients: airway management. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. 4th Balkan States Anesthesia Days. Book of proceeding and abstracts, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, May 17-20, 2017. ISBN 978-9958-31-302-8, 47-48. | | | |
| | 3. Management of the upper airway injures in polytraumatised patients. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. Seventh Annual Spring Scientific Symposium in Anesthesiology and Intensive care. Proceeding, April 17-19.2015, Nis, Serbia. ISBN 978 -86-6233-069-7, 121-127. | 90% | 1.8 | **1.8** |
| | 4. Мултимодална аналгезија. Билјана Ширгоска. Постдипломска едукација по анестезија и реанимација, Европска фондација за едукација по анестезиологија, Неврологија, локорегионална анестезија и терапија на болка. 4-6 ноември 2016, Дојран, Р Македонија. ISBN 978-608-65364-4-2. 122-126. | 90% | 1.8 | **1.8** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 100% | 2 | **2** |
| | | | | |
| 6. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br><br>Learning objectives of fiber optic intubation. Biljana Shirgoska, Ankara, Cadaver workshop EAMS, 2018 (поканет предавач) | 1 | 2 | **2** |
| 7. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени in extenso во зборник на | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | трудови од научен/стручен собир со меѓународно учество<br><br>1.Phenotypes and endothypes of chronic rhinosinusitis. J.Netkovski, B.Shirgoska. Втор симпозиум ,,Новини во алергологијата и имунологијата" 22-24 септември 2017, МАНУ, Скопје. Зборник на апстракти. ISSN 0025-1097, 36-37.<br>2.Пробиотици во третман на хроничниот риносинузитис. Ј.Нетковски, Б.Ширгоска. Четврти конгрес на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија, 28-30 септември 2018, Охрид. Книга на абстракти, ISSN 0025-1097. 46-48.<br><br>3.Strategies of management the bariatric patients – airway management4th Balcan States Anesthesia Days, Book of proceedings and abstracts, Sarajevo 17-20 May 2017 | 1<br>1<br>1 | 2<br>2<br>2 | **2**<br>**2**<br>**2** |
| 8. | Апстракт објавен во зборник на конференција - меѓународна<br>1. Adductor canal block or femoral nerve block for anterior cruciate ligament reconstruction. Which is better?<br>Malinovska-Nikolovska L, Shirgoska B | 80% | 1 x 0.8 | **0.8** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ESA 2018 Copenhagen | | | |
| | | | | |
| 9. | Рецензии на научно истражувачки трудови<br>1. Acta Clinica Croatica – 3 труда<br>2. Physioacta – 3 труда<br>3. Acta Medica Croatica – 1 труд | 7 | 0.8 | **5.6** |
| 10. | Учество на меѓународен научен/стручен собир со реферат:<br><br>1.The Dorian Grey effect, anesthetic possibilities for aesthetic facial surgery<br>Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. 3th ENT Congress with international participation, Ohrid 2017<br><br>2. Chads$_2$-scoring system for evaluation the risk of stroke at patients for head and neck surgery. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski. 3th ENT Congress with international participation, Ohrid 2017<br><br>3. Predictive blood tests for intraoperative bleeding at pediatric patients scheduled for tonsil adenoidectomy. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski, Anica Aleksovska, Angelina Trajkovska. 3th ENT Congress with international participation, Ohrid 2017 | 1<br><br>1 | 1<br><br>1 | **1**<br><br>**1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. Sevoflurane remifentanil anesthesia – anesthesia of choise for cochlear implantation. Biljana Shirgoska, Jane Netkovski, Anica Aleksovska, Angelina Trajkovska. 3th ENT Congress with international participation, Ohrid 2017<br><br>5. The art of difficult airway management<br><br>Biljana Shirgoska, Jovan Meloski, Anica Aleksovska, Angelina Trajkovska. 3th ENT Congress with international participation, Ohrid 2017 | 1<br><br>1<br><br>1 | 1<br><br>1<br><br>1 | **1**<br><br>**1**<br><br>**1** |
| | **Вкупно** | | | **85.08** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Универзитетски учебник – автор: Хипотензивна анестезија (ISBN 978-608-4596-23-3) | 1 | 8 | **8** |
| | Универзитетски учебник (автор): Дишен пат: анестезиолошки аспекти (ISBN 978-608-4596-53-0) | 1 | 8 | **8** |
| | Универзитетски учебник (автор): Средства за третман на дишен пат (978-608-4596-88-2) | 1 | 8 | **8** |
| | Универзитетски учебник (автор): Педијатриска Анестезиологија (во печат) | 1 | 8 | **8** |
| | Универзитетски учебник – коавтор: Анестезиологија со реанимација (ISBN 978-608-4596-46-2) | 1 | 7 | **7** |
| | Универзитетски учебник – коавтор: Основни принципи на ендоскопска хирургија на параназалните синуси (ISBN 978-608-4596-22-6) | 1 | 7 | **7** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| **2.** | Прирачник: Третман на дишен пат (автор) (ISBN 978-608-4596-14-1)<br><br>Прирачник: Сигурност при третман на дишниот пат (автор) (ISBN 978-608-4596-44-8) | 1<br><br>1 | 3<br><br>3 | **3**<br><br>**3** |
| **3.** | Експертски активности:<br><br>1. Претседател на Комисија за јавни набавки од 2007 до 2013 година на ОРЛ клиника<br><br>2. Претседател на Комисија за контрола на интрахоспитални инфекции на ОРЛ клиника<br><br>3. Претседател на Стручна специјалистичка/супспецијалистичка комисија од областа на анестезиологијата на ОРЛ<br><br>4. Член на Комисија за проценка на подобноста на кандидати за вградување на кохлеарен имплант<br><br>5. Член на Комисија за интервентна ендоскопија и супервизија на стручната работа во ЈЗУ Универзитетска клиника за уво,нос и грло Скопје | 2<br><br>2<br><br>2<br><br>2 | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 | **2**<br><br>**2**<br><br>**2**<br><br>**2** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 6. Член на Стручна комисија за малигни заболувања на глава и врат | | | |
| | 7.Претседател на Комисија за изготвување на позитивна листа на лекови на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво,нос и грло во 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 8. Член на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на кохлеарни имплати за 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 9. Претседател на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на медицински средства за 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 10. Претседател на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на лекарства и инфузиони раствори за 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 11. Претседател на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на апарати за анестезија за 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 12. Претседател на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на пациент монитори за 2018 година | 2 | 1 | **2** |
| | 13. Претседател на Стручна група при спроведување на постапка за набавка на видеоларингоскопи за ендотрахеална интубација за 2018 година | | | |
| | 14. Испитни комисии за стручен испит (ЛКМ) | 2 | 1 | **2** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 15. Комисија за стручен надзор (ЛКМ)<br><br>16. Претседател на Стручна комисија за набавка на опрема на Медицински симулациски центар | 2<br><br>2<br><br>2<br><br>2<br><br>1 | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 | **2**<br><br>**2**<br><br>**2**<br><br>**2**<br><br>**1** |
| **Вкупно** | | | | **83.00** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | | | Поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Член на уредувачки одбор на научно-стручно списание:<br>MJA (Macedonian Journal of Anaesthesia) | 1 | 0.5 | **0.5** |
| 2. | Член на програмски одбор на научно-стручен собир со меѓународно учество: | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - уредник на зборник на трудови на меѓународна високообразовна институција, дел 1 и дел 2 (5. Конгрес на Македонските анестезиолози со меѓународно учество) | 2 | 3 | **6** |
| | - претседател на организационен и програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (5. Конгрес на Македонските анестезиолози со меѓународно учество, 2014)<br><br>- претседател на организационен одбор на Балкански симпозиум за тежок дишен пат 2009, 2011. | 1 | 2 | **2** |
| | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир:<br><br>- 1. и 2. Конгрес за дишен пат на Хрватското здружение за тежок дишен пат (2011, 2013)<br><br>- Белградски анестезиолошки форум со меѓународно учество, 1,2 и 3 (2016, 2017, 2018) | 2 | 2 | **4** |
| | - Годишен пролетен научен симпозиум за анестезија и интензивна медицина Ниш 2.3.4.5.6. и 7. (2009, 2010, 2011, 2013, 2015, 2017) | 2 | 1 | **2** |
| | - Симпозиум за тежок дишен пат, Подгорица 1.2. и трет (2013, 2014, 2015) | 3 | 1 | **3** |
| | - член на организационен одбор на I ва македонска конференција за алтернативи во трансфузијата кај критично болни пациенти, 2012 | 6 | 1 | **6** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - член на научен и организационен одбор на АРУД 2015, Скопје<br><br>- член на уредувачки одбор на Macedonian Journal of Anaesthesia | 3<br><br>1<br><br>1<br><br>1 | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>0.5 | **3**<br><br>**1**<br><br>**1**<br><br>**0.5** |
| **3.** | Претседател на организациски, програмски или уредувачки одбор на научен/ стручен собир<br><br>- CEAA –Postgraduated European Course of Anesthesia –Дојран (2011-2017 )<br><br>- IV конгрес на македонските анестезиолози со меѓународно учество (2010)<br><br>-5. конгрес на анестезиолози на Македонија со меѓународно учество (2015)<br><br>- КМЕ по анестезиологија - Балкански симпозиуми за тежок дишен пат (2009, 2011) | 6<br><br>1<br><br>1<br><br>2 | 0.5<br><br>0.5<br><br>0.5<br><br>0.5 | **3.0**<br><br>**0.5**<br><br>**0.5**<br><br>**1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони):<br><br>- член на Комисија за едукација во Медицински симулациски центар, Медицински факултет, Скопје | 1 | 2 | **2** |
| 5. | Раководител на внатрешна организациска единица:<br><br>- секретар на Здружение на анестезиолози на Македонија (од 1999-2003)<br><br>- раководител на Оддел за анестезиологија со реанимација (Универзитетска клиника за уво, нос и грло, Скопје) | 1<br><br>1 | 0.5<br><br>0.5 | **0.5**<br><br>**0.5** |
| 6. | Награда за научни достигнувања во струкова организација<br><br>- Диплома од МЛД, за придонес и ангажирање во работата на МЛД | 1 | 3 | **3** |
| **7.** | Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност<br><br>- член, Council member EAMS - European Airway Management Society (2006-2018) | 1 | 2 | **2** |
| **8.** | Студиски престој во странство до 3 месеци<br>- Љубљана<br>- Хераклион<br>- Загреб | 3 | 0.5 | **1.5** |
| | **Вкупно** | | | **43.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **160,48** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **85,08** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**<br>**со дејности од поширок интерес** | **83 +**<br>**43,5** |
| **Вкупно** | **372,06** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

1. **Проф. д-р Мирјана Шошолчева с.р.**
2. **Проф. д-р Трајанка Трајковска с.р.**
3. **Проф. д-р Зорка Николова-Тодорова с.р.**

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на виш науч.сор. д-р Билјана Ширгоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека в. н. сор. д-р Билјана Ширгоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето научен советник во научните области: анестезиологија, анестезиологија со реанимација и здравствена нега.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, **в. н. сор. д-р Билјана Ширгоска** да биде избрана во звањето **научен советник** во научните области: анестезиологија, анестезиологија со реанимација и здравствена нега.

**ЧЛЕНОВИ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**1. Проф. д-р Мирјана Шошолчева с.р.**

**2. Проф. д-р Трајанка Трајковска с.р.**

**3. Проф. д-р Зорка Николова-Тодорова с.р.**

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРЕДОПЕРАТИВНИ ПРЕДИКТИВНИ ФАКТОРИ ЗА БЕЗБЕДНА ЛАПАРОСКОПСКА АПЕНДЕКТОМИЈА” ОД Д-Р ИЛИЈА МИЛЕВ, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата **XIII** редовна седница одржана на 2.10.2018 година, по предлог на Советот на студиска програма на трет циклус студии-докторски студии по медицина донесе **Одлука** за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот д-р Илија Милев со наслов **Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија,** во состав:

1. проф. д-р Никола Јанкуловски (претседател),
2. проф. д-р Александар Караѓозов (ментор),
3. проф. д-р Зоран Караџов (член),
4. проф. д-р Розалинда Попова Јовановска (член),
5. проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член).

Комисијата во наведениот состав, внимателно ја разгледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Илија Милев, со наслов **Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија**, содржи 185 страници компјутерски обработен текст, 15 слики, 51 табела, 41 графикон и вкупно 186 библиографски единици, меѓу кои книги, научни трудови, меѓународни акти, интернет-ресурси и докторски дисертации. Трудот е составен од 10 глави, вклучувајќи го и воведот, целите, материјалот и методите, заклучоците и апстрактот на македонски и на англиски јазик. Текстот во склоп на составните делови е систематизиран во наслови и поднаслови, со што се овозможува прегледно следење на материјата која се обработува во истражувањето.

Во првата глава, **Вовед**, најпрво е даден детален историски осврт на сознанијата за апендиксот, природата на апендицитисот и развојот на оперативниот третман. По описот на анатомијата и физиологијата на апендиксот, како и етиопатогенезата и епидемиолошките аспекти на акутниот апендицитис (АА), направена е јасна дистинкција помеѓу традиционалниот пристап во дијагнозата и третманот на АА, од една страна, и современиот пристап, од друга страна. Во описот на современиот пристап преку лапароскопската експлорација (ЛЕ) како ефикасна и модерна дијагностичка алатка е претставена и детално опишана лапароскопската апендектомија (ЛА) со детали за моменталната состојба во

искористеноста и индикациите за оваа хируршка постапка во светски рамки и со осврт кон бројните предности што се утврдени во однос на отворената апендектомија (ОА) особено кај стари пациенти, пациенти со поголема телесна тежина и случаи со напреден степен на апендицитис. Современиот пристап кон дијагнозата и третманот на АА тежнее да ја намали стапката на негативни апендектомии или отстранување на незаболен апендикс од 10 до 30 % на под 5 %, што е особено важно ако се земе в предвид дека овој непотребен оперативен зафат носи ризик од 6,7 до 13 % за појава на рани постоперативни компликации и ризик од 4 % за појава на доцни постоперативни компликации. Понатаму се наведува дека и после триесетина години од промоцијата на ЛА и бројните предности, оваа метода не може да се наметне како златен стандард во хируршкиот третман на АА во однос на ОА. Во моментот, искористеноста на ЛА во светски рамки е половична иако според современите препораки не треба да има никакво ограничување за нејзината примена и особено треба да се фаворизира кај млади жени во репродуктивниот период, стари пациенти, пациенти со прекумерна телесна тежина и имунокомпромитирани пациенти. Кандидатот наведува дека во нашата држава во повеќето здравствени установи ЛА скоро воопшто не се користи иако има соодветна техничка опременост и кадрова екипираност. На Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје, во периодот 2012/2014 година има значителен пораст во примената на ЛА што се постигнало со нејзина примена кај селектирана група на пациенти претежно помлади, од женски пол, без коморбидитети, со понизок ASA-скор и кај претежно некомплицирани форми на апендицитис. Ваквиот селективен пристап овозможил безбедна примена на ЛА со намалување на стапката на компликации и конверзија во отворен пристап. Ако се исполнети основните услови за безбедна ЛА во смисла на обучен хируршки и анестезиолошки тим и беспрекорна лапароскопска опрема, безбедноста на ЛА е во тесна врска со појавата на интраоперативни тешкотии, компликации и потребата да се конвертира лапароскопскиот пристап во отворен. Терминот „безбедна" се однесува на онаа ЛА која е изведена со прифатлива стапка на интраоперативни тешкотии, компликации и конверзија во ОА. Со предоперативната идентификација на случаите каде што би се појавиле интраоперативни тешкотии, компликации или конверзија при изведувањето на ЛА и преземање на соодветни мерки може да се подобри безбедноста на ЛА.

Во следната глава, како основен **мотив** за изработка на студијата кандидатот ја наведува потребата за промоција на современиот пристап во дијагнозата на АА и изнаоѓање начин за зголемена употреба на ЛА во наши услови каде што се уште доминира традиционалниот пристап кон дијагнозата и третманот на АА. Мотивот е јасна увертира во поставените цели на оваа студија.

Во третата глава е наведена една основна **цел** на студијата, која гласи:

- да се дадат препораки за безбедна примена на лапароскопската апендектомија преку употреба на современ пристап во дијагнозата на акутниот апендицитис, вклучувајќи актуелни инфламаторни маркери (Ц-реактивен протеин), бодовни системи (Alvarado, AIR и RIPASA) и имиџинг-методи (ултрасонографија и компјутерска

томографија), во насока на имплементација на оваа хируршка постапка како златен стандард кај селектирана група на пациенти.

Како секундарни цели се посочени:

- евалуација на применливоста на трите актуелни бодовни системи за дијагностицирање на акутниот апендицитис (Alvarado, AIR и RIPASA) и утврдување на бодовниот систем кој најмногу одговара на нашите услови и нашата популација;
- евалуација на применливоста на ултрасонографијата во дијагностицирањето на АА во наши услови;
- утврдување на можноста за користење на нативната спирална компјутерска томографија во дијагностицирањето на АА во наши услови;
- врз основа на добиените резултати, во смисла на примарната цел, да се изготви стандарден протокол – алгоритам за безбедно изведување на ЛА.

Во контекст на наведените цели, во четвртата глава се формулирани и соодветните **хипотези** кои треба да се докажат или отфрлат со резултатите од истражувањето.

Во петтата глава, **Материјали и методи**, јасно е дефинирана студијата како мултицентрична, проспективна, кохортна клиничка студија, спроведена во периодот 2016-2018 година во ЈЗУ Клиничка болница - Штип и Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје. Опфатени се вкупно 75 пацинети селектирани по метод на прост случаен примерок кај кои е спроведена ЛА или конверзија поради АА. Учеството во студијата било одредено согласно со утврдени инклузиони и ексклузиони критериуми. Како инклузиони критериуми биле: возраст од 15 до 60 години; поставено сомневање за постоење на акутен апендицитис кое налага итен оперативен третман или опсервација во хоспитални услови; независно од пол, вероисповед, образование, место на живеење, социјален статус и други социодемографски карактеристики; спремност и желба за учество во студијата; потпишана информирана согласност од пациентот/старателот. Ексклузиони критериуми во студијата биле: старост надвор од возрасната група од 15 до 60 години; постоење на контраиндикации за лапароскопска интервенција; присуство на  клинички знаци за дифузен перитонитис; присуство на клинички знаци за периапендикуларен инфилтрат или апсцес; претходни лапаротомии; бременост; отсуство на спремност/согласност за учество во истражувањето. Пациентите биле поделени во испитувана група (без компликации) која ги опфаќа пациентите со АА и спроведена ЛА кај кои не се регистрирани интраоперативни тешкотии или компликации, немало потреба од конверзија и немало појава на рани постоперативни компликации и контролна група (со компликации) кај кои се регистрирани интраоперативни тешкотии или компликации или имало потреба од конверзија или имало појава на рани постоперативни компликации. Согласно со протоколот на истражувањето, кај сите пациенти била земена детална анамнеза, спроведен физикален преглед и лабораториски иследувања, задолжително со оние податоци кои се неопходни за утврдување на вредноста на трите актуелни бодовни системи: Alvarado, AIR и RIPASA. Кај сите пациенти од женски пол бил спроведен гинеколошки преглед и наодот бил евалуиран

при поставувањето на индикацијата за оперативно лекување. Кај еден дел од пациентите, особено во случаите каде што клиничките и лабораториските иследувања јасно укажувале за постоење на апендицитис, согласно со проценката, веднаш била спроведена ЛЕ. Кај останатите пациенти биле спроведени додатни имиџинг-иследувања, пред сè ултрасонографија (УС), а кај помал дел нативна спирална компјутерска томографија (КТ). Понатаму е наведен детален опис на критериумите за поставување на позитивен или негативен УС и КТ наод, како и детален опис на оперативната техника за изведување на ЛЕ и ЛА. За одредување на дијагнозата била користена лапароскопска класификација за АА, која се состои од следниве степени: а) 0-нормален апендикс; б) 1-црвенило и едем; в) 2-присуство на фибрин; г) 3А-сегментална некроза; д) 3Б-некроза на базата; ѓ) 4А-апсцес; е) 4Б-циркумскриптен перитонитис; и з) 5-дифузен перитонитис. Согласно со оваа класификација за поставување на дијагнозата случаите со нормален апендикс се исклучени од студијата. За време на операцијата било регистрирано оперативното време од моментот на хируршката инцизија до моментот на пласирање на последниот шав на кожата, како и интраоперативните компликации, потешкотии и причините за конверзија доколку ги имало. Постоперативно пациентите биле следени седмиот и триесетиот постоперативен ден за присуство на абдоминални и екстраабдоминални компликации. Во рамките на истражувањето е користен анкетен прашалник и документ за информирана согласност посебно конструирани за оваа цел.

**Статистичката обработка** на податоците претставена во шестата глава била спроведена во соодветните статистички програми: Statistica for Windows 7,0 и SPSS верзија 20. Анализата на атрибутивните варијабли била правена со одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки, а на нумеричките варијабли со употреба на мерките на централна тенденција (аритметичка средина, медијана и модус) и мерките на дисперзија (стандардна девијација и стандардна грешка). За атрибутивните белези со правилна дистрибуција, групите биле споредувани со користење на Chi square test, Yates Correction, Fisher Freeman Halton Exact test, и Fischer exact two taled test, а за атрибутивните белези со неправилна дистрибуција на фреквенции, споредбата била правена со користење на непараметарски Spearman Rank Order Correlation test. Разликата помеѓу групите во однос на нумеричките белези со нормална дистрибуција била тестирана со Student-ов t-test за независни примероци, додека за нумеричките белези со неправилна дистрибуција на фреквенции бил користен Mann Whitney U test. Предиктивната улога на одредени параметри за компликации при ЛА била анализирана со мултиваријантна логистичка регресиона анализа. Предиктивната улога на трите бодовни системи за дијагноза на АА, како и на УС и КТ-наодот била анализирана преку одредување на сензитивност, специфичност, позитивна предиктивна вредност и негативна предиктивна вредност. Пресметувањето на ризиците било одредувано преку стапки на предимство (Odd ratio – OR), а за утврдување на статистичката значајност било користено ниво на сигнификантност од $p<0,05$.

Седмата глава ги опфаќа **резултатите** од студијата, кои се јасно и прегледно претставени во табели и графикони. Најпрво е претставена анализа на примерокот според

групи во однос на демографските карактеристики: возраст, пол и националност, при што не била утврдена сигнификантна разлика помеѓу групите. Сигнификантна разлика помеѓу групите не била утврдена ниту во однос на антрополошките и виталните карактеристики на примерокот и покрај деталната анализа на голем број параметри од овие области. Во следните подглави се прави анализа на примерокот според групи во однос на релевантните анамнестички податоци, времетраењето на симптоматологијата, присуството на коморбидни состојби, вредноста на ASA-скорот, релевантните податоци од физикалниот наод, фармаколошката анамнеза и лабораториските параметри. Пресметано е дека групите сигнификантно се разликуваат во однос на симптомот гадење на сметка на поголема застапеност во групата без компликации, времетраењето на симтоматологијата предоперативно кое е подолго во групата со компликации, поголема застапеност на пациенти со коморбидитети во групата со компликации, повеќе пациенти со ASA-скор ≥IIE во групата со компликации и повисоки вредности на тоталниот билирубин, натриумот и Ц-реактивниот протеин (CRP) во серумот на пациентите од групата со компликации. Мултиваријантната регресиона анализа на споменатите статистички значајни параметри, како независен значаен предиктор за компликации при ЛА го издвоила тоталниот билирубин, при што се добило дека со секоја единица растење на билирубинот сигнификантно се зголемува веројатноста за компликации за 1,079 пати. Понатаму е направена детална анализа на разликата помеѓу групите во однос на вредноста на Alvarado, AIR и RIPASA-скорот, како и дијагностичката ефикасност на бодовните системи со утврдување на сензитивноста, специфичноста, позитивната предиктивна вредност и негативната предиктивна вредност. Се добило дека има несигнификантно позитивна корелација меѓу висината на Alvarado и AIR-скорот и групата со компликации и несигнификантно негативна корелација меѓу RIPASA-скорот и истата група. Во поглед на поставувањето на дијагнозата на АА пресметана е сигнификантно поголема ефикасност на RIPASA-скорот во однос на AIR-скорот и несигнификантно поголема дијагностичка ефикасност на RIPASA во однос на Alvarado-скорот. Понатаму е направена анализа на примерокот според групи и ултрасонографскиот наод, при што се добило дека пациентите од групата со компликации имаат за 6 пати поголема веројатност за позитивен наод во однос на другата група. Во поглед на предиктивната улога на УС-наодот во дијагностицирањето на АА, добиена е половична ефикасност со сензитивност = 56,4 % специфичност = 50 %, PPV (позитивна предиктивна вредност) = 53 % и NPV (негативна предиктивна вредност) = 53,4 %. За нативната спирална КТ не била пресметана разлика помеѓу групите, а за нејзината предиктивна улога се добила висока ефикасност со сензитивност = 90,3 %, специфичност = 50 %, PPV (позитивна предиктивна вредност) = 47,4 %, NPV (негативна предиктивна вредност) = 91,2 %. Статистички значајна разлика помеѓу групите била пресметана и во однос на степенот на апендицитис со поголема застапеност на напредните степени во групата со компликации каде што има и подолго времетраење на ЛА и подолга должина на болничкиот престој. Во крајните подглави уредно, графички и табеларно е претставена дескриптивна анализа на интраоперативните тешкотии и компликации, конверзијата и причините за конверзија и регистрираните рани постоперативни компликации.

Осмата глава се однесува на **дискусијата**, каде што за секој параметар кој е испитуван во студијата е направен детален осврт на неговото значење во дијагнозата и третманот на АА согласно со современата литература и е направена споредба со добиените резултати и констатираната состојба во нашите услови. Кандидатот наведува актуелни препораки на релевантни асоцијации како што се SAGES – Друштвото на американски гастроинтестинални и ендоскопски хирурзи и EAES – Европската асоцијација на ендоскоски хирурзи, а наведените студии се во најголем дел од последните десетина години.

Во деветтата глава се наведени **заклучоците** од студијата добиени со статистичката обработка на податоците, по следниов редослед:

• Атипичната клиничка слика може да укаже на нарушување на безбедноста при изведувањетто на ЛА.

• Присуството на коморбидни состојби кај пациентот може да биде предвесннк за нарушена безбедност при ЛА.

• ASA-скор ≥IIE е параметар кој може да укаже на нарушена безбедност при изведување на ЛА.

• Времетраењето на симптоматологијата на АА до моментот на оперативниот третман треба да се земе предвид при селекцијата на пациентот за безбедна ЛА.

• Високите вредности на билирубинот, CRP и натриумот во серумот можат да укажат на опасноста од тешкотии, компликации или конверзија при ЛА.

• Високата вредност на тоталниот билирубин во серумот е независен предикторен фактор на нарушување на безбедноста при изведување на ЛА.

• Полот, возраста, висината на BMI и дебелината (BMI≥30kg/m2), артериската хипертензија, висината на телесната температура, бројот на леукоцитите и процентот на неутрофилите во диференцијалната крвна слика не играат улога во селекцијата на пациентот за безбедна ЛА.

• Alvarado-бодовниот систем има поголема дијагностичка ефикасност во поставувањето на дијагнозата на АА од AIR-бодовниот систем.

• Во поглед на поставувањето на дијагнозата за акутен апендицитис, RIPASA-бодовниот систем има најголема дијагностичка ефикасност за нашата популација.

• Дијагностичките бодовни или скор-системи за АА во принцип не претставуваат индикатори за безбедно изведување на ЛА.

• Карактерот на ултрасонографскиот наод може да укаже на опасноста од појава на тешкотии, компликации или конверзија при ЛА. Пациентите од групата “со компликации” имаат за 6 пати поголема веројатност за позитивен ултрасонографски наод споредено со пациентите од групата “без компликации".

• Во наши услови, ултрасонографијата е со половична дијагностичка ефикасност во поставувањето на дијагнозата на АА.

• Карактерот на наодот од нативна спирална КТ не може да се искористи во предвидувањето на опасноста од појавата на тешкотии, компликации или конверзија при ЛА.

• Нативната спирална КТ има одлична дијагностична ефикасност во поставувањето на дијагнозата на АА во наши услови.

• Интраоперативниот наод за степенот на апендицитис е во тесна корелација со појавта на тешкотии, компликации или конверзија при ЛА.

• Времетраењето на оперативниот зафат е статистички сигнификантно пократко во групата „без компликации”: 59,9±13,6 мин. (30 - 95 мин.) v.s. 76,2±24,1 мин. (40 -140 мин.).

• Должината на болничкиот престој е сигнификантно поголема во групата „со компликации”: 3±1 ден (2-6 дена) v.s.4.7±1.5 дена (2-7 дена).

Од сите наведени заклучоци, на крајот кандидатот конструирал прегледен и практичен алгоритам за безбедна примена на ЛА кај возрасен пациент, кој отвора широко поле за понатамошна истражувачка работа.

**Апстрактот** од истражувањето на македониски и англиски јазик е наведен во десеттата глава, каде што во кратки црти, во пет потточки, јасно, прегледно и концизно е претставено истражувањето.

На крајот во делот означен како **Референци** е прикажана користената литература претставена со вкупно 186 библиографски единици во врска со истражуваната проблематика, кои се правилно цитирани и систематски распоредени според нивното наведување во студијата. Вклучени се трудови и статии кои се во најголем дел актуелни и скоро објавени, потоа книги, меѓународни акти, интернет-ресурси и докторски дисертации.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на истражување била првенствено поврзаноста на вредностите на одредени предоперативни клинички, лабораториски, ехотомографски и КТ-параметри со нарушувањето на безбедноста при изведувањето на ЛА кај пациенти со АА, што било претставено со појава на интраоперативни тешкотии, компликации или конверзија на оперативната постапка во отворен пристап. Истражувана е и врската на вредноста на трите

актуелни бодовни системи за поставување на дијагнозата на АА (Alvarado, AIR и RIPASA) со нарушената безбедност при изведувањето на ЛА. Направена е и евалуција на дијагностичката ефикасност на УС, нативната спирална КТ и актуелните скор-системи во поставувањето на дијагнозата на АА во наши услви со утврдување на најефикасната дијагностичка алатка за оваа намена. Добиените резултати и заклучоци се искористени во конструкција на алгоритам за подобрување на безбедноста на ЛА во насока на овозможување на поширока имплементација и искористување на сите предности на оваа оперативна постапка.

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Анализирајќи ја целата студија, актуелната состојба во подрачјето во кое работена докторската дисертација е детално и успешно прикажана. Почнувајќи од претставувањето на АА како најчеста причина за акутен абдомен кај пациентите, преку апендектомијата како најчест итен оперативен зафат во светот, кандидатот дава детален увид за искористеноста на ЛА во третманот на АА која за прв пат била промовирана пред околу 30 години. Во овој контекст, и покрај современите препораки кои не даваат скоро никакви ограничувања за примената на ЛА и многубројните студии кои укажуваат на предностите на ЛА, наведени се јасни докази за само половична употреба на методата и тоа во современите установи кои ги поседуваат сите услови за успешна изведба на лапароскопски операции. Претставена е состојбата со употребата на ЛА и во нашата држава, каде што на Клиниката за дигестивна хирургија во Скопје е спроведена успешна имплементација со користење на селективен пристап кај помлади пациенти, претежно од женски пол, без коморбидитети и со помалку напредни степени на апендицитис. Искористеноста на ЛА во останатите центри во нашата држава е на пониско ниво. Кандидатот се обидел со следење на голем број клинички, лабораториски, ехотомографски и КТ-параметри предоперативно да најде начин за селекција на пациентите каде што ЛА би се користела безбедно без појава на компликации и конверзија во отворен пристап со намера методата да стане златен стандард кај селектирана група на пациенти со АА.

## КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Во студијата се опфатени вкупно 75 пациенти со АА од ЈЗУ Клиничка болница – Штип и УК за дигестивна хирургија – Скопје врз кои е изведена ЛА или конверзија. Пациентите се селектирани по точно утврдени инклузиони и ексклузиони критериуми. Кај сите пациенти е земена детална анамнеза, спроведен е физикален преглед, точно се утврдени лабораториски иследувања и кај сите се пресметани вредностите на трите актуелни бодовни системи: Alvarado, AIR и RIPASA. Кај сите припадници на женскиот пол е спроведен гинеколошки преглед. Кај дел од пациетите (62) е спроведена т.н. “graded compression” УС со постепен притисок во илеоцекалната регија со линеарна сонда за дијагностицирање на АА, при што е користена актуелна класификација за поставување или отфрлање на дијагнозата зависно од добиениот наод. Кај помал дел од пациентите (31) е спроведена нативна спирална КТ, при што дијагнозата за АА поставувана зависно од

присуството или отсуството на јасно утврдени примарни или секундарни КТ-знаци за АА. Кај сите пациенти е спроведена лапароскопска експлорација по јасно утврден протокол, а интраоперативната дијагноза и степенот на апендицитисот е одредувана со користење на лапараскопската класификација за АА: а) 0-нормален апендикс; б) 1-црвенило и едем; в) 2-присуство на фибрин; г) 3А-сегментална некроза; д) 3Б-некроза на базата; ѓ) 4А-апсцес; е) 4Б-циркумскриптен перитонитис; и з) 5-дифузен перитонитис. Пациентите со интраоперативен наод за нормален апендикс се исфрлувани од понатамошно следење. Кај пациентите со спроведена ЛА или конверзија во отворен пристап е констатирано оперативното време, присуството на интраоперативни тешкотии и компликации или причината за конверзија ако ја имало. Постоперативно е следена состојбата кај пациентите на седмиот и триесеттиот постоперативен ден за појава на рани екстраабдоминални и абдоминални компликации. Од секој пациент/старател бил побаран потпис на документ за информирана согласност за учество во истражувањето. За прибирање на податоците е користен посебно конструиран анкетен прашалник за оваа цел. Согласно со појавата на тешкотии и компликации (интраоперативни, конверзија и постоперативни), примерокот на испитаници е поделен во 2 групи, и тоа: испитувана група, „без компликации” - со 51 пациент и контролна група „со компликации” - со 24 пациенти. Со статистичките методи е барана значајна разлика помеѓу групите во однос на вредностите на предоперативните клинички, лабораториски, УС и КТ-параметри, како и во однос на вредностите на бодовните системи, но и во однос на интраоперативниот наод за степенот на апендицитис, оперативното време и должината на болничкиот престој. Резултатите се претставени табеларно и графички.

## КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно со резултатите од ова истражување, пресметана е статистички значајна разлика помеѓу групите во однос на симптомот „гадење” со поголема застапеност во групата без компликации, понатаму во однос на бројот на пациенти со коморбидитети и ASA-скор ≥IIE има значително поголема застапеност во групата со компликации каде што има и значително подолго времетраење на симптоматологијата предоперативно. Од лабораториските параметри пресметани се значително повисоки вредности на тотален билирубин, CRP и натриум во серумот на пациентите од групата со компликации. Вредноста на тоталниот билирубин во серумот е независен предиктор за компликации при ЛА според спроведената мултиваријантна логистичка регресиона анализа. Не е пресметана сигнификантна разлика помеѓу групите во однос на вредностите на бодовните системи и резултатите од компјутерската томографија, а пациентите од групата со компликации имаат за 6 пати поголема веројатност за позитивен ултрасонографски наод. RIPASA-бодовниот систем има статистички значајно поголема сензитивност од AIR-системот и незначително поголема сензитивност од Alvarado-системот во поставувањето на дијагнозата за АА. Повисоките степени на апендицитис се значително повеќе застапени во групата со компликации. Кај пациентите од групата со компликации е пресметано статистички значајно подолго оперативно време и подолг болнички престој.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, согласно законските услови за објавување на два труда како прв автор во меѓународни научни списанија или еден во списание со импакт-фактор пред одбраната на докторската дисертација, ги објавил следниве рецензирани научно-истражувачки трудови:

1. Milev I, Velikj Stefanovska V, Karagjozov P, Mancheva Lj, Zendelska R. Utilization of laparoscopic appendectomy – a three-year experience. Physioacta 2018;12(1):47-57.

2. Milev I, Velikj Stefanovska V, Karagjozov P, Mancheva Lj. A safe laparoscopic appendectomy in relation to preoperative parameters – our experience. Physioacta 2018;12(3):1-10 (во печатење).

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот д-р Илија Милев, со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апенддектомија”, е истражување од областа на клиничката медицина и лапароскопската хирургија со основна цел да се олесни имплементацијата на лапароскопската апендектомија како дел од современиот пристап во третманот на едно многу често и значајно заболување како што е акутниот апендицитис. За оваа цел е направена успешна конструкција на истражувањето со јасен мотив и реални цели кои се изведени од мотивот на студијата. Се прави обид да се дадат јасни препораки за селекција на пациентите зависно од вредностите на детално образложените клинички, лабораториско, ехотомографски и КТ-параметри кај кои би се овозможило изведување на ЛА со помала опасност од разни тешкотии и компликации. Ваквата селекција би требала да овозможи зголемување на нивото на безбедност при изведување на ЛА, што од друга страна е секако услов за послободно користење на методата која и покрај сите предности и јасни препораки без скоро никакви ограничувања во примената сè уште е само половично застапена во третманот на АА.

Докторската дисертација на кандидатот д-р Илија Милев со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија”, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

Во согласност со сè што е наведено, Комисијата за оцена го донесе следниов:

## ЗАКЛУЧОК

Кандидатот д-р Илија Милев, вработен како дигестивен хирург во ЈЗУ Клиничка болница - Штип и воедно ангажиран на Факултетот за медицински науки при Универзитетот “Гоце Делчев” во Штип, во својата докторска дисертација со наслов „Предоперативни предиктивни фактори за безбедна лапароскопска апендектомија”, дава опширен вовед почнувајќи од историјатот, дијагностиката, индикациите, како и

релативните контраиндикации за безбедно изведување на ЛА. Целите се јасно одредени. Материјалот и методите, како и инклузивните и ексклузивните критериуми се прецизно наведени. Се работи за проспективна студија на 75 примероци. За сите оперирани пациенти е изготвен предоперативен прашалник - протокол што овозможува веродостојност на студијата. Покрај базичното клиничко-лабораториско иследување, како новитет во предоперативната дијагноза се употребени три бодовни скор-системи: Alvarado, AIR и RIPASA-бодовниот систем. Истакната е потребата и улогата на дополнителните имиџинг-постапки, како што се нативната спирална КТ и ултрасонографијата за доуточнување на дијагнозата на АА, како и статистичка евалуација на нивните вредности. Утврдено е дека ултрасонографијата има половична дијагностичка ефикасност, со нешто над 50 %, додека нативната спирална КТ има далеку поголема ефикасност со повеќе од 90 % и се битни индикатори во инклузивните и ексклузивнитите критериуми, вклучувајќи го и ASA – E скорот за безбедно изведување на ЛА. Материјалот е темелно статистички обработен, а методите се наведени во шестата глава која се однесува на статистичката обработка работена во соработка со Институтот за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицинскиот факултет во Скопје. Поставените хипотези за секоја област што се иследува одделно се докажани или отфрлени според добиените резултати.

Врз основа на сите направени анализи и добиените резултати, земајќи ги предвид и демографските одредници, степенот на едукација на кадарот, како и техничките можности на здравствените и хируршките установи во Р Македонија, изготвен е редослед на постапки – алгоритам за дијагноза, селекција на пациентите, како и самата хируршка постапка со можност за предвидување на тешкотиите, компликациите и конверзијата што би можеле да настанат при изведувањето на ЛА.

Исто така, се истакнува дека со поголемата едукација на кадарот или совладувањето на кривата на учење – learning curve, би требало да се зголеми процентот на ЛА до разумни граници, секако земајќи ги предвид добро наведените и стандардни контраиндикации за ЛА.

Трудот има значителен клинички придонес и отвора можности за примена на безбедна ЛА кај овој навидум тривијален проблем во хирургијата, давајќи јасен патоказ – алгоритам за нејзина примена. Трудот претставува типичен пример дека ништо не е толку совршено за да не може да се надгради и усоврши.

Срдечно му предлагаме на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја усвои рецензијата и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана на трудот.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Никола Јанкуловски, претседател с.р**

**Проф. д-р Александар Караѓозов, ментор с.р**

**Проф. д-р Зоран Караџов, член с.р**

**Проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, член с.р**

**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член с.р**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“

## ОД М-Р АНЕТА АРНАУДОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на 17. седница одржана на 28.9.2018 година година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Арнаудовска со наслов ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во состав: проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска(претседател), проф. д-р Гоце Наумовски (ментор), проф. д-р Владо Бучковски (член), проф. д-р Никола Тупанчевски (член) и проф. д-р Саша Кнежевиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Арнаудовска, со наслов ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, содржи 400 страници компјутерски обработен текст во фонт TimesNewRoman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 412 фусноти, 206 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во четири глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува дека во современите документи усвоени од страна на меѓународните организаци, пред се на Советот на Европа и ОН, како и на бројните меѓународни форуми кои се однесуваат на правосудството, покрај императивот за градење и унапредување на гаранциите за судската независност и непристрасност, на националните правосудства, се повеќе им се наметнуваат и тие за ефикасно и квалитетно правораздавање.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „Аргумент, аргументација, правна аргументација, теоретски пристап кон правната аргументација“. Во неа се анализирани: поим, елементи, структура и дефиниции на аргумент и аргументација, улога и начин на употреба на аргументацијата; поими на правна логика, правно расудување и правна аргументација; теоретски приказ на правната аргументација; општи правни теории (особено) на правниот позитивизам и нивниот отпор кон новата научна дисциплина; разграничување на основните концепти на правниот позитивизам и теоријата на правна аргументација; основниот спор помеѓу правниот позитивизам и аргументационата теорија низ призмата на неколку теоретски расправи и заклучни согледувања во однос на некои концепти на харт; основна поделба на правците на современите аргументационите теории; процесот на правната аргументација како дел од судската расправа- дијалог- неколку теоретски гледишта како основа за разграничување на системите на цивилното право од системите на обичајното право; поделба на случаите на лесни и тешки – централно прашање на теоретските спорови и усогласувања

**Втората глава** ги анализира: судската аргументација - премин од теоријата кон практиката; карактерот на судското расудување и одлучување: поимот на вистина, современата адврзијална постапка и аргументацијата, карактерот на судската аргументација според теориите на правен формализам и правен реализам, согледување во однос на теориите за правен формализам и правен реализам и нивните варијанти, некои особини на судското расудување согласно со истражувањата во правото и вештачката интелигенција, граници на судското расудување (аргументација).

Во **третата глава** се анализирани: судската аргументација – парадигма на практична аргументација; употребата на аргументите во толкувањето на законот и оправдувањето на судската одлука - во нивно нераскинливо единство; употребата на одделните видови аргументи и нивното оправдување во образложението на судската одлука; причините за употреба на разни видови аргументи; примената на аргументи врз правни принципи.

Во **четвртата глава** се анализира: влијанието на правната аргументација во подобрувањето на квалитетот на судските одлуки; меѓународни документи за независно судство - новите димензии на меѓународните гаранции за судската независност и непристрасност согласно изменетата улога на судијата; меѓународните гаранции за независно и непристрасно судство и нивна практична имплементација низ практиката на ЕСЧП; слободата на изразување на судијата и непристрасноста на судската одлука; судската корупција и нејзиното влијание врз судската одлука; поим и елементи на категоријата на квалитет на судството; независно и непристрасно наспроти ефикасно и квалитетно судство; стандарди за квалитет на правдата – правосудството; стандардите за квалитет во најновите меѓународните документи; процес и методи на евалуација на квалитетот и квантитетот на работата на судијата; квалитет на судските одлуки.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Подобрување на правната аргументација со цел подобрување на квалитетот на кривичните одлуки во интерес на странките кои бараат пристап до судот , правично и ефикасно остварување на правата и слободите, но и подобрување на перцепцијата и угледот на судството во јавноста.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Земајќи ја предвид комплексноста на оваа научна област, нејзината недоволна истраженост и особено фактот дека се работи за нова научна дисциплина, во оваа докторска теза е направен обид да се даде одговор на дел од овие прашања.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Компаративниот метод - применет за споредбена анализа како еден од основните сознајни процеси при детерминирањето на определен институт. Преку анализата на споредбеноправните и меѓународните документи и практиката на одделните државни кои се истражуваат, како и на меѓународите судови, со фокус на ЕСЧП, согледани се сличностите и разликите помеѓу земјите на континенталниот правен систем и тие на „комон лоу" во поглед на правната аргумантацијата, улогата на судијата во примена на законите и границите на судската дискреција, користењето на различни видови аргументи во судските одлуки, а со цел подобрување на нивниот квалитет.

Историски метод: со цел осознавање на историскиот развој на истражувањата и правците во развојот на школите за правната аргуемнтација, особено со оглед на тоа што се работи за релативно нова научна дисциплина.

Социолошки метод: за анализата на прашањето за оправданоста од преземање на мерки за подобрување на правната аргументција на судските пресуди, во правец кон подобро, квалитетно правораздавање, во корист на граѓаните на РМ.

Догматски метод: при обработката на основните институти.

Аналитичко- синтетички метод: при анализите на правните документи, прописи и правни извори за регулирање на оваа област.

Методи на индукција и дедукција: при донесување на заклучоци и констатации за научните можности кои би ги понудил овој труд, а особено да предизвика понатамошни истражувања во оваа недоволно проучена област.

Дијалектички метод: при сумирањето на резултатите на целокупното истражување и научната анализа.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Разгледана е можноста за развој на модули за подобрување на вештините на судиите и другите учесници во судските процеси за т.н. меки вештини (soft skills), како што се: критичко мислење, комуникациски вештини, реторика, за правно аргументирање и оправдување на одлуките (argumentation skills- кои досега, главно се развивале на факултетите и при едукацијата на правните практичари во САД и другите земји на „комон лоу" системите). Се поставува и прашањето, дали и во која мера, во тоа може да помогне процесот и механизмите на евалуација на квалитетот на одлуките на судиите и на нивната обврска за пишување на јасни, разбирливи, писмени и образложени одлуки, при истовремено гарантирање на судската независност и судската креативност. Разработено е прашањето, дали во областа на правната аргументација и оправдувањето на судските одлуки може да се извлечат некои

заеднички стандарди и правила, се разбира, покрај оние што се дадени во законските одредби за образложение на одлуките, но кои очигледно не се единствени елементи во правната аргументација. Истражувањето е лоцирано потесно на кривичната област и тоа само во однос на одредени пресуди на судовите од сите степени, кои според една вообичаена категоризација (преземајќи го ризикот дека во теоријата за тоа нема утврдена јасна дистинкција), се поделени на лесни и тешки, со оглед на висината на казната предвидена во Кривичниот законик.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Арнаудовска, со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** претставува истражување во научното подрачје на општествените науки, научно поле: правни науки, научна област: правна аргументација и реторика (се наведува научното подрачје/потесната област). Изработката на темата на оваа докторска дисертација имала прагматична цел, односно да се утврди каков вид на правна аргументација се користи од страна на судиите во Република Македонија во кривичната област, дали и во која мера правната аргументација на судските одлуки е клучна компонента на квалитетот на една судска одлука, како и придонес во подобрувањето на оваа научна област; детектирање на аргументите кои се користат во судовите во Република Македонија при носење на кривичните пресуди, на трите инстанци, Основен суд 1 Скопје, вклучувајќи го Одделението за организиран криминал и корупција, Апелационен суд Скопје, редовни правни лекови, Врховен суд Скопје, кривичните одлуки по повод вонредните правни лекови (се наведуваат целта и очекуваниот научен придонес).

Докторската дисертација на кандидатката м-р Анета Арнаудовска, со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автор-и: м-р Анета Арнаудовска , објавен: ПРАВНА РАМКА НА КОНФИСКАЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, The Macedonian Journal for Criminal Law and Criminology- Ревија бр.1/2018 год 25.

[2]. Автор-и: м-р Анета Арнаудовска, објавен: UNDERSTANDING AND COMBATING JUDICIAL CORRUPTION, Journal of Liberty and International Affairs | Vol. 4, No. 1 | June 2018.

Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката се: придонес во подобрувањето во научната област правна аргументација и реторика, посебно во делот на квалитетот на кривичните пресуди во Република Македонија.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: научно подрачје - општествени науки.

Можните понатамошни истражувања се: со оглед на тоа што станува збор на научно поле/ област кое не е досега истражено, понатаму ќе се продолжи во иста насока со цел унапредување на вештините на судиите во оваа област, но и внесување нова наставна програма при обуките на судиите, обвинителите, како и во високото образование.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Анета Арнаудовска** со наслов **ВЛИЈАНИЕ НА ПРАВНАТА АРГУМЕНТАЦИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ПРЕСУДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Мирјана Поленак Аќимовска, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Гоце Наумовски, ментор, с.р.**

**Проф. д-р Владо Бучковски, член, с.р.**

**Проф. д-р Никола Тупанчевски, член, с.р.**

**Проф. д-р Саша Кнежевиќ, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН РАБОТНИК ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Вечер" и „Lajm" од 23.8.2018 година, за избор на научен работник во сите научни звања од научните области орална патологија и пародонтологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.02-2426/1, донесена на 19.9.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Маја Пандилова, редовен професор на Стоматолошкиот факултет, проф. д-р Анета Атанасовска-Стојанова, редовен професор, и проф. д-р Снежана Пешевска, редовен професор. Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на научен работник во сите научни звања од научната област орална патологија и пародонтологија, во предвидениот рок се пријави н. сор. д-р Соња Миндова, вработена на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет Скопје, на Катедрата за болести на устата и пародонт и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон" во Скопје.

### 1. Н. СОР. Д-Р СОЊА МИНДОВА

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката, н. сор. д-р Соња Миндова е родена на 29.05.1958 година во Битола, Р Македонија. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз" во Битола. Со високо образование се стекнала на Стоматолошкиот факултет при УКИМ, кадешто и дипломирала во 1988 година. Во учебната 2002/2003 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во учебната 2004/2005 година. На 15.1.2007 година го одбранила магистерскиот труд на тема: ,,Пародонтопатијата и коронарната срцева болест причинско-последична врска или асоцијација". Докторската дисертација на тема „Пушењето-модифицирачки ризик- фактор во етиопатогенезата на пародонталната болест" ја одбранила на 25.5.2011 година, пред комисија во состав: проф. д-р К. Ивановски, проф. д-р З. Белазелкоска, проф. д-р М. Поповска, проф. д-р И. Ѓоргоски и проф. д-р М. Накова. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на стоматолошки науки.

Со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот се стекнала во 1999 год.

Во звањето **помлад асистент** на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет во Скопје е избрана во 2004 година, а реизбрана е во 2006. Во 2008 година, кандидатката е избрана за **асистент**. Во 2013 е избрана во звањето во научен соработник по група предмети од областите орална патологија и пародонтологија. Последниот реферат за избор на кандидатката е објавен во Билтенот на Универзитетот број 1070 од 30.4. 2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.846,891,940, 1070, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност, на Стоматолошкиот факултет, кандидатката д-р Соња Миндова изведува теоретска и практична настава, на прв циклус студии на студиските програми за доктори на дентална медицина, стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози, стручни забни техничари, како и на студиските програми од втор и трет циклус студии за доктори на дентална медицина.

Кандидатката била ментор на вкупно десет студентски теми, презентирани на студентските конгреси на стоматолозите, од кои две се наградени (2 и 3 награда). Исто така ментор е на голем број стажанти кои го реализираат задолжителниот стаж, како и коментор на голем број специјализанти. Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на еден дипломски труд.

До изборот во звањето научен соработник, кандидатката е коавтор на: практикумот „Орална биохемија";„Дијагностички и тераписки протоколи во стоматологијата",2010"; „Стратешки план за развој на стоматологијата во Република Македонија во периодот 2011-2021 година", Стоматолошка комора на Македонија, Скопје, 2010; „Јавноздравствени аспекти на пародонталната болест". Учебниците се наменети за студентите од прв и втор циклус студии, како и за специјализантите.

По изборот во звањето научен соработник, кандидатката е коавтор на учебното помагало со наслов „Клиничка пародонтологија – практикум". Кандидатката изготвила и пакет материјали за вежби за предметот Клиничка пародонтологија 1.

**Стручно-апликативна и дејности од поширок интерес**

Д-р Соња Миндова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" во Скопје, како лекар специјалист. Учествува во комисии и тела на државни и други органи, како и во комисии на сесии на конгреси со меѓународно учество.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Соња Миндова има објавено вкупно 95 научни трудови во научни списанија со меѓународен уредувачки одбори, учебници, учебни помагала и книги.

Д-р Соња Миндова била член на еден национален проект. Активно учествувала со усни и постерски презентации на научно - стручни собири со домашно и меѓународно учество.

Трудовите под реден број од 1 до 4 за избор во звањето помлад асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 846 од 2004 година. Трудовите под реден број од 5 до 8 за реизбор во звањето помлад асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 891 од 2006 година. Трудовите под реден број од 9 до 14 за избор во звањето асистент се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 940 од 2008 година. Трудовите под реден број од 15 до 28 за избор во звањето научен соработник се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 1070 од 2013 година. За тековниот избор, кандидатката ги приложила следниве трудови:

68. Апостолова Г.,Костадинова М., **Миндова С.,** Грчев А. Ризик фактори за појава на компликации по хируршка екстракција на трети молар. Аполонија 13.26,9-17,2011.

Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1167. од 2018 год.

69.Ивановски К., Пандилова М., Коколански В., Дирјанска К., **Миндова С.,** Стефановска Е., Ристоска С.Влијанието на вкупните семејни приходи врз пародонталното здравје. Архиви на јавно здравјеVol.5 No2 9-7 2013. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162. од 2018 год.
70. Nikolovska J., Petrovski D**., Mindova S.,** Dirjanska K., Mancevska S. Job satisfaction among dentists in Macedonia,18th- Annual Congress Of Public health - november,2013, Malta. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1141 од 2017 год.
71.Ивановски К., Георгиева С., Пандилова М., Пешевска С., **Миндова С.,** Стефановска Е., Кокалански В. Информираната согласност во македонската практика, Македонски стоматолошки преглед 2013; 36 (1-2): 79-98. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1162 од 2018 год.
72.Nikolovska J.,Mancevska S.,Kapusevska B.,Popovska L.,**Mindova S.** An assessment of career satisfaction among makedonian dentists, Contributions Sec. Med.Sci.XXXV1:24 256-261 2014. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1141 од 2017 год.
73.Стефановска Е., Пандилова М., Георгиева С., Пешевска С., Ивановски К., Ристоска С., **Миндова С.,** Дирјанска К. Озон терапија, нов модалитет во пародонтологија. Македонски стоматолошки преглед.2014; (37) 1-2: 77-84. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1162 од 2018 год.
74.Ivanovski K., PandilovaM., PesevskaS., Georgieva S., **Mindova S.,** Dirjanska K., Stefanovska E.,Ristoska S., Velickovski B. Salivary flow and xerostomia in patients undergoing antihypertensive therapy. Physioacta.2014; 8 (1): 41-49. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1162 од 2018 год.
75.Stefanovska E, Zabokova-Bilbilova E, Pesevska S, **Mindova S,** Ristoska S. Periodontal health and oral findings in patients with intellectual disabilities. Stomatološki vjesnik. 2015; 4 (2): 85-91. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
76. **Mindova S**., Ristoska S., Stefanovska E, Periodontal disease as a risk factor for teeth extraction 6 Kongres stomatologa Vojvodine, 2015godina Novi Sad. Целта на овој труд е да се утврдат индикациите за екстракција на забите како последица на пародонталната болест. Вкупно биле проследени 317 пациенти, кои биле поделени во две групи според возраста. Првата група ја сочинувале пациенти од 20 до 40 години, а втората група од 50 до 70 години. Кај сите пациенти била утврдена причината за екстракција на забите. Од добиените резултати може да се констатира дека во втората група кај 82,5% причина за екстракција на забите била пародонталната болест, додека во првата група - Parodontitis chronica apicalis granulomatosa кај 25,28% од испитаниците. Трудот има научен и апликативен придонес.

77. Дирјанска К., Стефановска Е., **Миндова С.,** Ристоска С. Улогата на оксидативниот стрес во прогресија на пародонталната болест,7. Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. Целта на овој труд била да се утврди проценката на оксидативниот стрес кај пациенти со различни стадиуми на хронична пародонтална болест, како и влијанието на пушачките навики. Пациентите биле поделени во две групи- пушачи и непушачи, селектирани врз основа на клиничкиот стадиум. Слободните радикали биле одредувани во серум со колориметриски метод со фотометар. Резултатите од оваа студија покажуваат дека кај пациентите со напредната пародонтална болест -пушачи има поголемо ниво на слободни радикали во серум во однос на групата непушачи. Трудот има научен и апликативен придонес.

78. Ристоска С., Поповска М., Георгиева С.,Стефановска Е., **Миндова С**., Ренџова В, Корелација помеѓу ткивните нивоа на ММП-1 и клиничките параметри кај пациенти со агресивна пародонтопатија, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр. 1126 од 2016 год.
79. Стефановска Е., Поповска М., Ристоска С., **Миндова С.,** Дирјанска К. Гингивално-флуидни маркери кај гингивална и пародонтална болест, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. Целта на оваа студија била да се изврши проценка на гингивално-флуидните концентрации на IL 1-alpha, IL 1-beta и TNF-alpha кај пациенти со гингивит и пациенти со почетна рана форма на пародонтална болест. Студијата опфатила 90 пациенти и кај двете групи се детектирани гингивалните индекси (ИДП, ИГИ и ИГК) кои потоа се компарирани со

пациенти со здрав гингивално-пародонтален комплекс. Вредностите за гингивално-флуидните концентрации за сите испитаници покажале висока статистичка сигнификантност во однос на сите испитувани групи, како и во однос на здравите испитаници. Со предложените флуидни маркери може лесно да се направи разлика помеѓу здрава и инфламирана регија, но не може со сигурност да се направи разлика помеѓу гингивит и пародонтална болест. Трудот има научен и апликативен придонес.

80. Поповска М., Стефановска Е., **Миндова С.,** Ристоска С., Зендели-Бецети Л. Нано-оксидансите во третманот на оралните заболувања, 7-ми Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. Целта на оваа студија била да се испита ефектот на NBF gingival gel-от, при лекување на одделни орални заболувања. Проследени се двајца пациенти со изгореници, тројца со glossitis, 10 со eroziven lihen planus и 4 пациенти со erythema exudativum. Кај сите пациенти бил применет NBF gingival gel-от 3 пати, дневно и промените биле следени 3, 7, 10 и 14 ден од апликацијата. Како контрола биле пациенти со лезии блиски со димензите од испитуваната група, но третирани со Solcodental adhesive pasta. Кај двете групи е следена епителизацијата во апострофираниот временски период. Од добиените резултати може да се заклучи дека епителизацијата е поуспешна кај пациенти со eroziven lihen planus, glossitis и erythema exudativum третирани со NBF gingival gel-от. Изгорениците покажале идентична реакција на епителизација на двата препарата. Трудот има научен и апликативен придонес.

81. Popovska M., Fidovski J., **Mindova S**., Dirjanska K., Ristoska S., Stefanovska E., Radojkova-Nikolovska V., Mitic K., Rusevska B.The effects of NBF gingival gel application in treatmen of the erosive lichen planus: Case Report Maced J Med Sci 2016,1-26.

Целта на трудот е клинички мониторинг на тераписките ефекти на NBF gingival gel-от од терапијата на ELP кај 29-годишен пациент третиран со топична апликација на NBF gingival gel-от, три пати на ден со претходно испирање со Clorhexidine gluconate. По три неделна апликација не се детектирани лезии на оралната лигавица и комплетна ремисија по 4 недели. Трудот има научен и апликативен придонес.

82. Pesevska S., Ivanovski K., **Mindova S.,** Kaftandzieva A., Ristoska S., Stefanovska E., Pandilova M., Georgieva S., Dirjanska K.,Pop Janeva I., Koneski F. Bacterial Contamination of the Toothbrushes. J.Int.Dent.Med.Res. 2016; 9(1): 6-12. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.

83. **Миндова С.,** Георгиева С., Ристоска Е., Стефановска Е. Грижата за оралното здравје кај трудници, 3 Конгрес на Здружението на специјалисти по ортодонција со меѓународно учество, Охрид, 2016 година. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.

84. Pesevska S. Kesic Lj., Ivanovski K., Pandilova M., Georgieva S., **Mindova S.,** Ristoska S., Stefanovska S., Curcieva Cuckova G., Apostolova G., Maneva M., Koneski F**.** Laser analgesic during orthodontic therapy. Acta Stomatologica Naissi. 2017; 33: 1763-1771. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.

85. Пешевска С., Кафтанџиева А., Ивановски К., **Миндова С.,** Ивановска М., Дирјанска К. Контаминација на четките за заби со микроорганизми. 5.Конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид,28-312014, Зборник на резимеа п.Б45. Мак.мед.преглед.Год:86 (Suppl (86).стр. 1-170. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.

86. Пешевска С, Ивановска М, Ивановски К, Кафтанџиева А, **Миндова С,** Ристоска С, Стефановска Е. Ефикасност на антимикробните раствори во одржувањето на четките за заби. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, 11-14 јуни 2015. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.

87. **Миндова С.,** Поповска М., Ивановски К.,Пешевска С., Ристоска С., Дирјанска К., Стефановска Е. Како ефектите од пушењето влијаат на пародонталната болест. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество,

Охрид, 11-14 јуни 2015. Книга на апстракти 315. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
89. **Миндова С.,** Ивановски К.,Пешевска С.,Ристовска С.,Стефановска Е., Николовска Ј., Апостоловска Г. Ефектот на аспиринската терапија врз пародонталниот статус. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, Книга на апстракти 555. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
90.**МиндоваС.,**Ивановски К.,Пешевска С.,Стефановска Е.,Ристоска С.,Николовска Ј.,Апостоловска Г. Анализа на клиничките ефекти на Paradentot во третманот на пародонталната болест. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, Книга на апстракти 565. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
91. Пешевска С., Апостолова Е., Ќурчиева –Чучкова Г., Гавриловиќ И., **Миндова С.,** Стефановска Е. Динамика и карактеристики на болка по иницијално поставен лак кај пациенти третирани со аналгетици. 3 Конгрес на Здружението на специјалисти по ортодонција при МСД со меѓународно учество. Книга на апстракти. Охрид, 12-15 мај 2016, Книга на апстракти 178. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
92. Atanasovska Stojanovska A., Georgievska E., Milevski M., **Mindova S**. Labial frenectomy performed with two different techniques-benefits and disadvantages. International Dental Journal, volume 66, issue supplement S1, Special issue, Abstracts of the 104th FDI Annual World dental Congres, September 7-10. 2016, Poznen, Poland. Трудот е рецензиран во Билтенот на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бр.1162 од 2018 год.
93**.Mindova S.,**Ivanovski K., Pesevska S., Georgieva S.,Stefanovska E., Ristoska S., Dirjanska K., Konevski F. Effects of smoking to the lipid profile in patients with periodontal disease. Macedonian Dental Review.2018; 41 (1-2):17-24. Целта на овој труд била да се утврдат ефектите на пушењето на липидниот статус кај пациенти со пародонтална болест преку проследувсње на серумската динамика на липидните параметри (триглицериди, вкупен холестерол, ЛДЛ и ХДЛ холестерол). Студијата опфатила 90 испитаници, поделени во испитувана група (45) сочинета од пациенти пушачи со дијагностицирана пародонтална болест и контролна група (45) непушачи со пародонтопатија на возраст 40-60 години. Според бројот на испушени цигари, пациентите од испитуваната група биле поделени во три подгрупи од 15 испитаници. Првата подгрупа ја сочинувале пациенти кои пушат до 10 цигари на ден (лесни пушачи). Втората подгрупа ја сочинувале пациенти кои пушат од 10 до 20 цигари на ден (умерени пушачи). Третата подгрупа ја сочинувале пациенти кои пушат над 20 цигари (страсни пушачи). Кај двете групи на испитаници биле нотирани индексните вредности на дентален плак по Silness-Loe (IDP), гингивална ифламација по Loe Silnes (IGI), гингивално крвавење по Cowell (IGK) и губиток на припој (Ramfjord). Анализата на вкупниот холестерол и ХДЛ- холестеролот регистрираат разлика на просечните вредности кај трите испитувани подгрупи која е статистички сигнификантна, но просечните вредности на ХДЛ-холестеролот кај втората и третата подгрупа и контролната група се во границите на референтните, додека просечната вредност на првата подгрупа е повисока од референтната вредност. Трудот има научен и апликативен придонес.

94. Pandilova M.,Petrovic D., Ivanovski K., Pesevska S., Korunovska-Stefkovska V., **Mindova S.,** Dirjanska K., Stefanovska E., Mitik K., Ristoska S. Optimal oral health within different age groups among the population of Republic of Macedonia.Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2):54-257. Целта на овој труд била да се согледа колкав дел од населението од различни возрасни групи на територијата на Република Македонија го задоволуваат критериумот на оптимално орално здравје.Испитувањето било спроведено од студенти на стоматологија во средините во кои живеат. За поставената цел бил изработен прашалник, како и податоци од анкетираните за да се провери веродостојноста на добиените податоци. Прашалникот се состоел од три групи прашања. Првиот дел од прашалникот се однесувал на социоекономскиот статус и навиките на испитаниците, вториот дел на бројот на протетската згриженост, додека третиот дел на причината за губење на забите. Вкупно биле анкетирани 2367 испитаници од различни региони на

Република Македонија. Во оваа студија, авторите испитаниците ги поделиле во три возрасни категории и тоа на лица на возраст од 35 до 55- годишна возраст, лица од 55 до 65- годишна возраст и последната група- лица над 65- годишна возраст. Од добиените резултати авторите заклучиле дека кај многу мал дел од популацијата е присутен критериум за оптимално орално здравје, и дека со зголемување на возраста се намалува бројот на испитаници кој го задоволуваат овој критериум. Најризична возрасна група е помеѓу 35-55 години кадешто дури 50% не го задоволиле критериумот за оптимално орално здравје. Трудот има научен и апликативен придонес.

95. Apostolova G., Peeva Petreska M., Velevska Stefkovska D., **Mindova S.,** Pesevska S., Cholakova V., Markovic Temelkova S. Assessment of mineralization of oral surgical defects in patients with diabetes mellitus according to HbA1C. Phisioacta Vol.12(2) 35-42 2018.Целта на оваа студија била да се одреди вредноста на гликоза (како индикатор за степенот на регулираноста на дијабетесот) и нејзиното евентуално влијание врз процесот на минерализација проследен преку пораст на коскената густина на оралнохирушки дефекти кај пациенти со дијабетес. Изработена е проспективна клиничка студија на 100 испитаници, поделени во две групи, група испитаници со дијабетес (60) и контролна група испитаници кои немаат дијабетес (40). Кај сите испитаници биле проследени вредностите на гликоза како и процентот на зараснување на оралнохирушкиот дефект во однос на околната здрава коска во период од 12 месеци. Вредностите кај пациенти со дијабетес значајно влијаат врз динамиката на минерализација проследена преку пораст на коскената густина на оралнохирушките дефекти на контролата по 12 месеци. Трудот има научен и апликативен придонес.

96. Дирјанска К., Радојкова-Николовска В., Ристоска С., Миндова С., Стефановска Е., Митиќ К.

Клиничка пародонтологија практикум, Стоматолошки факултет, 2014, Скопје.

97. Атанасовска-Стојановска , Пешевска С , Миндова С

Пародонтолошки картон- дополнителни студентски помагала, Стоматолошки факултет, 2015, Скопје.

# ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Соња Јован Миндова**
**Институција: Стоматолошки факултет -Скопје**
**Научна област: ОРАЛНА ПАТОЛОГИЈА И ПАРОДОНТОЛОГИЈА**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект** | |
| | „Застапеност на оптималното орално здравје кај возрасното население на територијата на Р. Македонија“, 2015 – 2016 г.<br>Проектот е финансиран од Тамидентал ДОО – Скопје, застапник на Curaprox – во Р Македонија. Со одлука на Научно-наставничкиот совет бр. 02-2365/2. | 3 |
| 2. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно стручно списание** | |
| | Ивановски К., Георгиева С., Пандилова М., Пешевска С., **Миндова С.,** Стефановска Е., Кокалански В. Информираната согласност во македонската практика, Македонски стоматолошки преглед. 2013 36(1-2)79-98. | 2,4 |
| | Стефановска Е., Пандилова М., Георгиева С., Пешевска С., Ивановски К., Ристоска С., **Миндова С.,** Дирјанска К. Озон - терапија, нов модалитет во пародонтологијата. Македонски Стоматолошки преглед.2014; (37) 1-2: 77-84. | 2,4 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Апостолова Г., Костадинова М., **Миндова С**., Грчев А. Ризик фактори за појава на компликации по хирушка екстракција на трети молар,Аполонија 13.26,9-17,2011. | 3,6 |
| | Ивановски К., Пандилова М., Коколански В., Дирјанска К., **Миндова С.,** Стефановска Е., Ристоска С. Влијанието на вкупните семејни приходи врз пародонталното здравје. Архиви на јавно здравје Vol.5 No2 2013.18-34 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ivanovski K., PandilovaM., PesevskaS., Georgieva S., **Mindova S.,** Dirjanska K., Stefanovska E., Ristoska S., Velickovski B. Salivary flow and xerostomia in patients undergoing antihypertensive therapy. Physioacta, 2014; Vol 8. No1: 41-49. | 3,6 |
| | Nikolovska J.,Mancevska S.,Kapusevska B.,Popovska L.,**Mindova S.** An assessment of career satisfaction among macedonian dentists, Contributions Sec. Med.Sci. XXXV<br>1-24,2014.256-261 | 3,6 |
| | Stefanovska E , Zabokova-Bilbilova E , Pesevska S , **Mindova S** , Ristoska S. Periodontal health and oral findings in patients with intellectual disabilities. Stomatološki vjesnik 2015; 4 (2):85-91. | 3,6 |
| | Pesevska S., Ivanovski K.,**Mindova S.,** Kaftandzieva A., Ristoska S., Stefanovska E., Pandilova M., Georgieva S., Dirjanska K., Pop Janeva I., Koneski F. Bacterial Contamination of the Toothbrushes. J.Int. Dent.Med.Res.2016;9: (1):6-12. | 3,6 |
| | Popovska M., Fidovski J., **Mindova S**., Dirjanska K., Ristoska S., Stefanovska E., Radojkova-Nikolovska V., Mitic K., Rusevska B.The effects of NBF gingival gel application in treatmen of the erosive lichen planus: Case Report Maced J Med Sci Jan 2016,1-6. | 3,6 |
| | Pesevska S. Kesic Lj., Ivanovski K., Pandilova M., Georgieva S., **Mindova S.,** Ristoska S., Stefanovska S., Curcieva Cuckova G., Apostolova G., Maneva M., Koneski F. Laser analgesic during orthodontic therapy. Acta Stomatologica Naissi. 2017;33:1763-1771. | 3,6 |
| | **Mindova S.,**Ivanovski K., Pesevska S., Georgieva S.,Stefanovska E., Ristoska S., Dirjanska K., Konevski F. Effects of smoking to the lipid profile in patients with periodontal disease. Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2):17-24. | 3,6 |
| | Pandilova M.,Perovic D., Ivanovski K., Pesevska S., Korunovska-Stefkovska V., **Mindova S.** Optimal oral health within different age groups among the population of R Mecedonia Dirjanska K., Stefanovska E., Mitik K., Ristoska S.Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2):54-257. | 3,6 |
| | Apostolova G., Peeva Petreska M., Velevska Stefkovska D., **Mindova S.,** Pesevska S., Cholakova V., Markovic Temelkova S. Assessment of mineralization of oral surgical defects in patients with diabetes mellitus according to HbA1C. Phisioacta 2018.Vol12 (2) 35-42. | 3,6 |
| 5. | **Трудови со оргигинални научни/ стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Atanasovska Stojanovska A, Georgievska E, Milevski M, **Mindova S**. Labial frenectomy performed with two different techniques-benefits and disadvantages. International Dental Journal, volume 66, issue supplement S1, Special issue, Abstracts of the 104$^{th}$ FDI Annual World dental Congres, September 7-10. 2016, Poznen, Poland. **IF-1,362** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Mindova S**., Ristoska S., Stefanovska E, Periodontal disease as a risk factor for teeth extraction. 6 Kongres stomatologa Vojvodine, 2015 godina Novi Sad. | 1 |
| | Nikolovska J., Petrovski D**., Mindova S.,** Dirjanska K., Mancevska S. Job satisfaction among dentists in Macedonia,18th-Annual Congress of public health November,2013, Malta. | 1 |
| 7. | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | |
| | **Миндова С.,** Поповска М., Ивановски К.,Пешевска С., Ристоска С., Дирјанска К., Стефановска Е. Како ефектите од пушењето влијаат на пародонталната болест. Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, Охрид. | 2 |
| 8 | **Пленарни предавања на научен-стручен собир со меѓународно учество** | |
| | **Миндова С**. Можната поврзаност на пародонталната и коронарната болест, 25 Конгрес на студентите по стоматологија, 2018 год, Охрид. | 3 |
| 9. | **Апстракти објавени во зборник на конференција** | |
| | **Миндова С.,** Георгиева С., Ристоска Е., Стефановска Е. Грижата за оралното здравје кај трудници, 3 Конгрес на Здружение на специјалисти по ортодонција со меѓународно учество, Охрид, 2016 година. | 1 |
| | Стефановска Е., Поповска М., Ристоска С., **Миндова С.,** Дирјанска К. Гингивално-флуидни маркери кај гингивална и пародонтална болест, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. | 1 |
| | Ристоска С., Поповска М., Георгиева С.,Стефановска Е., **Миндова С**., Ренцова В. Корелација помеѓу ткивните нивоа на ММП-1 и клиничките параметри кај пациенти со агресивна пародонтопатија, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. | 1 |
| | Дирјанска К., Стефановска Е., **Миндова С.,** Ристоска С. Улогата на оксидативниот стрес во прогресија на пародонталната болест, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. | 1 |
| | **Миндова С.,** Поповска М., Ивановски К., Пешевска С., Ристовска С., Дирјанска К., Стефановска Е. Како ефектите од пушењето влијаат на пародонталната болест. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, 315. | 1 |
| | Поповска М., Стефановска Е., **Миндова С.,** Ристоска С., Зендели-Беџети Л. Нано-оксидансите во третманот на оралните заболувања, 7 Конгрес на стоматолозите со меѓународно учество, Охрид, 2015 година. | 1 |
| | **Миндова С.,** Ивановски К.,Пешевска С.,Ристовска С., Стефановска Е., Николовска Ј., Апостоловска Г. Ефектот на аспиринската терапија врз | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | пародонталниот статус. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, 555. | |
| | **МиндоваС.,** Ивановски К., Пешевска С., Стефановска Е., Ристоска С., Николовска Ј., Апостоловска Г. Анализа на клиничките ефекти на Paradentot во третманот на пародонталната болест. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество, Охрид, 11-14 јуни 2015, 565 . | 1 |
| | Пешевска С., Кафтанџиева А., Ивановски К., **Миндова С.,** Ивановска М., Дирјанска К. Контаминација на четките за заби со микроорганизми. 5 Конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Зборник на резимеа. Охрид, 28-31 мај 2014, стр.162-163. | 1 |
| | Пешевска С., Ивановска М., Ивановски К., Кафтанџиева А., **Миндова С.,** Ристоска С., Стефановска Е. Ефикасност на антимикробните раствори во одржувањето на четките за заби. 7 Конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество. Охрид, 11-14 јуни 2015, 31. | 1 |
| | Пешевска С., Апостолова Е., Ќурчиева –Чучкова Г., Гавриловиќ И., **Миндова С.,** Стефановска Е. Динамика и карактеристики на болка по иницијално поставен лак кај пациенти третирани со аналгетици. 3 Конгрес на Здружението на специјалисти по ортодонција при МСД со меѓународно учество. Книга на апстракти. Охрид, 12-15 мај 2016, 178. | 1 |
| | **ВКУПНО ОД НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **67,20** |

**СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (стручно-апликативна)** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Книга од стручна област** | |
| | Клиничка пародонтологија практикум, Стоматолошки факултет, 2014, Скопје. | 7 |
| 2. | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Атанасовска–Стојановска А, Пешевска С., Миндова С. Клиничка пародонтологија 1-Картон за пациент. Пакет материјали за вежби. Стоматолошки факултет, Катедра за болести на уста и пародонт,Скопје, 2016. | 1 |
| 3. | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството,** специјалист по болести на устата и пародонтот, 1999 год. | 1 |
| 4. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | 1 | 0,1 |
| 5 | **Ментор и едукатор на здравствена едукација** | |
| | 20 кандидати (20x0,8) | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика** | |
| | 40x0,2 | 8 |
| | **Вкупно** | **18,70** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред. број** | **Назив на активнноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи:** Потпретседател на Здружението на специјалисти по болести на устата и пародонтот до 2017 | 2 |
| | Претседател на Здружението на специјалисти по болести на устата и пародонтот | 2 |
| | Член на избирачка комисија (локални избори 2017 година) | 1 |
| | Член на организациониот одбор (во организација на Здружението на специјалистите по болести на устата и пародонтот и болести на забите) на симпозиумот со меѓународно учество,,Гастроинтестинални заболувања и промени во усната празнина", Скопје, 2017 година. | 1 |
| | Член на организациониот одбор (во организација на Здружението на специјалистите по болести на устата и пародонтот) на симпозиумот со меѓународно учество ,,Нови гледишта во пародонталната и оралната медицина", Скопје, 2016 година. | 1 |
| | Член на организациониот одбор (во организација на Здружението на специјалистите по болести на устата и пародонтот) на симпозиумот со меѓународно учество,,Нови дијагностички методи во оралната медицина и пародонтологијата", Скопје, 2015 година. | 1 |
| 2. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на Организационен одбор на 7. Конгрес на стоматолози на Македонија, 11-14 јуни 2015, Охрид. | 1 |
| | Естетска и пластична реконструктивна пародонтална хирургија. Здружение на специјалисти по болести на устата и пародонтот, Скопје, 12.4.2014. | 1 |
| 3. | **Настава во школи и работилници** | |
| | Basic level in iTOP education VII Меѓународен конгрес на нови технологии во стоматологијата:"Естетска стоматологија – уметност и наука", 10-12.10.2014 год., Дом на АРМ, Скопје. | 1 |
| | Basic level in i TOP education. CEO, Curadent International.Велес, 20-06-2015. | 1 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | Basic level in i TOP education. CEO, Curadent International. Тамидент.Скопје, 19-12-2015. | 1 |
| | i TOP. 3 Конгрес на Здружението на специјалисти по ортодонција при МСД со меѓународно учество. Охрид, 12-15 мај 2016. | 1 |
| | Basic level in i TOP education. CEO, Curadent International. Тамидент.Охрид, 21-05-2016 | 1 |
| | Basic level in i TOP education. CEO, Curadent International. Тамидент.Скопје, 24-06-2017 | 1 |
| | Basic level in i TOP education. CEO, Curadent International. Тамидент.Охрид, 24-06-2018 | 1 |
| 4. | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Благодарница од Македонско стоматолошко друштво по повод 10 години | 3 |
| 5. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Научен одбор на Здружението на специјалисти по болести на устата и пародонтот при МСД, до 2017 год. | 1 |
| | Член на Собрание при МСД, од 2017 год. | 1 |
| | Комисии за полагање на стручен испит за стекнување на лиценца за работа- Стоматолошка комора на Македонија (2013, 2016, 2017) | 3 |
| | Член на Дисциплинската комисија на Стоматолошкиот факултет- 2014, 2015 | 1 |
| | **Вкупно** | **26,00** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **67,20** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **44,70** |
| **Вкупно** | **111,90** |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Маја Пандилова, с.р.**

2. **Проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска, с.р.**

3. **Проф. д-р Снежана Пешевска, с.р.**

### Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Соња Миндова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Соња Миндова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето виш научен соработник во научните области орална патологија и пародонтологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Соња Миндова да биде избран во звањето виш научен соработник во научните области орална патологија и пародонтологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Маја Пандилова, с.р.**

2. **Проф. д-р Анета Атанасовска-Стојановска, с.р.**

3. **Проф. д-р Снежана Пешевска, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА МИОФУНКЦИОНАЛНИТЕ ОРТОДОНТСКИ АПАРАТИ ВРЗ ОРОФАЦИЈАЛНАТА МУСКУЛАТУРА“ ОД М-Р ВЕСНА ЈАНКУЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 31.10.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката **м-р Весна Јанкуловска** под наслов **Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура**, во состав: проф. д-р Лидија Кануркова (претседател), проф. д-р Вера Петрова (ментор), проф. д-р Стјепан Шпаљ (член), проф. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова (член) и проф. д-р Васка Антевска (член).

По направената проверка за плагијати, Комисијата во наведениот состав, со особено внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет при Стоматолошкиот факултет во Скопје, му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

### АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Јанкуловска, со наслов „Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура“, е претставена на 147 страници, презентирана во фонт Georgia, со проред 1,5 и големина на букви 12. Содржината е поткрепена со 7 слики, 16 графикони и 32 табели. Во обликувањето на докторската дисертација се искористени 66 референци од литература од понов датум, претежно од странски автори (меѓу нив научни трудови, статии, книги, интернет ресурси и сл.).

Дисертацијата содржи девет дела: вовед, литературен преглед со научни достигнувања, цели на истражувањето, материјал и метод, резултати, дискусија, заклучоци, користена литература и анекс. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот,** кандидатката ја опишува комплексната анатомо-морфолошка и физиолошка природа на мастикаторниот систем и неговите функции. Кандидатката ја истакнува мастикаторната функција како една од примарните функции на мастикатрниот сисем. Овде кандидатката со посебно внимание ги опишува џвакалниот удар, различните типови на мастикација и невромускуларната функција на мастикацијата.

Докторантката наведува дека покрај генетските предиспозиции, и присуството на штетните орални навики и мускулните дисфункции (тискање на јазик, цицање на палец, грицкање на долна усна, грицкање на нокти, инфантилно голтање, орално дишење) исто така доведува до развој на дентоалвеоларни ортодонтски аномалии. Нивната терапија се карактеризира со елиминација на предизвикувачкиот фактор. Притоа, миофункционалните ортодонтски апарати играат голема улога, како и во корекција на оклузалните соодноси во вертикален, трансверзален и сагитален правец и намалување на скелетните дискрепанци.

Во овој дел, м-р Весна Јанкуловска посочува дека миофункционалните апарати, преку своето делување на околната орофацијална мускулатура, овозможуваат невромускулна реадаптација, преку

појавата на условен и миотатичен рефлекс. Со тоа истовремено се отстранува штетниот фактор, а се врши и корекција на оклузалните соодноси и експанзија на денталните лакови.

Докторантката потенцира дека евалуацијата на функционалната состојба на мастикаторниот систем може да се изведе преку многубројните тестови на мастикаторна ефикасност. Како графички метод за определување на мастикаторната ефикасност се користи елекромиографијата, која претставува неврофизиолошки графички метод за регистрација на биоелектричните потенцијали на скелетната и мазната мускулатура. Неговата примена во ортодонтската научноистражувачка сфера е огромна. Анализирајќи ги електромиограмите, можеме да се здобиеме со многу информации за карактеристиките на мастикаторната и периоралната мускулатура, кај индивидуи со неутроклузија, какао и кај индивидуи со присуство на ортодонтски аномалии. Исто така, преку електромиографијата можеме да ги евалуираме ефектите и резултатите од применетата ортодонтска терапија.

Во **вториот дел** од докторската дисертација под наслов: **Литературен преглед со научни достигнувања**, кандидатката цитира литературни податоци од светската современа стоматолошка литература, од понов датум.

На почетокот од овој дел, кандидатката појаснува дека обработката на храната во мастикаторниот акт е сложен процес кој вклучува биомеханички, ензимски и бактериолошки процеси. Сепак, и покрај комплексната природа на мастикаторниот акт, низ досегашните испитувања најголемо внимание е посветено на механичката обработка на храната. Различни методи на тестирање и евалуација на механичката обработка на храната биле опишани досега низ литературата класифицирани во три групи: статички, статичко-функционални и функционални методи.

Кандидатката понатаму објаснува дека објективната проценка на функционалната состојба на мастикаторниот апарат се изведува врз база на два основни принципа: преку определување на крајниот резултат од механичкото дробење на храната т. н. џвакални проби, и преку анализа на регистрираните движења на долната вилица и џвакалните мускули за време на масткаторниот акт т. н. графички методи. За да може клинички да се испитува функцијата на мастикаторниот систем, потребно е тој да изврши конкретна функционална задача. За таа цел се користи тест-храна или тест-материјал, која според конзистенцијата, може да биде тврда, средно тврда или мека.

Според податоците од литературата, кандидатката посочува дека површинската електромиографија во принцип е соодветна алатка за анализа на невромускулната функција во областа на стоматологијата. Доколку се користи според специфичните препораки и со темелна и совесна клиничка историја и физички преглед, површинските мерења на ЕМГ можат да обезбедат објективни, документирани, валидни и репродуктивни податоци за функционалната состојба на мастикторните мускули на една индивидуа. Параметрите кои можат да се испитуваат од површинската електромиографија се: мускулна активност во мирување, при максимална и суб-максимална доброволна контракција, симетрија на ЕМГ-активност и ефекти при замор; ЕМГ-активност за време на мастикација, фактори (вклучувајќи болка) кои влијаат врз активноста на ЕМГ, како и влијанието на приспособувањето на статички и динамички оклузални односи.

Неколку студии го потврдуваат негативното влијание на малоклузијата на способноста на индивидуите механички да ја обработат и сомелат храната, бидејќи кога оклузалната рамнотежа претрпува алтерации, малоклузијата станува предоминантна и масетеричниот мускул е подложен на функционални и структурни модификации. Повеќето автори констатираат дека во секојдневната практика постојат разлики во функционалната состојба на мастикаторниот систем помеѓу различните класи на малоклузија, како и помеѓу половите. Кандидатката во оваа докторска дисертација истакнува дека според литературните податоци, миофункционалните ортодонтски апарати можат позитивно да влијат на нарушената рамнотежа во мускулната активност кај индивидуи со малоклузија класа II.

Според група на автори, функционалните Trainer-апарати ја зголемуваат активноста на масетеричните и темпоралните мускули при загриз кај пацинети со малоклузија класа II/1. Други

автори, заклучиле дека за време на 6-месечниот предортодонтски третман со пасивни миофункционални апарати, значително била подобрена функцијата на мастикаторната и периоралната мускулатура.

Според други автори, присуството на Twin Block-апаратот ке ја измени сензорната информација до рецепторите, и тоа не само во мастикаторните мускули, туку, исто така и во мускулните врски, периодонталниот лигамент и темпоромандибуларните зглобови, резултирајќи со промена во позицијата на мандибулата. Се претпоставува дека инсерцијата на Twin Block-от ќе индуцира моторно репрограмирање што ќе резултира со адаптација во мандибуларната позиција, а тоа, пак, ќе доведе до одговор во растот. И истражувањата на други автори потврдиле дека Twin Block-апаратот е ефикасна алатка која води до значителна редукција на overjet-от.

Според литературните истражувања, се забележува значително зголемена ЕМГ-активност на мастеричните мускули при мирување и при максимален загриз, како и зголемена активност на темпоралните мускули за време на 6-месечниот третман. Со цел постигнување на максимален тераписки ефект преку невромускуларна адаптација, авторите ја истакнуваат значајноста на максималното носење на функционалните апарати. Други автори, исто така, потенцираат дека функционалните апарти треба да се носат ноќно време додека пациентите спијат и во текот на денот во комбинација со доброволни загризувања за да се постигне адаптација и развој на мастикаторните мускули.

**Третиот дел** ги прикажува **целите на истражувањето**. Целите на ова истражување произлегоа од значењето на различни миофункционални ортодонтски апарати во секојдневната ортодонтска практика. Кандидатката ги прикажува специфичните и главни цели:

- да се одреди мастикаторната ефикасност, со примена на електромиографска анализа на мускулната активност кај индивидуи со неутрооклузија (малоклузија класа I според Angle), без патолошки промени на другите компоненти на мастикаторниот орган и без присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции (контролна група). Притоа, добиените средни вредности од тестот на мастикаторна ефикасност ќе претставуваат референтни вредности на контролна група;
- да се одреди мастикаторната ефикасност и мускулната активност кај индивидуи со дентоалвеоларни аномалии (малоклуција класа II) и со присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции пред ортодонтскиот миофункционален третман;
- да се одреди мастикаторната ефикасност и мускулната активност кај индивидуи со дентоалвеоларни аномалии (малоклуција класа II), но без присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции пред ортодонтскиот миофункционален третман;
- да се евалуира мастикаторната ефикасност и да ги определиме електромиографските карактеристики на орофацијалната мускулатура кај индивидуи со дентоалвеоларни аномалии (малоклузија класа II) и со присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции третирани со пасивни миофункционални апарати (Myobrace for Kids-апарати);
- да се евалуира мастикаторната ефикасност и да ги определиме електромиографските карактеристики на орофацијалната мускулатура кај индивидуи со дентоалвеоларни аномалии (малоклузија класа II), но без присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции третирани со активни миофункционални апарати (Twin Block-апарати);
- да се детерминира дали постојат разлики во мускулната активност и мастикаторната ефикасност помеѓу контролната група и испитуваните групи;
- да се детерминира дали постојат разлики во мускулната активност и мастикаторната ефикасност помеѓу двете испитувани групи;
- и да утврдиме дали постои полов диморфизам кај сите групи на испитаници.

Кандидатката Весна Јанкуловска, во оваа докторска дисертација, во третиот дел ги прикажува и **работните хипотези**:

1. позитивна поврзаност помеѓу дентоалвеоларните ортодонтски аномалии и промените во мускулна активност на масетеричните мускули;
2. позитивна поврзаност помеѓу миофнкционалната ортодонска терапија и промените во мускулна активност на масетеричните мускули;
3. промените во мускулна активност на масетеричните мускули по ортодонтскиот третман се силно поврзани со Myobrace for kids-апаратите (пасивни миофункционални апарати);
4. промените во мускулна активност на масетеричните мускули по ортодонтскиот третман се силно поврзани со Twin-Block-апаратите (активни миофункционални апарати).

**Во четвртиот дел е** даден опис на **материјалите и методите** со помош на кои е изведено испитувањето. Испитувањата се спроведени во просториите на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Стоматолошкиот универзитетски клинички центар “Свети Пантелејмон” и во Институтот за медицинска и експериментална физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Опфатени се вкупно 60 испитаници од Клиниката за ортодонција при Стоматолошкиот универзитетски клинички центар “Свети Пантелејмон” во Скопје, класифицирани во 3 групи. Од нив, првата група ја претставуваат 20 испитаници со природна дентиција (не вклучувајќи ги третите молари) и сочувана нормална оклузија (малоклузија класа I), и без патолошки промени на другите компоненти на мастикаторниот систем, притоа без присуство на лоши орални навики и мускулни дисфункции (контролна група). Втората група ја сочинуваат 20 испитаници со дентоалвеоларни аномалии (малоклузија класа II), со присуство на лоши орални навики, третирани со пасивни миофункционални апарати - Myobrace for kids-апарати (прва испитувана група), и третата група ја сочинуваат 20 испитаници со дентоалвеоларни аномалии (малоклузија класа II) без присуство на лоши орални навики, третирани со активни миофункционални апарати - Twin-Block-апарат (втора испитувана група).

Методот на работа се состоеше од два дела, и тоа: метод на клиничко испитување и метод на испитување на мастикаторната ефикасност. Испитаниците најпрво беа клинички прегледани и ортодонтски анализирани. Кај нив се регистрирани екстраорални и интраорални фотографии, а земени се и анатомски отпечатоци од двете вилици за изработка на студио-модели и соодветна гнатометриска анализа. Докторантката истакнува дека испитаниците, исто така, пополнувале нестандардизиран прашалник, специјално дизајниран за ова истражување. Во истражувањето за определување на мастикаторната ефикасност се користел методот електромиографија. Тој претставува неврофизиолошки графички метод за регистрација на биоелектричните потенцијали на скелетната и мазната мускулатура.

Во **петтиот дел** се прикажани **резултатите** од испитувањето направено за потребите на оваа докторска дисертација. Кандидатката наведува дека резултатите добиени во оваа докторска дисертација се изведени со примена на објективна, егзактна метода, електромиомастикациографија (графички запис), во која не е застапен субјективниот фактор, туку сите експерименти се изведени со ист третман, и по својата важност се еднолични. Според добиените резултати, и активните и пасивните миофукционални апарати влијаат на мускулната акивност на масетеричните мускули и се забележуваат промени во параметарот автоматската хабитуелна џвакална стапка - АХџс.

**Шестиот дел** ја прикажува **дискусијата** на резултатите. Добиените резултати од ова истражување (електромиографско испитување) ги потврдија досегашните испитувања за влијанието на миофункционалните апарати врз масетеричната мускулатура. Податоците од истражувањата со кои се анализирани промените во мускулната активност на масетеричните мускули ни ги потврдуваат првично поставените тези дека миофункционалните ортодонтски апарати кои се користат во третманот на ортодонтските дентоалвеоларни аномалии од класа II доведуваат до успешни резултати.

Во дискусијата, докторантката наведува дека добиените резултати во ова истражување во најголем дел ги потврдуваат досегашните испитувања на корелацијата помеѓу оклузалните соодноси и мастикаторната ефикасност и влијанието на миофункционалните апарати врз орофацијалната

мускулатура. Миофункционалните апарати претставуваат успешен начин да се подобри мастикаторната функција, една од главните функции на мастикаторниот систем. Нивниот позитивен ефект во терапијата на ортодонтските аномалии од класа II е евидентен.

Во **седмиот дел** се прикажани **заклучоците**. Кандидатката заклучува дека добиените резултати од овие истражувања ни укажуваат дека различните видови на миофункционални ортодонтски апарати имаат различни тераписки ефекти врз околната мускулатура, но можеме да заклучиме дека и активните и пасивните миофункционални апарати се покажаа успешни во терапијата на дентоалвеоларните аномалии преку подобрувањето на мускулната активност. Кандидатката заклучува дека тестовите за статистичка значајност докажаа дека постојат разлики во мускулната активност пред и по ортодонтскиот третман со различни видови на миофункционални апарати, односно дека миофункционалната терапија има влијание на орофацијалната мускулатура.

Во **осмиот дел** е даден приказ на користената литература. Во дисертацијата е користена современа и релевантна литература. Правилно се применети техниките на прибирање на податоците, нивна обработка и анализа врз која основа е дојдено до релевантните заклучоци.

Во **деветтиот дел** е претставен **анекс**. Кандидатката прикажала 5 електромио-мастикациограми од испитувањето. Прикажан е еден ЕМГ-запис од контролната група, и по два ЕМГ-записа за секоја испитувана група, и тоа по еден ЕМГ-запис пред почетокот на ортодонтскиот миофункционален третман, и еден ЕМГ-запис по ортодонтскиот миофункционален третман.

## Предмет на истражување

Предмет на истражување во докторската дисертација на м-р Весна Јанкуловска, со наслов „Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура", е миофункционалната ортодонтска терапија. Основната карактеристика е елиминација на штетните орални навики и мускулните дисфункции кои доведуваат до развој на дентоалвеоларни ортодонтски аномалии, потоа корекција на оклузалните соодноси во вертикален, трансверзален и сагитален правец и намалување на скелетните дискрепанци.

Воедно, миофункционалните апарати, преку своето делување на околната орофацијална мускулатура, овозможуваат невромускулна реадаптација, со што се отстранува штетниот фактор, а истовремено се врши корекција на оклузалните соодноси и експанзија на денталните лакови.

Опишани се два типа на миофункционални апарати. Пасивните миофункционални апарати (претставници на групата се Myobrace for kids - trainer апаратите) во устата се придржуваат единствено со помош на орофацијалната мускулатура, додека, пак, активните миофункционални апарати (претставник на групата е Twin-Blok апаратот), освен што се придржуваат преку орофацијалната мускулатура, содржат и активни елементи и елементи за ретенција.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Научното подрачје и областа во која се работи оваа докторска дисертација се истражени во светската литература, во мал број на литературни трудови, но ова истражување од ваков тип има за цел да ги истражи ефектите од примената на два различни вида на миофункционални апарати во ортодонтскиот третман на ортодонтските аномалии. Со оваа докторска дисертација се потвврдуваат досегашните и се откриваат нови сознанија за ефектите на ортодонтските миофункционални апарати врз околната мускулатура при ортодонтскиот третман на дентоалвеоларните аномалии од класа II.

## Краток опис на применетите методи

За потребите на докторската дисертација се испитуваа вкупно 60 испитаници од наша популација, по 20 испитаници од секоја група: малоклузија I класа (контролна група), малоклузија II класа (третирани со пасивни миофункционални апарати) и малоклузија II класа (третирани со активни миофункционални апарати). Испитувањата се изведени во просториите на Стоматолошкиот универзитетски клинички центар „Свети Пантелејмон" и во Институтот за медицинска и експериментална физиологија при Медицинскиот факултет во Скопје.

Во нашето испитување за определување на мастикаторната ефикасност се користеше методот електромиографија. Тој претставува неврофизиолошки графички метод за регистрација на биоелектричните потенцијали на скелетната и мазната мускулатура. Во овој случај, со помош на површинска електромиографија ги регистриравме биоелектричните потенцијали на мастикаторната мускулатура. Како претставник на мастикаторните мускули е избран масетеричниот мускул, бидејќи тој претставува силен мастикаторен мускул, кој се простира на голема површина, а пристапот до него е лесен и практичен, па при изведувањеето на електромиографијата, лесно се аплицираат електродите, а сигналот кој се добива при биоелектричната регистрација е јасен и прецизен. Притоа, се регистрираат амплитудите на неговите биопотенцијали во состојба на физиолошко мирување на мандибулата, како и во состојба на максимална загризна сила (максимална интеркуспидација на забите во централна оклузија при што се јавува максимална контракција на масетеричните мускули) пред почетокот на миофункционалниот третман и по миофункционалниот третман.

Како тест-храна при нашето испитување користевме јатка од орев со точно определена тежина (2.0 грама), а нејзината конзистенција е со средна вредност (80-100 Н). Мастикаторната ефикасност се определи преку бројот на мастикаторни циклуси (џвакални удари) и времето на мастикација, кое е потребно за да се иситни храната, да се хомогенизира и да се оформи голтачкиот болус, за да се појави голтачкиот рефлекс.

Пред почетокот на снимањето, најпрво е потребно, местото на кожата каде што ке се аплицираат електродите, да се исчисти со 96 % алкохол за надворешна упореба. Потоа, се поставуваат и контактните електроди на конкретно определено место, точно над местото под кое се простира испитуваниот мускул (musculus masseter). Се аплицираат по две електроди (и на левата, и на десната страна), и тоа: горната елекрода се поставува еден сантиметар инфериорно од линијата која го спојува tragus-от со ala nasi, додека, пак, втората - два сантиметра под првата. Третата електрода претставува заземјување и таа се поставува под надворешниот агол на орбитата

Мерењето се изведуваше во максимално времетраење од 120 секунди. За тоа време на пациентот му се дадени инструкции најпрво 10 секунди да мирува, а потоа да ги доведе забите во позиција на максимална интеркуспидација (притоа се јавува максимална контракција на масетеричните мускули). По кратка пауза во мирување од 2 секунди на пациентот му се дава упатство да ја внесе тест-храната во уста и да почне да џвака. Тест-храната, односно јатката од орев пациентот треба да ја соџвака, и притоа да ни даде знак со раката, кога го започнува голтањето, и кога тоа завршува. Откако е болусот формиран и голтнат, повторно следи кратка пауза од 2 секунди и снимањето го заокружуваме со позиција на максимална интеркуспидација на забите, односно максимална контракција на масетеричните мускули.

На екранот на мониторот се појавува анализираната крива - електромиограм или електромиомастикациограм. Добиените електромиомастикациограми, компјутерот ги меморизира и истовремено ги отпечатува на принтер, и служат за анализа и документација.

## Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од ова истражување се статистички обработени статистички се обработени на компјутерскиот систем при ИЗИС во Скопје. За анализа на експерименталните резултати е применета

стандардна статистичка анализа со користење на следните статистички параметри: средна вредност и стандардна девијација. За тестирање на статистичката значајност на пресметаните статистички параметри, применет е Т-тест.

Според добиените резултати, кандидатката наведува дка кај контролната група параметарот на амплитудата на мускулните потенцијали кај масетеричниот мускул во физиолошко мирување - ПАМПфм е поголема кај испитаниците од машки пол, во однос на испитаниците од женски пол. Доколку добиените резултати ги анализираме заеднички за сите испитаници од контролната груп, без да се делат според полот, во тој случај се забележува скоро изедначена амплитуда на мускулните потенцијали на левиот и десниот масетеричен мускул (лев = 0.87 mV и десен = 0.88 mV). Автоматската хабитуелна џвакална стапка општо за сите испитаници од контолната група (малоклузија класа I) изнесува 1,20 џвакални удари/секунда.

Понатаму, кандидатката ги изложува резултатите за првата испитувана група пред ортодонтскиот третман со пасивни миофункциоални апарати (Myobrace for kids). Вредностите на параметарот на амплитудата на мускулните потенцијали кај масетеричниот мускул во физиолошко мирување - ПАМПфм се поголеми кај испитаниците од машки пол, исто како кај контролната група. Автоматската хабитуелна џвакална стапка општо за сите испитаници со малоклузија класа II пред третманот со пасивни миофункционални апарати - Myobrace for kids апарати изнесува 1,36 џвакални удари/секунда. Вредностите на ПАМПфм по ортодонтскиот третман кај оваа група се поголеми кај испитаниците од машки пол. Автоматската хабитуелна џвакална стапка општо за сите испитаници со малоклузија класа II по третманот со пасивни миофункционални апарати - Myobrace for kids апарати изнесува 1,25 џвакални удари/секунда.

Резултатите од втората испитувана група пред ортодонтскиот третман со активни миофункционални апарати (Twin-Block) покажуваат дека вредностите на параметарот на амплитудата на мускулниот потенцијал кај масетеричниот мускул во физиолошко мирување - ПАМПФМ се поголеми кај испитаниците од женски пол. Автоматската хабитуелна џвакална стапка општо за сите испитаници со малоклузија класа II пред третманот со активни миофункционални апарати – Twin Block апарати изнесува 1,33 џвакални удари/секунда. Вредностите на ПАМПфм по ортодонтскиот третман за оваа група се поголеми кај испитаниците од женски пол. Автоматската хабитуелна џвакална стапка општо за сите испитаници со малоклузија класа II по третманот со активни миофункционални апарати – Twin Block апарати изнесува 1,26 џвакални удари/секунда.

Не постојат значајни статистички разлики во времетраењето на голтањето кај сите три групи на испитаници пред ортодонтскиот третман, како и по него.

Докторантката посочува дека доколку ги анализираме резултатите, ќе забележиме дека биопотенцијалот на масетеричниот мускул во состојба на физиолошко мирување покажува повисока амплитуда кај испитаниците со дентоалвеоларни аномалии (класа II) пред ортодонтскиот третман отколку кај контролната група. По ортодонтскиот миофункционален третман, нивните вредности се изедначуваат, што говори за успехот на ортодонтската миофункционална терапија.

Судејќи според добиените резултати, Myobrace-миофункционалните апарати се одлични апарати за терапијата на дентолавеоларните аномалии кои се предизвикани од штетни орални навики и мускулни дисфункции. Twin Block-миофункционалните апарати, исто така, имаат многу значајна улога во ортодонтскиот третман преку стимулацијата на миотатичниот рефлекс и невромускулната адаптација.

Според изведените Т-тестови, параметарот автоматска хабитуелна џвакална стапка – АХџс има значајни разлики во сите тестови. Ова ни покажува дека брзината на мастикацијата значајно се разликува како помеѓу половите, така и помеѓу дентоалвеоларните аномалии. Вредностите на параметарот автоматска хабитуелна џвакална стапка се поголеми кај испитаниците со дентоалвеоланри аномалии пред ортодонтскиот третман, споредбено со контролната група. Додека, пак, истите параметри, покажаа намалување на вредностите по ортодонтскиот третман, приближувајќи ги вредностите до оние на контролната група. Доколку не се анализираат испитаниците според полот, тогаш контролната група џвака со помала брзина (помал број на џвакални удари во една секунда), а испитаниците со дентоалвеоларни аномалиии пред ортодонтскиот третман со поголема брзина (поголем

број на џвакални удари во една секунда). Тоа значи дека контролната група џвака со поголема ефективност, и на нејзините испитаници и се потребни помалку удари за да се соџвака тест-храната, додека пак, испитаниците со дентоалвеоларни аномалии (класа II) џвакаат со помала ефективност, па поради тоа им се потребни повеќе удари за да се соџвака истата количина на тест-храната.

Кандидатката нотира дека различните видови на миофункционални ортодонтски апарати имаат различни тераписки ефекти врз околната мсукулатура, но можеме да заклучиме дека и активните и пасивните миофункционални апарати се покажаа успешни во терапијата на дентоалвеоларните аномалии преку подобрувањето на мускулната активност.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Јанкуловска, со наслов **Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура**, претставува научно истражување од обласа на стоматолошката наука, ортодонција. Темата која ја опфаќа оваа докторска дисертација може да даде научен придонес во примената на миофункционалните ортодонтски апарати, а ова насочува кон целосен успех и естетско-функционална рехабилитација на пациентите.

Со дисертацијата се имплементира една тема за која не би можеле да кажеме дека е релативно млада во својот развој во областа на ортодонцијата. Функционалните апарати во ортодонцијата постојат многу одамна. Активните миофункционални апарати, изработувани индивидуално во заботехничката лаборатрија, најчесто биле користени. Примената на пасивните миофунционалните апарати, кои се фабрички изработувани миофункционални апарати е релативно нова, и добиените научни сознанија од ова истражување ќе поттикнат нивна поголема примена во секојдневната стоматолошка пракса. Компаративните сознанија добиени од оваа докторска дисертација говорат дека тие се исто така успешни како и оние што се индивидуално изработувани. Оттука, во изборот на нивната примена би требало да одлучува возраста и денталниот статус на пациентите.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Јанкуловска, со наслов „Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува сите услови и стандарди за подготовка на докторска дисертација.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторската дисертација, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Jankulovska V., Jankulovska E.; Kjurchieva-Chuchkova G.; Kanurkova L,; Antevska V.; Velevska M.; Jankulovski P.; Petrova E.; Petrov I.; Manevska I., The Influence Of Malocclusion On the Speed Of Mastication, IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS), Volume 17, Issue 5 Ver. 13 (May. 2018), PP 44-46.

2. Jankulovska V., Jankulovska E.; Petrova V.; Kjurchieva-Chuchkova G.; Kanurkova L,; Antevska V.; Petrova E.; Masticatory Performance In Subjects With Class II Treated With Myofunctional Appliances: A Review, IOSR Journal of Dental and Medical Sciences (IOSR-JDMS) Volume 16, Issue 4 Ver. IX (April. 2017), PP 50-53.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни **научни придонеси** на кандидатката се произлезени од позитивното влијание на миофункционалните апарати врз орофацијалната мускулатура во терапијата на ортодонтските

дентоалвеоларни аномалии. Со ова истражување се збогатува досегашната ризница на сознанија за ефектите од миофункционалната ортодонтска терапија.

Пасивните миофункионални апарати претставени со Trainer-апаратите, како и активните миофункционални апарати претставени со Twin-Block-апаратите, имаат позитивно влијание врз мускулната активност на масетеричните мускули и подобрување на мастикаторната функција.

Механичката обработка на храната претставува почетен акт во варењето на храната. Со подобрувањето на мастикацијата, како една од главните функции на мастикаторниот систем, влијаеме на квалитетот на обработката на храната и нејзиното проследување во следните делови на гастроинтестиналниот систем.

**Можните понатамошни истражувања** се насочуваат кон евалуација на ефектите од миофункционалната ортодонтска терапија и нејзина поголема имплементација во секојдневната ортодонтска практика. Тоа ќе придонесе уште поголемо развивање и истражување во областа на ортодонцијата, како и поквалитетен ортодонтски третман. Улогата на миофункционалната ортодонтски апарати нѐ упатува во протоколот на секојдневната стоматолошка клиничка практика. Со тоа се согледува апликативната примена на оваа докторска дисертација како научно, така и клинички.

Врз основа на реализацијата на поставените цели, анализата на резултатите и нивната компарација со бројни релевантни автори, докторската дисертација ќе даде сериозен придонес во развојот и унапредувањето на научноистражувачката мисла и дејност, како во земјата така и пошироко. Примената на миофункционалните апарати при ортодонтскиот третман на дентоалвеоларните аномалии индуцирани со присуството на лоши орални навики и мускулни дисфункции, ќе партиципира во создавањето на бази на податоци кои соодветно ќе бидат надградени со нови идеи и можности за нови научни сознанија од областа на миофункционалниот ортодонтски третман, од научен и клинички аспект.

Полето во миофункционалната ортодонтска терапија е големо, постојат обемни податоци за негово истражување, превенирање, третирање и предвидување.

Оваа докторска дисертација во целост ги задоволува суштинските аспекти поради сериозниот приод и аналитичкиот третман на обработениот материјал.

Имајќи го предвид изнесеното мислење, оцени и факти, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да му предложи позитивен извештај и на докторантката ас. м-р Весна Јанкуловска да ѝ закаже одбрана на нејзиниот докторски труд под наслов **Влијанието на миофункционалните ортодонтски апарати врз орофацијалната мускулатура.**

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Лидија Канургова, претседател с.р.**
2. **Проф. д-р Вера Петрова, ментор с.р.**
3. **Проф. д-р Стјепан Шпаљ, член с.р.**
4. **Проф. д-р Габриела Ќурчиева-Чучкова, член с.р.**
5. **Проф. д-р Васка Антевска, член с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

1. **ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Марија Манева Ристовска | Проценка на краниофацијалните и дентоалвеоларните структури кај индивидуи со различен тип на вертикален раст | Estimation of craniofacial and dentoalveolar structurures at subjects with different vertical growth pattern | Проф.д-р Лидија Кануркова | 09.11.2018<br>02-3366/1 |

**Преглед**

на прифатени теми за изработка на магистерски труд

на Факултетот за електротехника и информациски технологии

**1. Вградливи микрокомпјутерски системи**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоран Стоилов | Сигурносно исклучување на инфозабавните модули во автомобилите – главна единица | Safe Shutdown of car infotainment modules - Head Unit | Проф. д-р Јосиф Ќосев |

**2. Проектен менаџмент**

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ѓурѓица Пешева | Трансформација од осгурување на приходи во осигурување на бизнисот – Зошто, Што и Како? | Evolution from Revenue to Business Assurance – Why, What and How? | проф. д-р Вангел Фуштиќ |

**РЕЦЕНЗИЈА**

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ФАРМАКОГЕНЕТСКИ И ФАРМАКОЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ НА СОВРЕМЕНА ТЕРАПИЈА НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА КАЈ ПАЦИЕНТИ ОД КОСОВО “ од

## М-Р СЕЛВЕТЕ ШУЛЕТА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 11. 06. 2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Селвете Шулета ,,Фармакогенетски и фармакоекономски аспекти на современа терапија на карцином на дојка кај пациенти од Косово“, во состав: проф. д-р Александар Димовски (претседател), проф. д-р Љубица Шутуркова (ментор), проф.д-р Зоран Стерјев (член), проф.д-р Петар Стефановски (член) и доц. д-р Александра Капедановска Несторовска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**АНАЛИЗА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на докторантата м-р Селвете Шулета, со наслов ,,Фармакогенетски и фармакоекономски аспекти на современа терапија на карцином на дојка“, е структурирана во следниве поглавја: вовед, цели, експериментален дел, резултати и дискусија, заклучни согледувања и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и подточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот изложени се основните научни гледишта од областа во која се истражува, хипотезата, истражувачките прашања, како и теоретската рамка преку сеопфатен преглед на литературата.

На почетокот, кандидатката ги прикажува сознанијата за карцином на дојката како најчеста причина за смрт од карцином кај жените насекаде во светот. Интензивните

епидемиолошки, клинички и генетски студии имаат идентификувано бројни биолошки и социјални карактеристики како ризик-фактори поврзани со карцином на дојката. Како главни ризик-фактори се наведуваат: семејна историја на карцином на дојката, присутнит мутации на одредени гени, пред сé на BRCA1 и BRCA2 -гените, возраста, социоекономски статус, изложеност на јонизирачко зрачење, консумирање на алкохол, пушење, прекумерната тежина, раса, отсуство на физичка активност, историја на доење, историја на менструален циклус и други дефинирани хормонски и метаболички факори. Во продолжение, кандидатката дава краток осврт на факторите кои ја дефинираат стратегијата на третман на карцином на дојката (фазата во која се наоѓа болеста, хистопатолошкиот наод, молекуларниот поттип и статус на менопауза) и значењето на хируршката интервенција (мастектомија или хируршка интервенција со зачувување на дојката со или без дисекција на лимфните јазли) и радиотерапија кај ран карцином на дојката. Системска терапија може да се употреби кај скоро сите пациенти и таа е доминантен третман на пациентките со напредната болест. Во понатамошниот дел од воведот даден е целосен преглед на различните современи терапии и протоколи кои се користат во современата медицина за третман на ова заболување. Како посебен дел во воведот кандидатката го издвојува поглавјето ”Примена на фармакогенетика во третман на канцер на дојка“, во кое се осврнува на најновите сознанија поврзани со индивидуализиранаta терапија во третманот на карцином на дојка и инкорпорирањето на индивидуалните генетски карактеристики на пациентот и карактеристиките на дијагностицираниот тумор во менаџирање со алгоритмите на донесување одлуки. Главниот акцент на можното влијание на фармакогенетиката врз исходот од терапијата при третман на карцином на дојка во овој труд е дадено на влијанието на полиморфизмите на CYP2D6-генот и терапијата со Тамоксифен. При тоа, кандидатката дава целосен преглед на сите досегашни студии во кои е испитувана оваа поврзаност и резултатите од истите. Цитохром P450 2D6 (CYP2D6-генот) има голема релевантност за метаболизамот на лековите. Тој е вклучен во метаболизамот на 20% – 25% од клинички употребуваните лекови и тој манифестира клинички релевантен генски полиморфизам кој ја модифицира фармакокинетиката на скоро 10 % од лековите. Лекот Тамоксифен се употребува како прволиниски ендокрин агенс за третман на карцином на дојката. Овој лек покажува добри терапевтски исходи кај пред- и послеменопаузни жени чии тумори се естроген ER-позитивни, со оптимален период на третман од 5 години. Лекот е прекурсор кој се трансформира во неговите активни метаболити 4-хидрокситамоксифен и ендоксифен под влијание на ензимите на цитохром P450. Ензимот CYP2D6 кодиран од генот CYP2D6, игра

главна улога во биотрансформацијата на Тамоксифен во ендоксифен. CYP2D6 има високо полиморфна експресија и досега се опишани повеќе од 100 различни алели. Самиот лек слабо се врзува за естрогенскиот рецептор (ER), но тој претрпува екстензивна биотрансформација преку метаболизмот во фаза I и фаза II во активни и во неактивни метаболити. Порано се мислеше дека 4-хидрокси тамоксифен е најважниот активен метаболит на тамоксифен. Тој е поврзан со 30- до 100-кратно поголема моќност во супресија на клеточна пролиферација зависна од естроген споредено со лекот и има скоро 100-кратно поголем афинитет на врзување за ER рецептори. Ендоксифен (4-hydroxy-N-desmethyl tamoxifen) неодамна беше идентификуван како метаболит со потенцијално поголем придонес во вкупниот антикарцином ефект на тамоксифен споредено со ефектот на 4-хидрокси тамоксифен. CYP2D6 е важен ензим во конверзијата на тамоксифен во ендоксифен. Активноста на CYP2D6 е генетски одредена но на неа може да влијае и употребата на лекови (на пр. инхибитори на CYP2D6). Алелните варијанти на CYP2D6 имаат различни активности: а) функционални или нормални алели (wt) (на пр. *1, *2), (b) алели со намалена активност (на пр. *10, *17), (c) нефункционални алели (на пр. *3, *4, *5, *6), и (d) алели со непозната активност. Досегашните објавени студии за ефектот на CYP2D6 полиморфизмот врз терапевтскиот исход при терапија со тамоксифен се контрадикторни. Хетерогеноста на резултатите сеуште предизвикуваат конфузија и контраверзи кај стручната јавност. Во контекст на тоа, кандидатката во својот труд наведува дека досега објавени резултати од литературата беа и основната причина поради која е започнато со таков вид испитувања кај пациентите со дијагностициран карцином на дојка од Косово. Дополнително би требало да се напомене дека овие испитувања се први од таков вид за пациенти кои се од Косово. Во вториот дел од воведот во трудот направен е преглед на литературните податоци кои се однесуваат на терапевтската примена на ароматаза инхибиторите (АИ) во третман на карцином на дојка. Овие лекови се прволиниска тераписка опција за постменопаузални жени со новодијагностицирани метастази на $ЕР^{+}$ карцином на дојка, односно кај пациенти кои не развиле толеранција на тамоксифен, или кај пациенти чијашто болест прогредира после неуспех на терапијата со тамоксифен, или кај пациенти што се на адјувантна терапија со тамоксифен.

АИ се активни само кај постменопаузални жени, а своето дејство го манифестираат преку блокирање на биотрансформацијата на адреналните андрогени во естрогени во периферните масни ткива, што резултира со недетектибилни плазматски нивоа на естрогени. Во споредба со тамоксифен, АИ не манифестираат агонистичко дејство на естрогените рецептори и според тоа не предизвикуваат ендометријален малигнитет или

тромбоемболиски настани. Но, нивната употреба се поврзува со зголемен ризик од остеопороза и болки во коските и зглобовите. Во понатамошниот дел од трудот даден е сеопфатен преглед на студии на ефикасност на прволиниска терапија со нестероидни ароматаза инхибитори (НСАИ) во споредба со тамоксифен, студии на ефикасност на прволиниска терапија со стероидни ароматаза инхибитори (САИ) во споредба со Тамоксифен, споредбени студии на секој од агенсите припадници на класата на АИ кога се употребуваат како прва линија на терапија. Прегледот на досега објавени студии кои се однесуваат на споредба на терапијата со тамоксифен со терапијата со ароматаза инхибитори завршува со даден преглед од студии на трошок-ефективност на ендокрините терапии што претставува и своевиден вовед во разработката на фармакоекономскиот аспект од примената на ароматаза инхибиторите во терапијата на карцином на дојка. Во контекст на тоа авторот ги опишува методите на фармакоекономска евалуација кои се користени во изработката на трудот. Најголем акцент е даден на фармакоекономската студија – "Анализа на корисност на трошокот (Cost-Utility Analysis – CUA)", фармакоекономска анализа која споредува два или повеќе алтернативни третмани во однос на трошоците и исходите од истите. Притоа, исходот се мери во единици - квалитет на живот, често како години на живот коригирани на основа на квалитет QUALY. Целта на оваа анализа е да се споредат два или повеќе алтернативни третмани преку односот трошок/ефикасност, користејќи при тоа единици кои имаат клиничка смисла и кои се идентични за сите третмани. Исто така, направен е осврт на поимот инкрементален однос трошок–ефикасност (Incremental Cost-Effectiveness Ratio - ICER), фармакоекономски параметар.

Третиот сегмент од трудот се однесува на евалуирањето на квалитетот на живот (QoL), критериум кој во изминатиот период, покрај класичните биомедицински критериуми, се применува за оценување на целокупниот исход при терапијата за карцином. При тоа, кандидатката наведува дека во Косово има многу малку информации за QoL на пациентите со карцином што било и причина една од целите на трудот да биде евалуација на читливоста и разбирливоста на стандардизиран прашалник за евалуација на квалитет на животот на Европската организација за истражување и лекување на заболени од карцином (EORTC QLQ-C30). Користена е албанската QLQ-C30 верзија на прашалникот која е преведена од страна на EORTC. Кандидатката наведува дека според литературните податоци досега не е направена евалуација на читливоста и разбирливоста на овој прашалникот кај албанските жени. Тоа дополнително го потенцира значењето на зацртаната цел имајќи предвид дека определувањето на квалитет на живот станува сé позначаен сегмент поврзан со терапијата на карцином. Применетиот стандардизиран

прашалник се состои од пет функционални скали, три симптоматски скали, глобален здравствен статус / QoL скала и шест поединечни ставки и го мери квалитетот на животот поврзан со здравјето (HRQoL).

Во поглавјето **Цели,** кандидатката ги наведува следниве цели на докторската дисертација:

- утврдување на влијанието на CYP2D6-полиморфизмите врз исходот од терапијата со Тамоксифен кај пациентки со дијагностициран канцер на дојка од Косово;
- спроведување на анализа на корисност на трошокот за примена на ендокрините терапии кај жени со ЕР+ HER2- напреден карцином на дојка;
- евалуација на валидноста и читливоста на QLQ-C30-прашалникот кај албанската популација жени со карцином на дојка.

**Експерименталниот дел** од докторската дисертација е реализиран на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Фамакогенетските анализи се работени во Центарот за биомолекуларни анализи и фармакогенетски испитувања.

Во овој труд, имајќи ја предвид природата на самата болест, карцином на дојка HER2- и ER+, прогресијата на болеста и ефективноста на терапијата за оваа група на пациенти, дизајниран е соодеветен фармакоекономски модел кој е базиран на тековните европски клиничките препораки. Анализата во фармакоекономската евалуација е спроведена со примена на двете најчесто користени алатки за моделирање: стебло на одлучување и Марков модел.

Аналитичкиот модел на стебло на одлучување е развиен со цел за да се спореди корисноста од трошокот поврзан со примена на ендокрина терапија во комбиниран тераписки протокол од прва и втора линија за третман на HER2- и ER+ карцином на дојка: 1) тамоксифен; 2) ароматаза инхибитори (анастразол и летрозол); 3) ексаметасин и 4) фулверстрант. Во анализата, исто така, е направена и споредба на трошокот поврзан со третман на несаканите настани кои се асоцирани со примената на секоја од претходно евалуираните терапии. За спроведување на фармакоекономската анализа во овој труд, согласно со препораките за ваков вид на анализа при отсуство на локални клинички податоци за исходот и корисноста од терапијата, користени се литературни податоци добиени од

рандомизирани фаза III клинички студии и системски метаанализи. Корисноста на терапијата е изразена во години на здрав живот корегирани врз основа на квалитетот (Quality Adjusted Life Years-QALY единици).

Во анализата се земени предвид директните трошоци поврзани со терапијата и третманот на асоцираните несакани настани и трошоците поврзани со нејзината администрација и мониторинг. Податоците за единиците за трошок (изразени во евра) се преземени и адаптирани од официјалните јавно достапнии бази на податоци. Резултатите поврзани со трошоците и ефективноста се пресметани за временскиот период од 20 години.

При спроведување на анализа на корисност на трошок, определени се разликите помеѓу средните трошоци и QALY на евалуираните пристапи на лекување, кои се изразени како однос на зголемен трошок и ефективност (Incremental Cost Effectivness Ratio - ICER вредност).

Во делот од трудот поврзан со евалуацијата на читливоста и разбирливоста на стандардизираниот прашалник кој се користи како алатка за одредување на квалитетот на живот, применет е прашалник кој се состои од пет функционални скали, три варијанти на симптоми, глобален здравствен статус/QoL скала и шест поединечни ставки.

Во студијата беа вклучени 62 случајно избрани жени заболени од рак на дојка, кои се лекуваа на Институтот за онкологија на УЦКК. Студијата беше одобрена од страна на Комитетот за етика од Универзитетскиот клинички центар на Косово (УЦКК). Интервјуирањето на пациенти беше спроведено од клиничар. Беа интервјуирани само пациенти кои беа во можност да ги следат прашањата и да дадат одговори. Пациентите беа интервјуирани само еднаш во текот на студијата. Немаше исклучоци во изборот на пациенти во однос на фазата на болеста, возраста и типот на третманот во моментот кога беа интервјуирани. Социодемографски податоци за пациентите (возраст, брачен статус и статус на образование) биле земени за време на интервјуто и клиничките информации (фаза на болеста, метастази и видови на третман) се добиени од медицинската евиденција на пациентите.

Конзистентност на прашалникот беше тестирана со алфа-коефициентот на Cronbach со прифатлива вредност е ≥ 0.70. Анализата на мултитретираната скалирање беше користена за конвергентна и дискриминантна валидност. За тестирање на статистичката значајност помеѓу анализите беше користен Kruskal Wallis-тестот. Сите анализи на добиените податоци беа изведени користејќи SPSS.v.20 софтвер. За статистички значајни се сметаа вредностите <0,05.

Во поглавјето **Резултати** прикажани се сите потребни карактеристики на пациентите кои се неопходни за реализирање на ваков вид анализи. Во фармакогенетскиот дел од анализита прикажани се добиените резултати за алелната и генотипската фреквенција на испитуваните варијации на CYP2D6-генот и направена е споредба со други популации. Дополнително, со користење на научно признати методи во трудот е евалуирано влијанието на индивидуалните генетски карактеристики врз терапевтскиот исход од терапија со тамоксифен кај испитувана група на пациенти. Во фармакоекономскиот дел добиените резултати се презентирани во соодветен табеларен и графички приказ. Презентирани се сите фармакоекономски параметри карактеристични за анализата корисност на трошок и преку нив е направена споредба помеѓу евалуираните терапии. Презентираните резултати на јасен и мошне прецизен начин овозможуваат носење на заклучок која од споредуваните терапии обезбедува поголем квалитет на живот при соодветна цена и подобар однос корисност – трошок. Во последниот, трет дел од резултатите, се прикажани резултатите од спроведената анализа за читливост и разбирливост на QLQ-C30 евалуациониот прашалник. При тоа, преку соодветни статистички параметри карактеристични за применетите статистички тестови (средна вредност, стандардна девијација, Cronbach's алфа-коефициент, Spearman-ов коефициентот, коефициент на корелација) дадени се поодделно резултатите за читливоста, разбирливоста и валидноста на прашалникот. Резултатите се јасно прикажани, и тие се соодветно презентирани во добро осмислени групни табели. Од резултатите јасно произлегува донесениот заклучок дека EORTC QLQ-C30 прашалникот (верзија 3.0) на албански јазик е валиден, читлив и разбирлив за жените со карцином на дојка од албанска националност и истиот би можел да се користи како алатка за евалуација на квалитет на живот кај овие пациенти.

Во поглавјето **Дискусија**, на веродостоен начин, дадено е толкување и споредба на добиените резултати од реализираното истражување со теоретските сознанија и литературните податоци од областа. На почетокот, кандидатката ги споредува резултатите добиени од своите испитувања со најновите литературни сознанија. Во трудот е дадена мошне темелна споредба на голем број објавени резултати од слични или идентични студии со добиените резултати. Кандидатката ги објаснува добиените податоци за фреквенцијата на испитуваните генетски полиморфизми, влијанието на генетските полиморфизми врз исходот од терапијата со тамоксифен и дава соодветно научно толкување на добиените резултати. На логичен и прецизен начин, кандидатката ги групира добиените податоци посочувајќи на нивната меѓусебна поврзаност. Во делот од дискусијата

кој се однесува на фармакоекономската анализа, кандидатката многу детално објаснува кои влезни параметри се земени за нејзина изработка и причините за одредени одлуки кои се носени во тек на изработката на анализата. Добиените резултати се дискутирани на мошне стручно ниво и се споредени со резултати од претходно објавени студии кои се работени во други центри. При тоа, кандидатката успева на многу јасен и прецизен начин да ги искоментира разликите и сличностите кои се идентификувани помеѓу добиените резултати и резултатите од другите студии. Во однос на дискусијата на резултатите од анализата на читливоста, разбирливоста и валидноста на QLQ-C30 прашалникот, кандидатката ги коментира добиените резултати. При тоа, кандидатката ги споредува добиените резултати со резултатите од други студии и напоменува дека резултатите од студијата треба да се земат предвид со претпазливост, бидејќи ова е прелиминарна студија со мал број пациенти и се препорачуваат понатамошни студии за целосна проценка на наодите.

Во заклучните согледувања, кандидатката го истакнува значењето на фармакогенетските испитувања за индивидуализираната терапија кај пациенти со дијагностициран карцином на дојка, ја нагласува потребата од фармакоекономски студии при рационално одлучување за примена на нови современи терапии за третман на ова заболување и укажува на сé поголемото значење на евалуацијата на квалитетот на живот кај пациентите со карцином на дојка како еден од есенцијалните фармакоекономски параметри.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Предмет на истражување во докторската диертација е фармакоекономска и фармакогенетска анализа на современи терапии на карцином на дојка.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Со цел ефикасно да се користат ограничените ресурси на здравствените системи и процената на безбедноста и ефикасноста на терапиите, неопходно е да се определат релативните трошоци и придобивки. Карциномот на дојка е најчеста малигна болест кај жените. Во светски рамки, проценето е дека има 1.67 милиони нови случаи на карцином на дојка во 2012 година. Резултатите за терапевтски исход од спроведување на тековно достапната терапија за ова заболување се сеуште незадоволителни. Поради тоа, во научната и стручната област во изминатите десет години сé повеќе се промовира концептот на индивидуализиран пристап во терапијата. Овој концепт се темели на влијанието на

генетски карактеристи на индивидуата врз исходот од терапијата. Вака промовираниот концепт претставува значајно поле на интерес за голем број научни тимови насекаде во светот кои го промовираат како мошне важна карика во системот на успешно лекување на карцином на дојка. Од не помало значење се и фармакоекономските анализи кои се спроведуваат во оваа област. Имајќи го предвид перманентниот напредок на фармацевтската индустрија и пронаоѓањето на нови лекови за третман на карцином и сето тоа во услови на ограничени здравствени буџети, како неопходност се наметнува потребата од изработка на соодветни фармакоекономски студии базирани на докази и научни факти. Од тие причини, во сите напредни здравствени системи е облигаторно поставено барањето за соодветна локална фармакоекономска студија при креирање на здравствени политики. Изведувањето на вакви анализи најчесто е отежнато поради недостатокот на локални клинички податоци кои се однесуваат на тераписките исходи. Но развивањето на аналитички модел базиран на литературни податоци со кој ќе се процени фармакоекономската оправданост од воведување на нови терапии несомнено придонесува за донесување на исправни и рационални здравствени политики кои ќе овозможат подобра здравствена услуга, зголемен квалитет на живот со истовремена финансиска заштеда.

**Краток опис на применетите методи**

Применетите методи се актуелни и соодветни од областа на истражувањето. Методите опфаќаат преглед на релевантни податоци за примена на фармакогенетски и фармакоекономски модели при донесување на одлуки за третман на карцином на дојка, процена на квалитет на живот и здравствени исходи кај пациентките со овој тип на малигна болест

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на м-р Селвете Шулета, со наслов ,,Фармакогенетски и фармакоекономски аспекти на современа терапија на карцином на дојка кај пациенти од Косово", претставува истражување во подрачјето на фармацевтските науки, област клиничка фармација и фармакоекономија. Со оглед на актуелноста на полето на истражување и квалитетот и обемот на презентираните резултати, оваа докторска дисертација дава значителен научен придонес во областа. Докторската дисертација на кандидатката м-р Селвете Шулета, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Резултати од докторската теза се објавени на низа меѓународни научни собири од областа на клиничката фармацијата и фармакоекономија. Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила како прв автор, во меѓународни научни списанија, следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автори: **Shuleta-Qehaja S**, Sterjev Z, Shuturkova L. Evaluation of reliability and validity of the European Organization for Research and Treatment of Cancer Quality of Life Questionnaire (EORTC QLQ-C30, Albanian version) among breast cancer patients from Kosovo. *Patient preference and adherence*. 2015;9:459-465. doi:10.2147/PPA.S78334.

Автори: **Shuleta-Qehaja S**, Kapedanovska Nestorovska A, Naumovska Z, Stefanovski P, Dimovski AJ, Sterjev Z, Shuturkova LJ. CYP2D6 polymorphisms and therapeutic outcome with tamoxifen therapy in breast cancer patients from Kosovo. *Macedonian pharmaceutical bulletin*, прифатен за публикација (2018).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Резултатите од изучувањата опфатени во дисертацијата изработена од м-р Селвете Шулета се оригинални и даваат придонес во развојот и примената на фармакогенетиката и фармакоекономијата и можноста за нови пристапи во третман на карцином на дојка. За квалитетот на дисертацијата, меѓу другото, зборуваат и двете објавени публикации во интернационални списанија.

Судејќи според предметот и содржината на обработената проблематика, како и според реализираните цели и избраните методи за испитување, може да се заклучи дека изработената докторска тема од м-р Селвете Шулета, со наслов „Фармакогенетски и фармакоекономски аспекти на современа терапија на карцином на дојка кај пациенти од Косово“, заслужува да биде прифатена како докторска дисертација. Поради тоа, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје да ја прифати изработената докторска дисертација од м-р Селвете Шулета под горниот наслов и да и овозможи на кандидатката пристап кон јавна одбрана.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Александар Димовски, претседател с.р.**

**Проф. д-р Љубица Шутуркова, ментор с.р.**

**Проф.д-р, Зоран Стерјев член с.р.**

**Проф. д-р Петар Стефановски, член с.р.**

**Доц. д-р Александра Капедановска Несторовска, член с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Аријета Шабани | Хемиска карактеризација на кантарион (*Hypericum perforatum L., Hypericaceae) собран од локалитетите во западниот дел од република Македонија* | Chemikal characterization of St. John´s wort (*Hypericum perforatum L., Hypericaceae) collected from different locations in western part of Republic of Macedonia* | Проф. д-р Светлана Кулеванова | 02-358/13 од 11.06.2018 |
| 2. | Наташа Јовановска | Проценка на потенцијалните ризици за животната средина од клиничка употреба на ибупрофен | Environmental Risk Assessment (ERA) for the clinical use of ibuprofen | Проф. д-р Анета Димитровска | 02-358/14 од 11.06.2018 |
| 3. | Марија Станинова Стојовска | Примена на нови секвенционирачки технологии во генетската и функционалната карактеризација на молекуларните основи на наследните форми на колоректален карцином кај пациенти од Република Македонија | Implementation of new seqvencing tehnologies in genetic and functional carakterization of molecular basis of hereditary CRC syndroms in patients from Republic of Macedonia | Проф. д-р Александар Димовски | 02-546/8 од 26.09.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. **МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО ЛАБОРАТОРИСКА АНАЛИЗА И ИНЖЕНЕРСТВО ВО ФАРМЦИЈАТА**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Елена Бошковска | Регулаторни прдизвици за примена на производство со адитивна технологија во фармацуијата | Regulatory challenges reated to use of additive manufacturing in pharmacy | Доц. д-р Јелена Ацевска | 02-358/18 од 11.06.2018 |
| 2 | Адријана Ташевска | Влијание на антиепилептичните лекови на концентрацијата на витамин D кај пациенти со епилепсија | The effect of antiepileptic drug therapy on Vit D conctentration in patients with epilepsy | Проф. д-р Јасмина Тониќ Рибарска | 02-546/14 од 26.09.2018 |
| 3 | Биљана Маркоска | Карактеризација на липозоми стабилизирани со постапка на лиофилизација-влијание на вид и концентрација на криопротектор | Characterization of liposomes stabilized by the lyophilization -effect of type and concentration of chrioprotector | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-546/15 од 26.09.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ФАРМАКОЕКОНОМИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Лирим Мустафа | Управување со лекови во аптеките – случајот со Косово | Management of medicines in pharmacies – Kosovo cases | Проф. д-р Рубин Зарески | 02-546/12 од 26.09.2108 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. МАГИСТЕРСКИ ТРУД ПО КОЗМЕТОЛОГИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Елена Тодоровска Ковачевска | Безбедносни аспекти и оправадана употреба на козметички производи за надворешна интимна хигиена | Safety aspects and justified usage of product for external intimate hygiene | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-546/13 од 26.09.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. Специјалистички труд по ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Агон Хоти | Дигитални стратгии во фармацевтската индустрија | Digital strategies in the pharmaceutical industry | Проф. д-р Зоран Стерјев | 02-358/16 од 11.06.2018 |
| 2. | Билјана Стефановска | Испитување на влијанието на формулациските параметри врз воедначеност на дозирани единици при процес на производство на суви сирупи | Evaluation of the effect of the formulation parameters upon uniformity of dosage unites in dry syrup production | Доц. д-р Никола Гешковски | 02-546/9 од 26.09.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД ПО КОЗМЕТОЛОГИЈА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Маја Гичева | Формулациски развој и карактеризација на емулгелови за надворешна примена на кожа | Formulation development of emulgels for topical delivery of actives | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-546/11 од 26.09.2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАРМАЦЕТСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 1. СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ПО ФАРМАЦЕВТСКА РЕГУЛАТИВА

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Фросина Стоилковска | Управување со безбедносните податоци после ставање на лек во промет | Safety data management after drug approval | Проф. д-р Димче Зфиров | 02-358/19 11.06.2018 |
| 2. | Кристина Костовска | Сличности и разлики во клиничките испитувања на лековите и граничните производи и додатоците на исхрана; влијание на регулаторните барања | Similarities and differences in clinical studies of drugs border-live products and food supplements | Проф. д-р Кристина Младеновска | 02-358/17 од 11.06.2018 |
| 3. | Лидија Цифорова | Регулаторни аспекти за хомеопатски лекови во ЕУ и нивна имплементација во Р. Македонија | Regulatory aspect of homeopathic medicinal product and their implementation in R. Macedonia | Проф. д-р Марија Главаш Додов | 02-546/10 од 26.09.2018 |

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: СРЕДНОВЕКОВНА ИСТОРИЈА, НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА СРЕДНИОТ ВЕК, ВИЗАНТОЛОГИЈА И АРХИВИСТИКА И ДОКУМЕНТАЦИЈА, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на својата 14 редовна седница одржана на 1.XI 2018 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија по пријавата на д-р Тони Филипоски, за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области:** средновековна историја, национална историја на средниот век, bizantologija i архивистика и документација, во состав: проф. д-р Коста Аџиевски, проф. д-р Александар Атанасовски и проф. д-р Бобан Петровски. Откако го прегледа приложениот материјал, Комисијата има чест да го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха" на 19.10.2018 г., за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области: средновековна историја, национална историја на средниот век, византологија и архивистика и документација, се пријави, како единствен кандидат д-р Тони Филипоски, вонреден професор на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје.

### 1. Биографски податоци и професионален развој

Тони Филипоски е роден на 11.12.1972 г. во Риека (Република Хрватска). Од 1977 г. живее во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. По завршувањето на средното образование се запишал на Филозофскиот факултет во Скопје на Институтот за историја. Студиите ги завршил во 1995 година. Во 1996 година се запишал на постдипломски студии на Институтот за историја на Филозофскиот факултет во Скопје, на насоката Историја на македонскиот народ-среден век. Во исто време, заради усовршување на базичните јазици за средновековната историја - старогрчкиот и латинскиот, од 1997 до 1999 година изучувал грчки и латински јазик на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет во Скопје. Во март 1997 г. се вработил во Институтот за национална историја (ИНИ) како помлад асистент-истражувач во Одделението за античка и средновековна историја

Во јуни 2002 г. Тони Филипоски го одбранил својот магистерски труд под наслов: „Охрид во XIV" век и се здобил со академскиот степен магистер по историски науки, а на 27

јуни 2009 година успешно ја одбранил својата докторска дисертација под наслов: „Охрид во раниот среден век (V-XI век)" и се стекнал со научниот степен доктор по историски науки. По докторирањето, во септември 2009 година д-р Тони Филипоски е избран во звањето доцент во Одделението за античка и средновековна историја при ИНИ, а во декември 2010 година од ИНИ преминал на работа на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Во април 2014 г., д-р Тони Филипоски е избран во звањето вонреден професор на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, каде што е вработен и сега.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во академската 2009/2010 година, д-р Тони Филипоски бил ангажиран, како надворешен соработник, во изведувањето на додипломската настава на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. По преминувањето на работа на Филозофскиот факултет, д-р Тони Филипоски, како доцент и како вонреден профессор, ангажиран е во изведувањето на наставата по предметите: Историја на балканските земји од VI до XII век, Историја на балканските земји од XIII до XV век, Историја на Балканот, VI-XII век, Историја на Балканот, XIII-XV век, Вредување на архивскиот материјал, Историска географија, Балканското благородништво во средниот век, Семејството во средниот век. Во исто време, ангажиран е и во изведувањето на наставата на постдипломските и докторските студии на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, по предметите: Методологија (кореализатор), Политичка историја на Балканот, Балканските замји и Македонија, Балканска дипломатија, Извори и историографија, Проблеми од политичката историја, Византија и балканските земји, Етницитетот во средниот век.

Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Тони Филипоски бил член на повеќе комисии за оцена и одбрана на дипломски работи на студентите, како и член на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски дисертации.

## 3.Научно -истражувачка дејност

Во изминатиот период, кандидатот д-р Тони Филипоски значително го подигнал нивото на своето научно и стручното усовршување, го развил својот научен потенцијал, го продлабочил и го проширил својот интерес за средновековната историја на Балканот, а особено за средновековната историја на македонскиот народ. По изборот за вонреден професор, д-р Тони Филипоски објавил 14 трудови со оригинални научни и стручни резултати, и тоа:

1.Свети Климент и изворната заснованост на неговиот епитет Охридски,

*Кирило-методиевската традиција и македонско-руските духовни и културни врски* (Зборник на трудови од меѓународниот научен собир одржан по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост, Охрид, 3-4 октомври 2013), УКИМ-Скопје

2014, 317-332. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир.

2. Македонија во време на византиското владеење (XI-XII век), *Македонија до XIX век* (едиција: Македонски искушенија), книга 5, том III, Скопје 2014, 809-830. - Автор на поглавје во стручна книга.

3. Востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех, *Македонија до XIX век* (едиција: Македонски искушенија), книга 5, том III, Скопје 2014, 831-845. -Автор на поглавје во стручна книга.

4. Saints Clement and Naum of Ochrid: Appearance and Factual Grounds for Their Epithet, International Scientific Conference: *Cyril and Methodius: Byzantium and the World of the Slavs* (Thessaloniki, 28-30 ноември 2013), Thessaloniki 2015, 551-558. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација*).

5. Некои аспекти поврзани со паѓањето на Охрид под османлиска власт, Прилози од четвртиот меѓународен конгрес: *Исламската цивилизација на Балканот* (МАНУ-Скопје, 13-17 октомври 2010), IRCICA-Istanbul 2015, 395-410. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација*).

6. The Dispute Between Theophylact, the Archbishop of Ohrid, and the paroikos Lazar: an Example of 'State Inteventionism' During Byzantine Emperor Alexios I Komnneno's Reign (1081-1118), Proceedings of the 23rd International Congress of Byzantine Studies (Belgrade, 22-27 August 2016), *Thematic Session of Free Communications: "The Age of the Komnenoi"* (Chairs: P. Magdalino, L. Neville), 4. - Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција.

7. Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, *The Ottoman Conquest of the Balkans-Interpretation and Research Debates*, Edited by Oliver Jens Schmitt, Verlag der Österreichischen Akademi der Wissenschaften (Philosophisch-Historische Klasse Sitzungsberichte, 872.Band), Wien 2016, 65-78. - Автор на дел од монографија објавена во странство (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација*).

8. The Two Military Operations of Byzantine Emperor Andronicus III in Macedonia on the eve of the Battle of Velbazhd, *Великите Асеневци* (Зборник с доклади от конференция, посветена на 830 години от въстанието на братята Петър и Асен, началото на второто българско царство и обявяването на Търново за столица на България и 780 години от легитимното възобновяване на българската патриаршия, Велико Търново, 26-28 октомври 2015), Велико Търново 2016, 286-291. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација*).

9. Светите Кирил и Методиј, (едиција: Македонски искушенија), кн. 58, Магор-Скопје 2016.- Коавтор на книга од стручна област.

10. The *Via Egnatia*, Ohrid and the First Crusade (1096-1097) According to Western Sources, *Space, Landscapes and Settlements in Byzantium - Studies in Historical Geography of the Eastern Mediterranean*, Presented to J. Koder. Eds: A. Kulzer-M. St. Popović (Studies in Historical Geography and Cultural Heritage, No.1), Vienna-Novi Sad 2017, 113-130. - Автор на дел од монографија објавена во странство (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација).*

11. Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), *Српска краљевства у средњем веку* (Зборник радова међународног научног скупа одржаног од 15. до 17. септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића Првовенчаног, уредник: С. Мишић), Краљево 2017, 291-307. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација):*

12. 27 јули (9 август) 916 година: датум на упокојување или на погребување на Св. Климент Охридски, *Милениумското зрачење на Св. Климент Охридски* (Зборник на трудови од меѓународниот научен собир одржан по повод 1.100 години од упкојувањето на Св. Климент Охридски, МАНУ-Скопје, 28-29 октомври 2016 г.), Скопје 2017, 213-218. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир.

13. The Titles of St. Clement of Ohrid, *Св. Климент Охридски в културата на Европа* (БАН-Кирило-методиевски научен центаръ, София, 25-27 ноември 2016 г.), София 2018, 562-575. Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (*рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација).*

14. Престолнините на Самоиловата држава: критички историографски осврт, *1000 години од битката на Беласица и од смртта на цар Самоил* (Зборник на материјали од свечениот собир и од тркалезната маса по повод одбележувањето на 1000 години од битката на Беласица и од смртта на цар Самоил, МАНУ-Скопје, 6 ноември 2014 г.), ИНИ-МАНУ-Скопје 2018, 139-148. - Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир.

Во рамките на научно-истражувачката дејност, кандидатот д-р Тони Филипоски бил раководител на национален научен проект: *Етнонимот Власи во пишаните извори и во топонимијата во историскиот регион Македонија (XI-XIV век),*МОН-ФФ(1.7.2016-30.6.1018). По изборот за вонреден професор, д-р Тони Филипоски учествувал на 10 научни собири и конференции во земјата и во странство.

**4. Стручно-апликативна дејност**

Покрај на наставен и научноистражувачки план, кандидатот д-р Тони Филипоски, во изминатиот период, пројавил значителна активност и на полето на стручно-апликативната дејност. Остварил студиски престои во Австрија, како гостин-истражувач во Одделот за византологија при Институтот за средновековни студии на Австриската академија на наук и т е во Виена, во 2017 и 2018 година. Од бројните експертски ангажмани и активности од поширок интерес на д-р Тони

Филипоски би ги издвоиле следниве: надворешен соработник на Државниот испитен центар при Министерството за образование и наука на РМ (2014/2015); член на уредувачки одбор на меѓународното научно списание: *Radovi Zavoda za hrvatsku povjest Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu* (2014-2016); претседател на организационен одбор на научен собир (2018); член на организациони одбори на повеќе научни/стручни собири (2014-2017); претседател на Комитетот за византологија и медиевистика на Р Македонија (од 2016); член на Комисијата за историска географија и просторна анализа на Византија при Меѓународната асоцијација за византологија (AIEB) (2016-2021); член на научниот надзорен одбор на едицијата: *Студии за историска географија и културно наследство* (2016-2021).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходно изнесените оцени за наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на проф. д-р Тони Филипоски, може да се заклучи дека се работи за изграден и афирмиран универзитетски наставник и научен истражувач со потврдени квалитети и компетенции во областите со кои се занимава. Приложените трудови на кандидатот претставуваат сигурен аргумент за неговиот континуиран професионален развој и посветеност во наставната, научноистражувачката и апликативната дејност. Рецензентската комисија со задоволство констатира дека д-р Тони Филипоски во целост ги исполнува условите за избор во повисоко звање, предвидени со член 166 од Законот за високото образование (од 8 мај 2018 г.)

Со оглед на изнесеното, Рецензентската комисија со особено задоволство и чест му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го избере д-р Тони Филипоски во звањето **редовен професор** за наставно-научните области: средновековна историја, национална историја на средниот век, византологија и архивистика и документација.

Членови на Комисијата

1.Проф. д-р Коста Аџиевски с.р.

2. Проф. д-р Александар Атанасовски с.р.

3. Проф. д-р Бобан Петровски с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ[1]

**Кандидат:** **Тони Јордан Филипоски**

(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област (дисциплина):**

**средновековна историја; национална историја на средниот век; византологија; архивистика и документација**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава (прв циклус): Историја на Балканот, VI-XII век (2014-2018) | 9,6 |
| 2. | Одржување на настава (прв циклус): Историја на Балканот, XIII-XV век (2014-2018)-насока: Историја | 9,6 |
| 3. | Одржување на настава (прв циклус): Историја на Балканот, XIII-XV век (2014-2018)-насока: Архивистика | 12 |
| 4. | Одржување на настава (прв циклус): Вреднување на архивски материјал (2014-2018) | 9,6 |
| 5. | Одржување на настава (прв циклус): Историска географија (2014-2018) | 4,8 |
| 6. | Одржување на настава (прв циклус): Балканско благородништво во средниот век (2014-2018) | 2,4 |

[1] Бодување според стариот Анекс-2.

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Одржување на настава (прв циклус): Семејството во средниот век (2014-2018) | 2,4 |
| 8. | Одржување на вежби (прв циклус): Историја на Балканот, VI-XII век (2014-2018) | 3,6 |
| 9. | Одржување на вежби (прв циклус): Историја на Балканот, XIII-XV век (2014-2018)-насока: Историја | 3,6 |
| 10. | Одржување на вежби (прв циклус): Историја на Балканот, XIII-XV век (2014-2018)-насока: Архивистика | 4,5 |
| 11. | Одржување на вежби (прв циклус): Вреднување на архивски материјал (2014-2018) | 3,6 |
| 12. | Одржување на вежби (прв циклус): Историска географија (2014-2018) | 3,6 |
| 13. | Одржување на вежби (прв циклус): Балканско благородништво во средниот век (2014-2018) | 1,8 |
| 14. | Одржување на вежби (прв циклус): Семејството во средниот век (2014-2018) | 1,8 |
| 15. | Рецензент на универзитетски учебник: С. Стојков, *Византија во вториот милениум (Византија, II дел, 1000-1453)*, Штип 2016. | 1 |
| 16. | Подготовка на нов предмет-предавања (прв, втор и трет циклус)(15 x 1) | 15 |
| 17. | Подготовка на нов предмет-вежби (прв циклус) (8 x 0,5) | 4 |
| 18. | Констултации со студенти (прв циклус) | 1,4 |
| 19. | Констултации со студенти (втор циклус) | 1,2 |
| 20. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат (2 x 0,5) | 1 |
| 21. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура (2 x 0,3) | 0,6 |
| 22. | Ментор на дипломска работа (2 x 0,2) | 0,4 |
| 23. | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (28 x 0,1) | 2,8 |
| | **Вкупно** | 100,3 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на национален научен проект: *Етнонимот Власи во пишаните извори и во топонимијата во историскиот регион Македонија (XI-XVI век)*, МОН-ФзФ (01.07.2016-30.06.2018) | 6 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: Свети Климент и изворната заснованост на неговиот епитет Охридски, *Кирило-методиевската традиција и македонско-руските духовни и културни врски* (Зборник на трудови од меѓународниот научен собир одржан по повод 1150 години од Моравската мисија и од словенската писменост, Охрид, 3-4 октомври 2013), УКИМ-Скопје 2014, 317-332. | 2 |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): Saints Clement and Naum of Ochrid: Appearance and Factual Grounds for Their Epithet, International Scientific Conference: *Cyril and Methodius: Byzantium and the World of the Slavs* (Thessaloniki, 28-30 ноември 2013), Thessaloniki 2015, 551-558. | 3 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): Некои аспекти поврзани со паѓањето на Охрид под османлиска власт, Прилози од четвртиот меѓународен конгрес: *Исламската цивилизација на Балканот* (МАНУ-Скопје, 13-17 октомври 2010), IRCICA-Istanbul 2015, 395-410 | 3 |
| 5. | Апстракт објавен во зборник на конференција-меѓународна: The Dispute Between Theophylact, the Archbishop of Ohrid, and the paroikos Lazar: an Example of 'State Inteventionism' During Byzantine Emperor Alexios I Komnneno's Reign (1081-1118), Proceedings of the 23rd International Congress of Byzantine Studies (Belgrade, 22-27 August 2016), *Thematic Session of Free Communications: "The Age of the Komnenoi"* (Chairs: P. Magdalino, L. Neville), 4. | 1 |
| 6. | Автор на дел од монографија објавена во странство (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, *The Ottoman Conquest of the Balkans-Interpretation and Research Debates*, Edited by Oliver Jens Schmitt, Verlag | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | der Österreichischen Akademi der Wissenschaften (Philosophisch-Historische Klasse Sitzungsberichte, 872.Band), Wien 2016, 65-78. | |
| 7. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): The Two Military Operations of Byzantine Emperor Andronicus III in Macedonia on the eve of the Battle of Velbazhd, *Великите Асеневци* (Зборник с доклади от конференция, посветена на 830 години от въстанието на братята Петър и Асен, началото на второто българско царство и обявяването на Търново за столица на България и 780 години от легитимното възобновяване на българската патрияршия, Велико Търново, 26-28 октомври 2015), Велико Търново 2016, 286-291. | 3 |
| 8. | Автор на дел од монографија објавена во странство (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): The *Via Egnatia*, Ohrid and the First Crusade (1096-1097) According to Western Sources, *Space, Landscapes and Settlements in Byzantium - Studies in Historical Geography of the Eastern Mediterranean*, Presented to J. Koder. Eds: A. Kulzer-M. St. Popović (Studies in Historical Geography and Cultural Heritage, No.1), Vienna-Novi Sad 2017, 113-130. | 6 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), *Српска краљевства у средњем веку* (Зборник радова међународног научног скупа одржаног од 15. до 17. септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића Првовенчаног, уредник: С. Мишић), Краљево 2017, 291-307. | 3 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: 27 јули (9 август) 916 година: датум на упокојување или на погребување на св. Климент Охридски, *Милениумското зрачење на св. Климент Охридски* (Зборник на трудови од меѓународниот научен собир одржан по повод 1100 години од успкојувањето на св. Климент Охридски, МАНУ-Скопје, 28-29 октомври 2016 г.), Скопје 2017, 213-218. | 2 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор (рецензиран научен труд објавен во референтна научна публикација): The Titles of St. Clement of Ohrid, *Св. Климент Охридски в културата на Европа* (БАН-Кирило-методиевски научен центаръ, София, 25-27 ноември 2016 г.), София 2018, 562-575. | 3 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен собир: Престолнините на Самоиловата држава: критички историографски осврт, *1000 години од битката на Беласица и од смртта на цар Самоил* (Зборник на материјали од свечениот собир и од тркалезната маса по повод одбележувањето на 1000 години од битката на | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Беласица и од смртта на цар Самоил, МАНУ-Скопје, 6 ноември 2014 г.), ИНИ-МАНУ-Скопје 2018, 139-148. | |
| 13. | Пленарно предавање на научен собир: Тркалезна маса по повод одбележувањето на 1000 години од битката на Беласица и од смртта на цар Самоил (6 ноември 2014 г., ИНИ-МАНУ, Скопје) | 2 |
| 14. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: *Царскиот град Трново и Второто бугарско царство во средновековниот свет* (по повод 830 години од востанието на браќата Петар и Асен, формирањето на Второто Бугарско Царство и прогласувањето на Трново за бугарска престолнина и 780 години од обновувањето на бугарската патријаршија)(26-28 октомври 2015, В. Трново, Р Бугарија) | 3 |
| 15. | Пленарно предавање на научен собир: Научна трибина по повод одбележувањето на 1000 години од смртта/убиството на Гаврило Радомир (2 декември 2015 г., ИНИ, Скопје) | 2 |
| 16. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: *23 меѓународен византолошки конгрес* (22-27 август 2016 г., Белград, Р Србија) | 2 |
| 17. | Пленарно предавање на научен собир: *Животот и делото на св. Климент Охридски* (26 септември 2016 г., УКЛО, Битола) | 2 |
| 18. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: *Милениумското зрачење на св. Климент Охридски* (28-29 октомври 2016 г., МАНУ, Скопје) | 3 |
| 19. | Секциско предавање на научен собир со меѓународно учество: *Св. Климент Охридски во културата на Европа* (25-27 ноември 2016 г.; БАН; Софиски универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Р Бугарија) | 2 |
| 20. | Пленарно предавање на научен собир со меѓународно учество: *Српските кралства во средниот век* (ФзФ-Белград, ФзФ-Нови Сад, ФзФ-Ниш; 14-17 септември 2017 г. Краљево, Р Србија) | 3 |
| 21. | Одржано предавање по покана на универзитет: *Власите од Македонија во пишаните извори: етницитет и/или социјална категорија* (Оддел за византологија, Институт за средновековни студии, Австриска академија на науките, 8 јуни 2017 г., Виена, Австрија). | 1 |
| | **Вкупно** | 60 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Автор на поглавје во стручна книга: Македонија во време на византиското владеење (XI-XII век), *Македонија до XIX век* (едиција: Македонски искушенија), книга 5, том III, Скопје 2014, 809-830. | 3 |
| 2. | Автор на поглавје во стручна книга: Востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех, *Македонија до XIX век* (едиција: Македонски искушенија), книга 5, том III, Скопје 2014, 831-845. | 3 |
| 3. | Коавтор на книга од стручна област: *Светите Кирил и Методиј,* (едиција: Македонски искушенија), кн. 58, Магор-Скопје 2016. | 7 |
| 4. | Експертска активност: надворешен соработник на Државниот испитен центар при Министерството за образование и наука на РМ (2014/2015) | 1 |
| 5. | Експертска активност: член на Стручна редакција на проектот: *Врвови на светската филозофија, историја, психологија со психоанализа* (Министерство за култура на РМ) (2014) | 1 |
| 6. | Член на факултетска комисија: претседател на пописна комисија на Филозофски факултет (за 2014 г.) | 0,5 |
| 7. | Експертска активност: рецензент на монографијата: Б. Петровски, *Средновековни населби и патишта во Полог*, Скопје 2015. | 1 |
| 8. | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/списание списание: *Radovi Zavoda za hrvatsku povjest Filozofskog fakulteta Sveučilišta u Zagrebu* (2014-2016) | 1 |
| 9. | Експертска активност: учесник во стручно-апликативниот проект: *„По патеките на Св. Климент Охридски“*-УКЛО-Битола (2016) | 1 |
| 10. | Студиски престој во странство-до три месеци: Истражувачки престој во Одделот за византологија при Институтот за средновековни студии, Австриска академија на науките, Виена, Австрија (28 мај-12 јуни 2017) | 0,5 |
| 11. | Студиски престој во странство-до три месеци: Истражувачки престој во Одделот за византологија при Институтот за средновековни студии, Австриска академија на науките, Виена, Австрија (6-13 мај 2018) | 0,5 |
| 12. | Изготвување и пријавување на научен национален проект-носител: *Етнонимот Власи во пишаните извори и во топонимијата во историскиот регион Македонија (XI-XVI век)*, МОН-ФзФ (2016) | 1 |
| 13. | Претседател на организационен или програмски одбор на научен собир: Прва национална конференција за византологија и медиевистика: *Самуиловата држава-1000 години потоа (1018-2018)* (Охрид, октомври 2018) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир: Тркалезна маса по повод одбележувањето на 1000 години од битката на Беласица и смртта на цар Самуил (МАНУ-Скопје, 16.7. 2014); Научната трибина по повод одбележувањето на 1000 години од смртта/убиството на Гаврило Радомир (ИНИ-Скопје, декември 2015) (2x0,5) | 0,5 |
| 15. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Меѓународната научна конференција по повод 1100 години од упокојувањето на св. Климент Охридски (МАНУ-октомври 2016) | 1 |
| 16. | Експертска активност: Стручна редакција на преведените монографии: М. Ст. Поповиќ, Мара Бранковиќ, Скопје 2014; Џ. Фајн, Балканот во раниот среден век, Скопје 2015; Ј. Кодер, Византискиот животен простор, Скопје 2015 (3 x 1) | 3 |
| 17. | Член на факултетска комисија: член на поткомисија за евалуација на студиски програми на Институтот за историја, Филозофски факултет-Скопје (2015-2019) | 0,5 |
| 18. | Член на Комисија за избор во звање: на д-р Ацо Ангеловски-ФзФ (2016) | 0,2 |
| 19. | Експертска активност: претседател на Комитетот за византологија и медиевистика на Р. Македонија (септември 2016-) | 1 |
| 20. | Експертска активност: член на Комисијата за историска географија и просторна анализа на Византија при Меѓународната асоцијација за византологија (AIEB) (2016-2021) | 1 |
| 21. | Експертска активност: член на научниот надзорен одбор на едицијата: *Студии за историска географија и културно наследство* (2016-2021) | 1 |
| | **Вкупно** | 29,7 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 100,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 60 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 29,7 |
| **Вкупно** | 190 |

Членови на Комисијата

1.Проф. д-р Коста Аџиевски с.р.

2. Проф. д-р Александар Атанасовски с.р.

3. Проф. д-р Бобан Петровски с.р.

До: Филозофски факултет – Скопје.

Универзитет "Св. Кирил и Мето...
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕ...
СКОПЈЕ
Примено: 29 -10- 2018
Орг. Един. | Број | Прилог | Вре...
04 | 1587/16

предмет: Приговор на

референтот за избор на наставник во сите наставно научни звања за научните области: дефектологија, специјална едукација и семества, семејство и пречки во развојот.

Почитувани,

Поднесувам приговор на извештајот – референтот на рецезентската комисија кој е напишан според Анекс 2. кој не е предвиден според новиот Закон за Високо образование.

подносител:
др. Весна Костиќ Ивановиќ
[signature]

ОДГОВОР

на Приговорот поднесен од д-р Весна Костиќ Ивановиќ, заведен под бр. 04-1587/16 на 29. X 2018 г. во архивата на Филозофскиот факултет во Скопје

Рецензентската комисија за избор во состав: проф. д-р Наташа Чичевска Јованова, проф. д-р Оливера Рашиќ Цаневска, и проф. д-р Дејан Мицковиќ, го разгледа Приговорот на Рефератот објавен во Билтенот на УКИМ, бр. 1178/173 од 15.X 2018 год., заверен во архивата на Факултетот со бр. 04-1587/16 од 29.X 2018 година за избор на наставник во сите наставно научни звања во научните области: образование, дефектологија (семејство и инвалидноста, специјална едукација и семејства, семејство и пречки во развојот).

Рецензентската комисија во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот во целост се придржуваше до Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, при тоа водејќи сметка за барањата во:

- конкурсот и
- општите акти на високообразовната установа во која се врши изборот.

Комисијата едногласно утврди дека Приговорот е неоснован од следниве причини:

Според конкурсот, кандидатките заедно со пријавата требало да достават: куса биографија, изјава за исполнување на општите и посебните услови за работното место, доказ за стекнат соодветен степен на образование - доктор на науки, доказ за општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение), доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана на вршење професија, дејности или должност (Уверение од Основен суд 1-Скопје), список на објавени научни и стручни трудови, по еден примерок од трудовите, доказ за познавање на странски јазик и пополнет образец-Анекс 2 кон Извештајот за избор во звања.

При пишувањето на заклучокот и предлогот од Извештајот, Комисијата за избор во звање се раководеше, пред сè, од условите пропишани во член 166 од Законот за високото образование како и од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања. Во Законот за високото образование, во член 217, став 2 се предвидува дека: „До донесување на општите акти на високообразовните установи утврдени со овој Закон кои се однесуваат на условите, постапката и критериумите за избор во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање, изборот во овие звања ќе се вршат според одредбите на овој закон и на општите акти кои биле во сила на денот на стапување во сила на овој закон, при што одредбите на општите акти на високообразовните установи кои се во спротивност со одредбите на овој закон,

нема да се применуваат“. Комисијата при изработка на Извештајот го имаше предвид и член 227 од Законот за високото образование кој се однесува на Продолжување со важност на подзаконските акти и гласи: „До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени според Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), при што одредбите коишто се во спротивност со одредбите на овој закон, нема да се применуваат“.

Со овој Одговор, Рецензентската комисија ја опфати и одговори на единствената забелешка на д-р Весна Костиќ Ивановиќ, нагласувајќи дека останува на ставот заземен во заклучокот од Рефератот (објавен во Билтенот на УКИМ, бр. 1178/173 од 15.X 2018 год.). Комисијата едногласно ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ ОД РЕФЕРАТОТ и предлага д-р Ангелка Кескинова да биде избрана во наставно-научното звање доцент во научните области: образование, дефектологија (семејство и инвалидноста, специјална едукација и семејства, семејство и пречки во развојот).

Рецензентска комисија

Проф. д-р Наташа Чичевска Јованова с.р.

Проф. д-р Оливера Рашиќ Цаневска с.р.

Прод. д-р Дејан Мицковиќ с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА И ПРИДОНЕСОТ НА НА ЦИВИЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА БЕЗБЕДНОСНА СТРАТЕГИЈА“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р ТОНИЃУРОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На XII редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 30.8.2018 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оценка на докторската дисертација „Улогата и придонесот на цивилните способности на Европската Унија во остварувањето на Европската безбедносна стратегија“, од м-р Тони Ѓуроски.

Благодарни за укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Улогата и придонесот на цивилните способности на Европската Унија во остварувањето на Европската безбедносна стратегија претставува научен труд од областа на безбедноста, одбраната и мирот. Во оваа докторска дисертација, м-р Тони Ѓуроски се користи со методолошките пристапи и проучување на цивилната способност на Европската Унија, со теории својствени во проучувањето на безбедносната, одбранбената и мировната проблематика. Во таа насока, м-р Ѓуроски презентира значаен труд и проблем на истражување од оваа област.

Докторскиот труд е конципиран прегледно и содржи 218 страници. Трудот има релативно конзистентна структура, која од него прави логична целина. За изработка на оваа докторска дисертација консултирани се библиографски единици, нормативни акти и други публикации и извори од интернет. Аргументацијата е поткрепена со 156 фусноти.

Покрај воведот, заклучокот и консултираната библиографија, трудот го сочинуваат шест дела, во кој се истражуваат најзначајните аспекти на потребата од формирање на цивилни способности на Европската Унија, нивната улога и развој согласно со развојот на европската безбедносна стратегија. Во одредени делови од трудот анализирани се и можностите на Република Македонија да развива и да учествува со сопствени цивилни капацитети во мисиите на Унијата. Имајќи предвид дека кандидатскиот статус на Република Македонија за членство во ЕУ е од 2005 година, две години по усвојувањето на Европската безбедносна стратегија, докторандот прави обид да ја оцени информираноста на структури во Министерството за внатрешни работи во однос на европските цивилни способности и реализира анкета на примерок од 180 испитаници,

Главните делови на докторскиот труд, во кој м-р Ѓуроски го изложува истражувањето се: Вовед и објаснување за проблем, предмет и методологија на истражување со истражувачки прашања; Историски преглед на развојот на цивилните способности на Европската Унија во европската безбедносна стратегија; Заедничка

надворешна и безбедносна политика на ЕУ; Европската Унија и управувањето со кризи; Институции во Република Македонија кои се поврзани со цивилните способности на ЕУ; ЕУ како меѓународен актер; Интерпретација и анализа на податоци од истражување; Заклучоци; Прилог (Прашалник) и користена литература.

Во **воведниот дел** на докторската дисертација е формулиран проблемот на истражувањето, изложени се целите и задачите и се наведени методите кои што се користени при нејзината изработка. Појдовната премиса на докторската теза, која доследно провејува низ целиот труд, е дека Европската Унија е значаен меѓународен актер кој по завршувањето на Студената војна минува низ циклус на политички и институционални промени. Заедничката безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) и Европската безбедносна стратегија од 2003 година, како и документите од последователните самити на ЕУ го уредувааат воспоставувањето на цивилни способности на Унијата. Предизвикот за ЕУ е да ги собере различните алатки и способности на политиката на ЕУ, како што се европските програми за помош, Европскиот фонд за развој и воените и цивилните капацитети на земјите членки. Во основата на најголемиот број мисии на Европската Унија и нејзината надворешна политика се цивилните капацитети.

Стратегијата за европска безбедност се разви и низ Лисабонскиот договор кој воведува зајакнување на сеопфатниот пристап на унијата со безбедносните закани. Европската служба за надворешна акција станува оперативна под раководство на високиот претставник, кој, исто така, е потпретседател на Комисијата, имплементацијата на Договорот ја олеснува и максимизира ефективноста на користењето на различни политики и инструменти на располагање на Европската Унија во повеќе кохерентни начини, со цел да се одговори на целиот циклус, од подготвеност до превентивна акција, преку одговор за управување со кризи, вклучително и стабилизација, и одржување на мирот, обновување, реконструкција и враќање кон долгорочен развој.

Научна цел на докторскиот труд е да се направи научна дескрипција и анализа на цивилните способности на Европската Унија и барањата за подигнување на капацитетите на Унијата во спроведувањето на операциите за цивилен менаџмент, а како инструменти на ЕБС, односно ЗНБП и ЗБОП; да се овозможи увид во сегашната и идна улога на цивилните способности на Европската Унија во спроведувањето на ЕБС, како и да се направи анализа на можностите на Република Македонија за учество во мисиите на Унијата и нејзините цивилни способности како земја кандидат за членство во Унијата.

Општествената цел на трудот е да се образложат можностите на цивилните способности на Европската Унија, кои актери од ЕУ се клучни за нивниот развој и какви задачи треба да се исполнат. Притоа, да се согледат практичните можности на Република Македонија да го достигне бараното ниво на цивилни капацитети за учество со своите цивилни способности во реализирањето на ЕБС.

Централната хипотеза на трудот е дека цивилната способност на Европската Унија во Европската безбедносна стратегија претставува круцијален дел од нејзините инструменти во справувањето со заканите. Јакнењето на цивилната способност како

инструмент на ЕБС ќе овозможи пошироко влијание на надворешната политика на Унијата и нејзината ЗБОП и ЗБОП и поефикасно справување.

Искуствата на ЕУ со досегашните цивилни мисии доведуваат до подобрување на цивилните способности на Унијата и остварувањето на целите на ЕБС. Република Македонија има успешно изградени цивилни способности како инструмент за реализација на сопствената безбедносна политика и може компатибилно да учествува во цивилните мисии на Европската Унија.

Методолошкиот пристап во докторскиот труд се потпира на анализа на содржина на документи на ЕУ кои се однесуваат на предметот и проблемот на истражување во периодот од 2003 година, од усвојувањето на ЕБС. Исто така, реализирана е анкета на примерок од 180 испитаници во однос на нивните ставови за Европската безбедносна стратегија и цивилните способности на Европската унија.

Во првиот дел со наслов **Историски преглед на развојот на цивилните способности на Европската унија во европската безбедносна стратегија,** даден е историски преглед и елаборирани се етапите на развој на цивилните способности на ЕУ се до потпишувањето на договорот од Лисабон. Во овој дел, анализирана е Европската безбедносна стратегија, но за целосна слика за соодносот на цивилните и воените способности на ЕУ потребна е дополнителна елаборација. *Имајќи предвид дека европската Глобална стратегија е донесена во 2017 година, потребно е документот дополнително да се вклучи во анализата.*

Вториот дел од докторската дисертација претставува анализа на **Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ.** М-р Ѓуроски во овој дел се осврнува на институционалната поставеност на ЗНБП на ЕУ и институциите кои се поврзани со цивилните способности. Во 2018 година, ЕУ има 10 активни цивилни мисии. Во овој дел, покрај институционалната структура, *потребно е да се нагласат цивилните аспекти на ЗНБП, приоритетите од Фиера за јакнење на владеењето на правото и цивилната администрација, како и улогата на полицијата во услови кога државите се зафатени со конфликти. Во овој дел треба да се дополни и пристапот на ЕУ за реформи во безбедносниот сектор. Советот на ЕУ укажува дека цивилната ЗБОП е важен надворешен инструмент на поширокиот одговор на ЕУ, кој пак исто така придонесува за справувањето со безбедносните предизвици, вклучувајќи ги и оние поврзани со нелегалната миграција, хибридните закани, сајбер-безбедноста, тероризмот и радикализацијата, организираниот криминал, граничното управување и поморската безбедност, како и спречувањето и борбата против насилниот екстремизам, истовремено земајќи ја предвид потребата за зачувување и заштита на културното наследство.*

Третиот дел од докторската дисертација е насловен **Европската Унија и управувањето со кризи**. *Во овој дел е потребно да се вклучи анализа на стратешкиот пристап кон цивилната ЗБОП, особено од аспект на одредбите на Лисабонскиот договор и препораките на Советот за спроведување на Глобалната стратегија. Наместо*

*пристапот на кризен менаџмент, Советот, но и државите членки даваат приоритет на цивилните способности за ЗНБП.*

Во четвртиот дел, **Институции во Република Македонија кои се поврзани со цивилните способности на ЕУ,** анализирана е улогата на Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за внатрешни работи. *И овој дел е потребно да се дополни со елементи од поглавјето 31 за преговори за членство кое подразбира и усогласеност на Република Македонија со цивилната ЗНБП.*

Петтиот дел, **ЕУ како меѓународен актер** анализирана е соработката на ЕУ со други меѓународни актери. *Во овој дел е потребно да се наведат примери на соработка и правната основа за ваков вид соработка и учество во меѓународни мисии, пред се цивилни мисии во кои учествува и ЕУ.*

Шестиот дел од докторската дисертација насловен како **Интерпретација и анализа на податоци од истражување,** презентирани се податоци за перцепцијата на испитаниците, вкупно 180, од неколку безбедносни институции. *Резултатите се презентирани според поставените прашања, но потребно е подетално да се толкуваат наодите од одговорите на прашалникот.*

На крајот од трудот се презентирани заклучните согледувања **кои треба да се структруираат и да го следат редоследот на тематските анализи.**

## ОЦЕНКА И ПРЕДЛОГ

По исцрпната анализа и евалуирање на предложената докторска дисертација со наслов: „Улогата и придонесот на цивилните способности на Европската Унија во остварувањето на Европската безбедносна стратегија" може да се констатира дека таа претставува солидно изработен труд од областа на безбедноста, одбраната и мирот. Во оваа докторска дисертација, м-р Тони Ѓуроски анализира еден од аспектите на ЗНБП на ЕУ: нејзините цивилни способности и нивното влијание врз остварувањето на Европската безбедносна стратегија. Комисијата констатира дека текстот на докторскиот труд треба да се дополни со одредени анализи кои беа наведени за секој дел поедничечно. Потребно е текстот на докторскиот труд да се лекторира и да се подобри со отстранување на техничките недостатоци (цитирање на делови од автори, дополнување со референци и фусноти, библиографија).

Имајќи го сето ова предвид, Комисијата предлага да се продолжи рокот за изработка на докторскиот труд и да се направат нужни измени и дополнувања, а на кандидатот да му се овозможи да постапи по укажувањата на Комисијата во рок од шест месеци.

**Комисија**

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

Проф. д-р Марина Митревска с.р.

Проф. д-р Тони Милески с.р.

Проф. д-р Зоран Нацев с.р.

Проф. д-р Горан Зенделовски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕТОДИТЕ НА СЛИКАРСТВОТО, НИВНИОТ РАЗВОЈ И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА КОСОВО“ ОД М-Р ВЛОРА КОСУМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XIV редовна седница одржана на 1. 11. 2018 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторскиот труд со наслов **Методите на сликарството, нивниот развој и куктурното наследство на Косово,** изработен од Влора Косуми, докторанд на Институтот за историја на уметноста и археологија (Одлука бр. 10-2214/6). Комисијата во состав: проф. д-р Елизабета Димитрова, проф. д-р Татјана Филиповска, проф. д-р Сашо Коруновски, доц. д-р Ирена Теодора Весевска и проф. д-р Трајче Блажевски има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд на кандидатката Влора Косуми, со наслов **Методите на сликарството, нивниот развој и куктурното наследство на Косово** претставува самостоен истражувачки труд презентиран на вкупно 270 страници, кој, покрај воведот, четирите содржински поглавја и заклучокот, опфаќа и обемен список на користена литература и библиографски единици, како и богат илустративен материјал со професионално изработени фотографии во вид на визуелна поддршка кон истражувачкиот проблем.

Докторскиот труд со погоре наведениот наслов претставува истражување на концептот, методолошкиот приод, методските основи, тематската инспирација и визуелната елаборација на културното наследство на Косово од аспект на неговите визуелни, ликовни и естетски одлики. Со оглед на нестабилната историска констелација на Косово како територија, која, во долгиот од на историјата припаѓала на различни државни и општествени формации, истражувањето на оваа тема е мошне значајно за да се одредат квантитативните и квалитативните карактеристики на тамошните уметнички споменици, археолошки локалитети и останати елементи на постојниот културен трезор. Поаѓајќи од професионалната ориентација на кандидатката, м-р Влора Косуми, која е ликовен уметник со одлично национално и меѓународно педигре, акцентот во докторскиот труд е ставен на

сликарските остварувања, нивните визуелни карактеристики, како и нивното значење за развојот на уметничкото творештво на подрачјето на Косово. Иако библиографијата посветена на оваа проблематика, т.е. на анализата на визуелната тематика во ликовното творештво и во материјалната култура на Косово како територија во срцето на Балканскиот Полуостров може да се смета за солидна во однос на списокот на референтни трудови, сепак погоренаведениот докторски труд за прв пат на едно место ја сумблимира уметничката граѓа и ги здружува не само библиографските, туку и аналитичките компоненти на литературата од повеќејазичен карактер – македонски, српски, албански, англиски, германски, француски и тн. говорен спектар. Оттука, докторскиот труд на кандидатката Влора Косуми е значаен и оправдан, бидејќи е насочен кон продлабочена анализа на сите аспекти во создавањето на културниот трезор на Косово во хронолошкиот опсег од праисториската епоха сѐ до почетокот на деветнаесеттото столетие.

**Структура на трудот**

Со оглед на сложениот карактер на истражувањето, трудот содржи аналитичка и илустративна компонента. Првата се состои од вкупно четири монументални поглавја, на кои им претходи екстензивно воведно поглавје и следени од заклучок и список на користени библиографски единици, додека втората го опфаќа илустративниот материјал, структуриран во вид на каталог, кој реферира кон истражувањето на еден функционален и ефикасен начин, особено затоа што е изработен лично од авторката, со професионален и мошне впечатлив приод кон визуелната артикулација на спомениците од праисториската, античката, средновековната и отоманската епоха. Во тој контекст, првиот дел од трудот (Вовед) ја експлицира потребата од истражувањето на културната ризница на Косово од еден глобален ракурс, т.е. како дел од културната оставнина на човештвото, но и од еден попрецизно дефиниран социо-културен аспект, кој е фокусиран врз начините на неговото непристрасно проучување, презентирање и заштита.

Притоа, од воведниот дел јасни стануваат предизвиците со кои мора да се соочи истражувачот на оваа проблематика, особено кога се работи за ликовните дела создадени

на косовското подрачје. Имено, спомениците на културата, археолошките локалитети и уметничките творби создадени во текот на вториот и првиот милениум пред новата ера, како и оние од христијанската антика, средниот век и отоманската епоха се веќе валоризирани, а некои од нив се наоѓаат под перманентна заштита на УНЕСКО и останатите меѓународни институции и организации. Меѓутоа, со воените активности од крајот на минатиот век, нарушена е сликата за конзистентноста и кохерентноста на културната мапа на Косово, така што е потребен еден нов и непристрасен методолошки приод кон нивното вреднување. Оттука, кандидатката во воведниот дел поаѓа од глобалното и се движи кон локалното за да ја нагласи потребата од повторно навраќање на сите елементи на културната стратиграфија на Косово на почетокот од нашето столетие. Поради тоа, таа во ова, почетно, поглавје територијално, временски и методолошки ги дефинира целите и задачите на трудот, упатувајќи кон тематската содржина на дисертацијата, кон периодизацијата и типологизацијата на уметничкото творештво, како и кон уметноста третирана како естетска активност и визуелна вредност.

На воведот, се надоврзува првото поглавје од магистерскиот труд насловено „Фигуративната уметност и нејзините гранки“, кое содржи продлабочена анализа на уметноста како социјална дејност, како ликовна експресија и како визуелна катарза детерминирана од историските настани, општествените промени, социјалните прилики и естетските барања на определени временски периоди. Притоа, дефинирани се методологијата, елементите и принципите во фигуративната креативност од аспект на структурата на ликовните дела и нивното влијание врз соодветната публика. Исто така, даден е еден конзистентен и кохерентен преглед на развојот на уметноста и стиловите, како и на креативните елементи во сликарската дисциплина, кои се манифестираат низ една палета на уметнички дела засекогаш забележани во културната стратиграфија на човештвото како ремек-дела на определени временски епохи и/или стилови. Особено значаен дел од ова поглавје и потпоглавјето во кое авторката на трудот ја анализира врската на уметноста со општетството, поаѓајќи од битните уметнички настани на европскиот континент, методолошки двиожејќи се кон балканската територија, за на крајот од поглавјето да дојде до Косово и неговото место во уметничката картографија на цивилизираниот свет.

Следното поглавје од докторскиот труд со наслов ***Методите на сликарството, нивниот развој и културното наследство на Косово*** се фокусира врз археолошкото наследство зачувано на косовската територија, со аналитички приод кон најзначајните артефакти и егзибити од косовската колекција на археолошки наоди во хронолошки дијапазон од праисторијата до доцноантичкиот период низ три потпоглавја – праисториска епоха, римски период, ранохристијанска и средновековна епоха. Притоа, во праисториската епоха се анализирани археолошките локалитети од палеолитот, неолитот, бакарното, бронзеното и железното време со картографски приказ на сите постојни локалитети и со типолошка и стилска анализа на наодите – оружје, накит, керамика, скулптурални творби, сликана теракота, гробни конструкции и сл. Во контекст на римскиот период, наброени се сите локалитети кои со својата урбана структура и фортификациски компоненти сведочат за начинот на живот низ еден подолг хронолошки опсег, се до Јустинијановата доба. Се разбира, посебен осврт има градот Улпијана (Јустинијана Секунда) – анализиран преку зачуваните пишани извори и откриените археолошки наоди – градби – сакрални, приватни и јавни, како и уметничките дела – скулптурални творби, фрескоаранжмани и мозаични павименти со мошне карактеристични иконографски изведби. Ранохристијанската и средновековната епоха се претставени преку сочуваните урбанистички структури и фортификациските опстановки – тврдини, кастели и каструми како сведоштво за турбулентниот, динамичен и непредвидлив средновековен историски развој на косовското подрачје.

Четвртото поглавје на докторската дисертација авторизирана од кандидатката м-р Влора Косуми ја анализира уметничката продукција на средновековната епоха преку продлабочено истражување на програмските, иконографски, стилско-ликовни и естетски одлики на византиските споменици креирани на косовската територија. Истражувачкиот преглед на византиските споменици е структуриран во пет потпоглавја – 1. Социо-културен осврт на Косово во текот на византиската епоха, 2. Црквата Богородица Љевишка во Призрен, 3. Богородичиниот храм во Грачаница, 4. Црквата посветена на Христос Пантократор во Дечани и 5. Комплексот на Пеќската патријаршија. Пристапувајќи од ракурсот на веќе валоризирани споменици кои се наоѓаат во сите прегледи на византиското творештво во последните десетина декади, кандидатката се обидува да најде заеднички именител во нивната анализа која ги опфаќа програмските карактеристики на

фрескоансамблите, иконографските одлики на насликаната програма, стилските белези на аранжманите, нивните ликовни посебности и естетските квалитети, не занемарувајќи ги притоа и архитектонските одлики на градбите и нивните типолошки квалификативи. Сликаните циклуси, композициските матрици, ликовните идеограми, авторските сигнатури и, особено, портретните изведби на историските личности, во овој дел од докторскиот труд се ставени во контекст на времето и просторот, политичките прилики и социјалниот развој на косовското подрачје. Не изоставајќи ниту еден структурален елемент од анализата на византискиот творечки композит на Косово, авторката создава панорама на најзначајните остварувања од периодот на четиринаесеттото столетие, кои, воедно, припаѓаат на рангот на најрепрезентативните дострели на византиското творештво воопшто.

Петтото поглавје од трудот ги опфаќа спомениците креирани во текот на отоманската епоха во контекст на новите историски, социјални и политички случувања кои ги носи османлиската власт на косовската територија. Притоа, по воведниот дел посветен на историските околности по османлиското освојување на Косово, кандидатката дава извонредено експозе за исламската уметност и нејзината естетска дефиниција, како одличен шлагворт за анализа на најзначајните исламски споменици на Косово – џамијата на Султан Мурат, џамијата на султан Фатих II, џамијата на Синан паша, Бајакли џамијата, но и зачуваните турбиња како мемории на косовските тарикати и профаните објекти кои сведочат за секојдневниот живот под османлиска власт. Со оглед на недостатокот на сликарски остварувања споредливи со оние од претходната, византиска епоха, кандидатката ја анализира естетската димензија на орнаментите и графичките декорации во наведените исламски објети, експлицирајќи ја специфичната димензија на исламската декоративна уметност.

Последното поглавје (Заклучок) претставува логична завршница на истражувањето, кое има намера да создаде една формализирана и систематизирана слика за развојот и значењето на културното наследство на Косово од аспект на неговата квантитативна и квалитативна димензија. Притоа, за одбележување е доследноста на авторката во експликацијата на определени идеи за концептот, декоративните матрикси, религиозната инспирација, култната посветеност и естетската констелација на културните монументи и уметничките творби на Косово кои припаѓаат на хронолошки периметар од повеќе од два и

пол милениуми. На тој начин, во заклучокот се сумирани сите добиени резултати, поткрепени со еден екстензивен список на користена литература од најстар до најнов датум. Особен квалитет на наведената литература е нејзината лингвистичка и методолошка разновидност, која е одразена и во аналитичкиот пристап на авторката, т.е. во нејзиното настојување да ги спротивстави различните гледишта и ставовите на повеќето различни методолошки школи во создавањето на еден исцрпен истражувачки каталог на косовското културно наследство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на сите погоре изнесени ставови кои се однесуваат на докторската дисертација со наслов ***Методите на сликарството, нивниот развој и културното наследство на Косово,*** поднесена од м-р Влора Косуми, членовите на Комисијата едногласно констатираа дека се исполнети сите критериуми за успешен научен труд, соодветен на зададената тема и на нејзините истражувачки можности. Со оглед на: конзистентниот методолошки приод кон научната проблематика, педантното експлицирање на содржинските компоненти, интердисциплинарниот пристап кон артикулацијата на структуралните елементи на темата и сериозниот хронолошки опфат на третираниот археолошки материјал, како и на делата на уметничката продукција, членовите на Комисијата за оцена на погоре наведениот докторски труд му го препорачуваат истиот на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет за понатамошна процедура, т.е. да ја одобри негова јавна одбрана и да го определи денот на одбраната.

Членови на Комисијата за оцена

Проф. д-р Елизабета Димитрова с.р.

Проф. д-р Татјана Филиповска с.р.

Проф. д-р Сашо Коруновски с.р.

Доц. д-р Ирена Теодора Весевска с.р.

Проф. д-р Трајче Блажевски с.р.

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

### 3. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Елизабета Куновска | „Иновативни пристапи во заштита на децата: перцепции на стручните работници и корисниците во Република Македонија “ | „Innovative approaches in child protection: Perceptions of professionals and beneficiaries in Republic of Macedonia“ | Проф. д-р Маја Геровска Митев | 5. XI 2018<br>10-1615/8 |

ПРЕГЛЕД

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

## 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **Сашо Марковски** | „Потребата од заштита на критичната инфраструктура – со осврт на обезбедувањето на сообраќајната инфраструктура на Република Македонија“ | The need for protection of the critical infrastructure - with regard to the provision of the traffic infrastructure of the Republic of Macedonia. | проф. д-р Оливер Бакрески | Бр.10-2451/3 5-11-2018 |
| 2. | **Гордана Николовска** | **„Стратегии на емоционална регулација во испитни ситуации, оптимизам, песимизам и испитни емоции“** | **Emotion regulation strateges in the taking situacion, optimism and pessimism and test emotions** | **проф. д-р Огнен Спасовски** | Бр.10-2292/3 5-11-2018 |
| 3. | **Розита Закева** | **„Воннаставните активности во функција на меѓуетничка интеграција на учениците од средните училишта“** | Extracurricualar activities in the function of the inter-ethinic integration of the students from secondary schools with mixed ethnic background | **проф. д-р Анета Баракоска** | Бр.10-2440/3 5-11-2018 |
| 4. | **Сања Богданоска** | **„Етичкото образование во основните училишта и моралните особини и вредности кај учениците“** | Ethnical education in primary schools and pupils moral traits and values | **проф. д-р Анета Баракоска** | Бр.10-2446/3 5-11-2018 |
| 5. | **Игорче Дунимаглоски** | **„Српско-дубровничките односи во 14-от век со посебен осврт кон Македонија“** | **Serbian-dubrovnic relations in the XIV-th centry with a specific reference to Macedonia** | **проф. д-р Тони Филипоски** | Бр.10-2461/3 5-11-2018 |
| 6. | **Даниела Тасевска** | „Преваленција и причини за оштетување на видот кај децата“ | **Prevalents and causes of visual impairment in children** | проф. д-р Даниела Димитрова Радојичиќ, | Бр.10-2577/3 5-11-2018 |
| 7. | **Филип Јуртоски** | „Распространетост на лицата со интелектуална попреченост на ниво на општина Прилеп“ | **Prevalents of people with intellectual isability in the municipality of Prilep** | проф. д-р Горан Ајдински | Бр.10-2581/3 5-11-2018 |

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

### 2. Магистерски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Димитар Богески | „ВМРО во Вардарска Македонија 1919-1934“ | **„VMRO in Vardar Macedonia 1919-1934“** | проф. д-р Никола Жежов | 2.XI.2017 година<br>Бр. 10-1677/17 |
| 2. | Славица Марковска | „Менаџирањето на слободните ученички активности во основното образование во Република Македонија“ | „Managing the Free Students' Activities in Primary Schools' Education in Republic of Macedonia“ | проф. д-р Анета Баракоска | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-2080/17 |
| 3. | Зана Хоџа | „Ранохристијанската архитектура на територијата на Косово“ | **„Early Christian Architecture in the Territory of Kosovo“** | проф. д-р Елизабета Димитрова | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-2082/17 |
| 4. | Јасмина Паметковска | „Интерна контрола во процесот на менаџирање на основните училишта“ | **„Inter Control in the Process of Managing in Primary Schools“** | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-2061/17 |
| 5. | Марија Наумова | „Современата конференциска дипломатија (Contemporary conference diplomacy)“ | **„Contemporary Conference Diplomacy“** | проф. д-р Љубомир Фрчкоски | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-1520/17 |
| 6. | Ивица Пејковски | „Патот кон Големата војна (дипломатските односи помеѓу големите сили 1871-1914)“ | **„The Road to the Great War (The Diplomatic Relations of the Great Powers 1871-1914)“** | доц. д-р Никола Минов | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-1964/17 |
| 7. | Ана Гешовска | „Педагошка проценка на развојот на децата за запишување во основното образование“ | **„Pedagogical Assessment of the Development of Children Enrolling in Elementary Education“** | проф. д-р Елизабета Томевска Илиевска | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-1847/17 |
| 8. | Андријана Томовска | „Зголемување на квалитетот на предметната | **„Improving the Quality of Educational Process** | проф. д-р Јасмина | 2. XI 2017 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | настава во основното образование со примена на ИКТ“ | **in Primary School by Applying the Information and Communication Technology“** | Делчева Диздаревиќ | Бр. 10-1959/17 |
| 9. | Роберт Атанасовски | „Менаџирање на човечки ресурси во полицијата со осврт на селекција на кадри“ | **„Human Resources Management in the Police with Particular Reference to Employee Selection“** | проф. д-р Оливер Бакерески | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-1561/17 |
| 10. | Оливера Димовска | „Грчката и латинската апстрактна терминологија во превод на македонски јазик. Искуства и перспективи (Greek and Latin Abstract terminology in Relation to Macedonian translations. Experiences and Perspectives)“ | **„Greek and Latin Abstract Terminology in Relation to Macedonian Translations. Experiences and Perspectives“** | акад. проф. д-р Витомир Митовски | 2. XI 2017 година<br>Бр. 10-1396/17 |
| 11. | Никола Ѓошев | „Придонесот на УНЕСКО и Програмата за менаџирање на социјални транформации (МОСТ) кон одржливо градење мир (the contribution Of UNESCO and the Program for management of social transformations (MOST) to sustainable peace building)“ | **„The contribution of UNESCO and the Program for Management of social Transformations (MOST) to Sustainable Peace Building“** | проф. д-р Маја Геровска Митев | 2.XI.2017 година<br>Бр. 10-1482/17 |
| 12. | Бојана Коџасинска | „Улогата на формалните наспроти неформалните системи за детска заштита во контекст на превенција на конфликти и одржливо градење мир (The role of formal versus informal child protection systems in the context of conflict prevention and sustainable peace building)“ | **„The Role of Formal Versus Informal Child Protection Systems in the Context of Conflict Prevention and Sustainable Peace Building“** | проф. д-р Маја Геровска Митев | 2.XI.2017<br>Бр. 10-1483/17 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ТУРКОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.8.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите *Методика на наставата по турски јазик 1 и 2, Методика на наставата по турска книжевност 1 и 2* и *Турска книжевност за деца*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, бр. 04-1917/4, донесена на 19.9.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Октај Ахмед, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Назим Ибрахим, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и д-р Гордана Алексова, доцент на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите *Методика на наставата по турски јазик 1 и 2, Методика на наставата по турска книжевност 1 и 2* и *Турска книжевност за деца*, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Осман Емин.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Осман Емин е роден на 31.7.1979, во Скопје, Република Македонија. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Скопје во 1997 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за педагогија и образовни-наставни програми при Универзитетот Хаџеттепе во Анкара, Република Турција. Дипломирал на 28.1.2002 година, со просечен успех 3,33 според турскиот систем, односно 9,16 според македонскиот систем (пресметка: 5-степен македонски систем / 4-степен турски систем = 1,25 поени вредност на една полна оценка според турскиот систем рефлектиран во македонскиот систем; потоа, 3,33 просечен успех според турскиот систем * 1,25 вредносни поени на една оценка според македонскиот систем = 4,16, на која се додава македонската основа од 5 (непреодна оценка) и се добива просечна оценка од 9,16).

Кандидатот, покрај турскиот и македонскиот јазик, активно се служи и со англискиот јазик.

Во учебната 2002/2003 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за општествени науки при Универзитетот Хаџеттепе во Анкара, Република Турција. Студиите ги завршил на 20.4.2005 година, со просечен успех 3,56 според турскиот систем, односно 9,45 според македонскиот систем (пресметка: 5-степен македонски систем / 4-степен турски систем = 1,25 поени вредност на една полна оценка според турскиот систем рефлектиран во македонскиот систем; потоа, 3,56 просечен успех според турскиот систем * 1,25 вредносни поени на една оценка според македонскиот систем = 4,16, на која се додава македонската основа од 5 (непреодна оценка) и се добива просечна оценка од 9,45). На 20.4.2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Споредување и корелација на наставните програми по наставниот предмет турски јазик во основните училишта во Р. Турција и во Р. Македонија“.

Докторска дисертација пријавил на 23.5.2008 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Дисертацијата на тема „Дидактички инструкции за планирање и програмирање на содржините по наставен предмет по турски, по македонски и по албански јазик и книжевност во основните и средните училишта во Р.Македонија“ ја одбранил на 7.5.2014 година, пред Комисија во состав: д-р Севин Алил, д-р Октај Ахмед, д-р Назим Ибрахим, д-р Виолета Димова и д-р Авзи Мустафа. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на филолошки науки од научната област турколгија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот д-р Осман Емин веќе седум (7) академски години (2011-2018, но и во тековната 2018/2019 година) како стручњак од практиката изведува вежби по предметите: Методика на наставата по турски јазик, Методика на наставата по турска книжевност и Турска литература за деца на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на на прв циклус студии на студиската програма Турски јазик и книжевност, како и две академски години (2013-2015) на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово, по предметите: Методика на наставата по турски јазик и книжевност и Турска литература за деца на прв циклус студии на студиската група за турски јазик и книжевност на Катедрата за ориенталистика.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Осман Емин има учествувано на голем број научни собири со реферат, односно на 16 (шеснаесет):

1. “The Working Life and Contemporary Developments in the Light of Working Psychology in Macedonia”, 1st International Congress on Economics and Busines, (10-14.06.2015), Vizyon Üniversitesi, Gostivar.
2. “Makedonya ve Türkçe Eğitimi”, 4th International Conference on Language and Literature, In memory of Sami Frasheri, (28-29.10.2015), Universiteti i Elbasanit, Tirana, Albania.
3. “Makedonya Türk Çocuk Edebiyatının Gelişmi ve Necati Zekeriya'nın Önemi”, II Uluslararası çocuk ve Gençlik Edebiyati Sempozyumu, Çocuk Ve Gençlik Edebiyati Yazarları Birliği, (23-24.10.2015), İstanbul.
4. “Makedonya Çalışma Yaşamında Çalışma Psikolojisi ve Motivasyonun Önemi” 2nd International Congress on Economics and Business, (ICEB'16), (01-03.06.2016), Sarajevo.
5. “Geleneksel Çocuk Oyunlarının Çocuklar Üzerindeki Psikolojik Etkisi”, 21. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu, (06-10.05.2016), Üsküp.
6. “Makedonya Eğitim Sisteminde Entegre Eğitimi”, 14 Uluslararası Türk Dünyası Sosyal Bilimler Kongresi, (22-23.08.2016), Vizyon Üniversitesi, Gostivar.
7. “Didactic Instructions for Programming the Content for Mother Language as a Subject in the Republic of Macedonia”, International scientific conference, (31 Mart-02 April 2017), Vrnjacka Banja.
8. “Makedonya Türk Edebiyat Kahramanı Orhan’ın Çocuk Psikolojisine Etkisi”, 22 Uluslararası Hıdırellez Bahar Şenlikleri Sempozyumu, (05-08.05.2017), Üsküp.

9. “Makedonyada Türkçe Eğitminin Gelişimi İçin Sesler Dergisinin Önemi”, Меѓународен симпозиум „40 години катедра за Турски јазик и книжевност“, (19.05.2017), Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје.
10. “Industrial Psycology and Psychological Problems of Today's Working Life Macedonian Example” 3rdInternational Gongress on Economics And Business, Educons University (19-23.05.2017), Novi Sad.
11. “Makedonya Eğitim Sisteminde Entegre Eğitimi ve Çocukrın Sosyal Psıkolojisine Etkisi” 15.Uluslararası Türk Dünyası, Sosyal Bilimler Kongresi, Komrat devlet Üniversitesi (11-12.08.2017), Moldova.
12. “Çok Kültürlü Toplum ve Kültürel Psikoloji”, II. International World od Turks Symposium of Social Sciences, IFWT (20-22.04.2018), Skopje.
13. “The Place and Importance od Intercultural Education in Macedonian Education System”, 3rd International conference on social sciences and humanities, International Balkan University (IBU-ICSSH 2018), (4-6.05.2018), Skopje.
14. “Makedonya ve Çokkültürlüğün Önemi”, 23 Uluslararası Hıdırellez Bahar Şenlikleri Sempozyumu, (06-08.05.2018), Üsküp.
15. “Didactic Recommendations For Native Language Teaching Contents” 6th International Scientific Conferance, Contemporary education condtition, challenges and perspectives, Goce Delcev University-Stip Faculty of Educational Sciences, (11-12.05.2018), Goce Delcev University, Stip.
16. “Efect of Environmental Psychology on Society” 7th Climate Change, Economic Development, Environment and People Conference, (05-07.09.2018), International Vision University, Ohrid.

Д-р Осман Емин има објавено вкупно 16 (шестнаесет) научни трудови од турколошката област, од кои 10 (десет) научни труда во меѓународни научни списанија и 6 (шест) труда во зборници од научни собири.

Трудови во научни/стручни списанија:

1. “Eğitim, Eğitim Kurumları ve Ailenin Önemi” HİKMET-Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, sayı 21, 2013/1, s.134-147, Gostivar.
2. “Oyunun Çocuk Gelişimine Etkisi” HİKMET-Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, sayı 22, 2013/2, s.134-145, Gostivar.
3. “Efective Learning, Efficient Use of Cognitive Compensation” HİKMET Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, sayı 23, 2014/1, s.168-185, Gostivar.
4. “İkinci Dünya Savaşından Sonra Makedonyada Türkçe Eğitimin ve Türkçe Dersin Gelişimi” HİKMET-Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, sayı 24, 2014/2, s.114-129, Gostivar.
5. “Oyunun Çocuk Psikolojisi ve Gelişimi Üzerine Etkileri” HİKMET-Uluslararası Hakemli ilmi Araştırma Dergisi, sayı 28, 2016/2, s.86-97, Gostivar.
6. “İkinci Dünya Savaşından Sonra Makedonya'da Türkçe Eğitimin ve Türkçe Dersin Gelişimi”, Halk Kültür Araştırmaları Kurumu Yayını 20, 2015, s.319-332, Ankara.
7. “Makedonya'da Türkçe Eğitimimin Gelişimi ve Yeni Eğilim Olarak Okullarda Psikolojik Danışmanlık ve Rehberliğin Yaygınlaşması” Bal-Tam Türklük Bilgisi 23, 2015, s.263-280, Prizren.
8. “Geleneksel Çocuk Oyunlarının Çocuklar Üzerindeki Psikolojik Etkisi” Halk Kültür Araştırmaları Kurumu Yayını 21, 2016, s.128-137, Ankara.
9. “Turkish Mother Language in the Republic Macedonia” in KNOWLEDGE International Journal Vol. 20.6, 2017, s.2883-2891, Bansko, Bulgaria.
10. “The Role of Emotioal Intelligence Sufficiency in Educationa” HİKMET-Uluslararası Hakemli İlmi Araştırma Dergisi, sayı 29, 2017/1, s.92-105, Gostivar.

Трудови во зборници од научни собири:

1. “Makedonya Çalışma Yaşamında Çalışma Psıkolojisi ve Motivasyonun Önemi” 2nd International Congress on Economics and Business, 2016, s.1484-1492, Sarajevo.
2. “Yeni Eğilim Olarak Entegre Eğitimin Çocuk Psikolojisine Etkisi-Makedonya Örneği”, Mecas II, 2017, s.485-498, Social and cultural integration in Balkans, Ohrid.
3. “Didactic Instructions for programming the content for mother language as a subject in the Republic of Macedonia”, International scientific conference, 2017, s.1185-1192, Vrnjacka Banja.
4. “Industrial Psychology And Psychological Problems Of Today's Working Life – Macedonian Example”, 3rd International Gongress on Economics And Business ,,New Economic Trends and Business Opportunities-2017, s.10-18, Novi Sad, Serbia.
5. “Makedonya Türk Çocuk Edebiyat Kahramanı Orhan'ın Çocuk Psikolojisine Etkisi” 22.Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu Tebliğler Kitabı, 2017, s. 11-121, Ankara.
6. ,,Didactic Recommendations For Native Language Teaching Contents,, 6th International Scientific Conferance-Proceeding Book, 2018, s.42-58, Goce Delcev University-Stip .

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Кандидатот д-р Осман Емин во моментов е директор во Основното училиште „Тефејјуз“ во Скопје. Покрај обврските во училиштето и наставата на факултет, тој се појавува како автор на 8 (осум) учебници по предметот Турски јазик (мајчин јазик) за 9-годишните основни училишта со турски наставен јазик, од кои во 3 (три) како самостоен автор и уште во 5 (пет) како коавтор.

Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Осман Емин.

Тој веќе седум академски години е ангажиран како стручњак од практиката на Катедрата за турски јазик и книжевност и е добро прифатен и од страна на наставниот кадар и од страна на студентите на Катедрата. Сето тоа го прави идеален кандидат за местото на кое конкурира.

Кандидатот д-р Осман Емин поднесе обемна документација и долг список на активности, но поради ограничените можности за рецензирање дадени во Правилникот за избор во звања, Рецензентската комисија не можеше сè да оцени. Покрај тоа, како што може да се види и од Образецот кон овој Извештај, кандидатот има доволно квалитети за избор во звањето во кое се предлага.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот до денес, Комисијата заклучи дека д-р Осман Емин поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по предметите: *Методика на наставата по турски јазик 1 и 2, Методика на наставата по турска книжевност 1 и 2* и *Турска книжевност за деца*.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Осман Емин да биде избран во звањето **доцент** по предметите: *Методика на наставата по турски јазик 1 и 2, Методика на наставата по турска книжевност 1 и 2* и *Турска книжевност за деца*.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**1. Д-р Октај Ахмед, редовен професор, с.р.**

**2. Д-р Назим Ибрахим, редовен професор, с.р.**

**3. Д-р Гордана Алексова, доцент, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ**

